


ПРИРАЧНИК ЗА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ТРГОВИЈА СО ДЕЦА



Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

EU with YOU

П Р И Р А Ч Н И К
ЗА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ТРГОВИЈА СО ДЕЦА

(Прирачник за обука за Полициската академија при Министерството за внатрешни работи)

Автор: Љупчо Маркудов

август 2026, Скопје

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија и на Советот на Европа. Нејзината содржина е единствена одговорност на авторот(ите). Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската Унија или на Советот на Европа.

Дозволена е репродукција на извадоци (до 500 збора), освен за комерцијални цели сè додека интегритетот на текстот е сочуван, извадокот не се користи вон контекст, не се даваат нецелосни информации или генерално не се наведува читателот во погрешен правец во однос на природата, опсегот или содржината на текстот. Секогаш мора да се наведе изворниот текст на следниов начин, © Советот на Европа, година на издавање. Сите други барања во врска со репродукцијата/преводот на целиот или делови од документот, треба да се достават до Оддел за публикации и визуелен идентитет, Совет на Европа (F-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).

Целата друга кореспонденција во врска со оваа публикација треба да се упати на Одделот за публикации и визуелен идентитет, Avenue del'Europe F-67075 Strasbourg Cedex, France, Tel. +33 (0)3 88 41 20 00; E-mail: Horizontal.Facility@coe.int
© Совет на Европа, август 2026. Сите права се задржани. Правата на користење ги има Европската Унија под одредени услови.
Слика на корица: Canva

Оваа публикација е произведена во соработка со Полициската академија при Министерството за Внатрешни Работи.

ПРЕДГОВОР

Овој прирачник е подготвен во рамки на проектот „Зајакнување на активностите против трговијата со луѓе во Северна Македонија“ на Хоризонталниот инструмент за Западен Балкан и Турција на Европската Унија и Советот на Европа.

Искрена благодарност до регионалниот проект "Поддршка од ЕУ за зајакнување на борбата против криумчарење мигранти и трговија со луѓе во Западен Балкан" (EU4FAST) за пружената поддршка при подготовката на Прирачникот.

Прирачникот е изготвен во периодот од март до јули 2026 година од страна на локален консултант, во соработка со: претставници од Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, Полициската академија при Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, полициски службеници од Единицата за сузбивање на трговија со луѓе и криумчарење на мигранти, полициски службеници од Одделот за гранични работи и миграција при Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија (МВР), јавни обвинители од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и од Основното јавно обвинителство Скопје, судии од Основен кривичен суд Скопје, претставници од Министерството за социјална политика, демографија и млади, од Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на град Скопје, граѓанските организации „Македонско здружение на млади правници“ и „Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе - Отворена порта /Ла Страда“, ГИЗ, СИЛК и проектот за зајакнување на активностите против трговија со луѓе во Северна Македонија.

Прирачникот има за цел да биде „унифицирана алатка“, чија содржина ќе се користи од страна на вработените лица - обучувачи и демонстратори во Полициската академија за полициски службеници при МВР, за подготовка и реализација на наставната програма во делот на обуката која се однесува на трговија со луѓе и деца.

Горенаведеното е во насока на реализирање на стратешките цели на државата во однос на јакнење на капацитетите на институциите (во овој случај на МВР) во борбата против организираниот и сериозен криминал во чии рамки спаѓа и трговијата со луѓе, односно трговијата со деца. Истото има за цел, збогатување на знаењата и вештините на активните полициски службеници при МВР, за да можат истите да препознаат, да заштитат и упатат претпоставени жртви на трговија со луѓе и трговија со деца, при што при нивното постапување секогаш во фокус ќе го имаат почитувањето и заштита на правата на жртвите, при тоа посветувајќи должно внимание на потребите на жртвите и на заштитата на нивниот психо - физички интегритет.

Притоа, во постапувањето со жртвите, полициските службеници треба да обезбедат заштита на нивното достоинство, безбедност, приватност и психофизички интегритет, да избегнуваат секундарна виктимизација и да постапуваат во согласност со индивидуалните потреби и најдобрите интереси на секоја жртва.

Истовремено, Прирачникот ја нагласува важноста на мултидисциплинарната соработка и координираното постапување на сите релевантни институции и организации вклучени во системот за идентификација, заштита, поддршка и реинтеграција на жртвите.

Од авторот, Љупчо Маркудов

СОДРЖИНА

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ 8

1. **РАБОТНИ ДЕФИНИЦИИ И ТЕРМИНОЛОГИЈА** 10

2. **ОСНОВНА ОБУКА ЗА ПС** 14
2.1 Вовед за Трговија со луѓе и фактори за појава на ова КД 14
2.2 Предрасуди поврзани со трговијата со луѓе 19
2.3 Дефиниции за ТЛ и КМ и елементи на КД ТЛ и КД КМ 25
2.4 Разлики помеѓу ТЛ и КМ 30
2.5 Фази на ТЛ 35
2.6 Сродни КД со КД ТЛ 43
2.7 Индикатори за идентификација на жртви на ТЛ и ТД 51
2.8 Пристап заснован кон правата на жртвата 61
2.9 СОПи за постапување со жртви на ТЛ (Основно запознавање со СОПи) 67

3. **КОНТИНУИРАНА ОБУКА НА ПС** 81
3.1 Првична идентификација на ПЖТЛ 81
3.2 Заштита, упатување и поддршка на ПЖТЛ 90
3.3 Интервју со ПЖТЛ (форензичко интервју, користење на „PEACE“ модел) 94
3.4 Формална идентификација на ЖТЛ 107
3.5 Истраги, докази, улогата на ЈО и судија на претходна постапка и кривична постапка 110
А. Истраги 111
Б. Докази 122
В. Предистражна и истражна постапка 129
Г. Кривична постапка / главна расправа 136

4. **БИБЛИОГРАФИЈА** 139

5. **АНЕКСИ** 140
Анекс 1 140
Анекс 2 142
Анекс 3 144
Анекс 4 145
Анекс 5 145

Анекс 6 146
Анекс 7 147
Анекс 8 147
Анекс 9 148
Анекс 10 149
Анекс 11 149
Анекс 12 150
Анекс 13 151
Анекс 14 152
Анекс 15 152
Анекс 16 162
Анекс 17 164
Анекс 18 170
Анекс 19 172
Анекс 20 173
Анекс 21 174
Анекс 22 176

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

ВПН (VPN) - Виртуелна приватна мрежа (Virtual Private Network)
ГП - Граничен премин
ДИТ - Државен инспекторат за труд
Д/Г - Државна граница
ДКП - Дипломатско-конзуларно претставништво
ЕТЛКМ - Единица за трговија со луѓе и криумчарење на мигранти
ЖТЛ - Жртва на трговија со луѓе
ЗГ - Здружение на граѓани
ЗКП - Закон за кривична постапка
ЗР - Здравствени работници
ИКТ - Информатичко - комуникациска технологија
ЈО - Јавен обвинител
КД - Кривично дело
КЗ - Кривичен Законик
КК - Криминалистичка контрола
КМ - Криумчарење на мигранти
КО - Криминалистичка обработка
КП - Кривична пријава
ЛК - Лична карта
МВР - Министерство за внатрешни работи
МЗ - Министерство за здравство
МЗМП - Македонско здружение на млади правници
МО - Меѓународни организации
МОН - Министерство за образование и наука
МОТ - Меѓународна организација на труд
МСПДМ - Министерството за социјална политика, демографија и млади
НЕСКМТЛ - Национална единица за сузбивање на криумчарење на мигранти и трговија со луѓе
МТ - Мобилен тим за идентификација на ранливи категории лица, вклучително и ЖТЛ
НДС - Непридружувани деца странци
НМУ - Национален механизам за упатување
ОГРМ - Оддел за гранични работи и миграции
ОКГ - Организирана криминална група
ОЈО - Основно јавно обвинителство

ОЈО за ГОКК - Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција
ООН - Организација на обединетите нации
ОТ - Оперативен тим
ПЖТЛ - Претпоставена жртва на ТЛ
ПИ - Патна исправа
ПИМ - Посебни истражни мерки
ППП - Презентација во PowerPoint (Power Point Presentation)
ПР - Просветни работници
ПС - Полициски службеници
ПЦС - Прифатен центар за странци
РКЛ - Ранливи категории лица
РЦ за ГР - Регионален центар за гранични работи
СЕЛЕК (SELEC) - Југо - источен центар за полициска соработка (Southeast European Law Enforcement Center)
СОП - Стандардни оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе
СР - Социјален работник
ТЛ - Трговија со луѓе
ТД - Трговија со деца
ТМУ - Транснационален механизам за упатување
ТОК - Транснационален организиран криминал
УФР - Управа за финансиско разузнавање
УО - Угостителски објект
ФП - Финансиска полиција
ЦЖТЛ - Центар за жртви на трговија со луѓе
ЦСР - Центар за социјални работи

1. РАБОТНИ ДЕФИНИЦИИ И ТЕРМИНОЛОГИЈА

Должничко ропство - ставање на лице како залог за отплата на трошок, заем или кредит, во услови кои се манипулативни и неправедни, па лицето е одржувано во состојба на зависност од експлоататорот. Тоа е форма на експлоатација каде жртвата е принудена да работи за да отплати долг, кој најчесто е намерно поставен така што никогаш не може да биде целосно отплатен.

Жртва на трговија со луѓе/деца - подразбира жртва од извршено кривично дело трговија со луѓе/деца од Кривичниот законик.

Жртва на кривично дело - е секое лице што претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите основни права и слободи и права како последица на сторено кривично дело.

Земја на дестинација или транзит или потекло - првата ја означува земјата каде жртвата би сакала или е присилена да отпатува, втората ја/ги означува земјата/ите низ кои што поминува, а третата е земјата на потекло на ЖТЛ.

Дете - се подразбира секое лице кое не наполнило 18 години.

Заштита на сведоци - е збир на мерки што се преземаат за обезбедување на животот, здравјето, слободата, физичкиот интегритет или имотот на сведокот пред, за време на и (или) по завршетокот на кривичната постапка, предвидени во Законот за заштита на сведоци.

Индикатори на трговија со луѓе - претставуваат „индиции“, односно „показатели“, односно „знаци“ што укажуваат на сомнение за постоење трговија со луѓе.

Информирана согласност - е континуирано давање информации за преземање чекори во процесот на помош и заштита од страна на надлежните државни органи, за кои дава согласност жртвата на трговија со луѓе. Информираната согласност на жртвата на трговија со луѓе е клучен предуслов за спроведување на сите активности предвидени во СОП.

Лице под ризик од трговија со луѓе - подразбира лице што се наоѓа во ранлива состојба, кај кое се препознаваат одредени индиректни индикатори што не упатуваат на постоење елементи од дефиницијата за ТЛ, содржат одредени, нецелосни и комбинирани информации што не се доволни лицето да се идентифи-

кува како претпоставена жртва на трговија, но во одредени околности лицето може да биде подложно на врбување и (или) одреден вид експлоатација.

Мобилни тимови - тимови за идентификација и постапување со ранливи категории лица, вклучително и ЖТЛ. Формирани се 2018 година со Меморандум за соработка помеѓу МВР и МСПДМ (во тоа време МТСП - Министерство за труд и социјална политика). Формирани се во 5 града: Скопје, Битола, Гевгелија, Тетово и Куманово. Работат во состав: ПС, СР, претставник на ЗГ или Црвениот Крст на РСМ.

Најдобар интерес на детето - е секоја одлука и секоја постапка што во фокусот ги има правата на детето, како и она што објективно е најдобро решение за детето, имајќи ги предвид ставот и мислењето на детето со оглед на неговата возраст, како и неговиот физички и ментален развој.

Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе - претставува воспоставен систем за соработка помеѓу надлежните институции и организации (МСПДМ, МВР, МЗ, МОН, ДКП, ДИТ, ЗГ, МО и сите други релевантни актери) што дејствуваат на територијата на Република Северна Македонија на полето на превенција, заштита, упатување и идентификација, враќање, ресоцијализација и реинтеграција на жртви на трговија со луѓе. Министерството за социјална политика, демографија и млади - Сектор за еднакви можности е координатор на НМУ.

ОКГ - Според дефиницијата од Конвенцијата на ООН за ТОК, "Организирана криминална група" означува структурирана група од три или повеќе лица, здружени за одреден временски период, кои преземаат активности на извршување на едно или повеќе сериозни злосторства или кривични дела утврдени во согласност со Конвенцијата, со цел да се добие, директно или индиректно, финансиска или друга материјална корист". Притоа, "Структурирана група" ќе значи група која не е случајно формирана за моментално, еднократно извршување на кривичните дела. Структурираната група не мора да има дефинирани улоги за нејзините членови, континуитет на членството или развиена структура/хиерархија. "Сериозно злосторство" од дефиницијата ќе значи однесување кое претставува казниво дело за кое е предвидена казна затвор од најмалку четири години или посериозна казна, и кога делото е од транснационална природа и вклучува организирана криминална група.

Оперативен тим - (целосен назив: Оперативен тим за координација, следење и управување со случаи на трговија со луѓе, формална идентификација на жртвите и нивен статус) е тело што работи во составот од четворица членови, и тоа по еден претставник од НЕСКМТЛ, ОЈО ГОКК, НМУ при МСПДМ и ЗГ. Основна задача на ОТ е да изврши формално идентификување на жртва на ТЛ за која, според претходно прибавените информации, а во контекст на индикаторите за идентификација, се претпоставува дека е жртва на трговија со луѓе или трговија со дете и да ги коорди-

нира и следи случаите на жртвите на трговија со луѓе и трговија со дете, чијашто формална идентификација е извршена од страна на Оперативниот тим.

Првична идентификација на жртва на ТЛ / ТД - претставува рана, иницијална проценка со цел да се препознае лице кое покажува индикатори дека може да биде жртва, пред да се спроведе формалната постапка за признавање на статус. Таа е насочена кон навремено откривање, заштита и упатување на претпоставените жртви.

Претпоставена жртва на трговија со луѓе/дете - подразбира лице кај кое постојат директни индикатори што упатуваат на постоење елементи од кривичното дело за ТЛ/ТД, но формалната идентификација сè уште не е завршена или лицето одбива да биде идентификувано како жртва.

Принудна работа - Според Конвенцијата на МОТ за принудна работа (1930), терминот „принудна или задолжителна работа" значи „секоја работа или услуга што се бара од кое било лице под закана од казна и за која наведеното лице не се понудило доброволно".

Помош и заштита - подразбираат збир на мерки, програми и услуги чија цел е рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција на жртвите во средината согласно националните прописи и меѓународните стандарди. Мерките може да бидат понудени од државни институции, ЗГ или МО во земјите на дестинација, транзит и потекло.

Ранливи категории лица - Ранливите категории лица ги вклучуваат групите граѓани кои се социјално, економски или здравствено загрозени и имаат потреба од посебна поддршка за нивна инклузија и зголемување на квалитетот на животот. Примери на ранливи категории во Северна Македонија:
1. Невработени лица и корисници на социјална помош - особено оние кои примаат гарантирана минимална помош, долгорочно невработените и младите до 29 години; 2. Лица со попреченост - опфаќа лица со телесни, ментални или други попречености, со хронични заболувања, како и лица со функционални ограничувања; 3. Самохрани родители и ранливи семејства - особено оние кои се корисници на гарантирана минимална помош и имаат ограничени приходи; 4. Стари и изнемоштени лица - кои имаат потреба од здравствена и социјална грижа;5. Ромска популација и други етнички заедници под социјален ризик - кои се соочуваат со одредени бариери во образованието, вработувањето и пристапот до услуги; 6. Лица со ниски образовни вештини или без некакви квалификации - невработени лица, лица без соодветно образование или, лица без професионални вештини. 7. Други социјално загрозени групи - на пример, нарко зависници, сексуални работници, лица без родители или родителска грижа.

Ропство - Според Член 1 од Конвенцијата за ропство (1926) „Ропството е статус или состојба на лице врз кое се вршат некои или сите овластувања што се однесуваат на правото на сопственост".

Слугување - Според член 1-б од Дополнителната конвенција за укинување на ропството, трговијата со робови и институциите и практиките слични на ропството (1956), слугувањето значи „состојба или статус на лице кое е по закон, обичај или договор обврзано да живее и работи на земјиште што му припаѓа на друго лице и да му пружа одредени услуги на тоа друго лице, без разлика дали за награда или не, а притоа не е слободно да го промени својот статус".

Упатување - е постапка со која (П)ЖТЛ се упатува / препраќа до надлежна институција, односно до давател на услуга за понатамошно постапување во согласност со СОП.

Формална идентификација - е постапка во која членовите на Оперативниот тим, врз основа на расположливите факти и информации добиени од надлежните субјекти, (а кои се однесуваат на: активностите и средствата што се преземани од страна на сторителот, односно сторителите кон жртвата со цел нејзина експлоатација, присутните индикатори, спроведеното интервју, како и други оперативни активности), донесуваат одлука за утврдување статус на жртва на кривичното дело „Трговија со луѓе/дете".

Центар за лица жртви на трговија со луѓе - е објект во кој се обезбедува привремено сместување на претпоставени и идентификувани жртви на трговија со луѓе, кој е во надлежност на МСПДМ согласно Законот за социјална заштита.

2. ОСНОВНА ОБУКА ЗА ПС

Темите кои се обработуваат во делот на основната обука на ПС од областа на трговијата со луѓе и трговијата со деца, се конципирани на начин кој треба да придонесе за исполнување на основната цел, а тоа е - ПС слушатели да се стекнат со основни знаења во однос на: феноменот на ТЛ и ТД; дефинициите, фазите и елементите на КД ТЛ и ТД; знаења за тоа што овие КД ги прави различни од КД КМ; знаења за негативните влијанија на одредени стереотипи врз правилното препознавање на одредени форми на ТЛ/ТД, на идентификацијата на ПЖТЛ, а со тоа и на самото постапување на ПС и знаења и вештини како да постапат во случај на сомнение за ТЛ/ТД, кого да контактираат и како СОП - от и индикаторите правилно да ги применат.

2.1 Вовед за Трговија со луѓе и фактори за појава на ова КД

А) Општа цел на учењето:

- Слушателите да се запознаат со феноменот на ТЛ
- Слушателите да се запознаат со факторите на поттикнување, односно факторите на привлекување кои влијаат на појавата на ТЛ

Б) Резултати кои се очекуваат:

- Слушателите имаат знаење за феноменот на ТЛ
- Слушателите можат да ги наведат факторите на поттикнување, односно факторите на привлекување кои влијаат за појавата на ТЛ

В) Целна група:

- ПС кои посетуваат основна обука

Г) Претходни знаења:

- Претходни знаења не се потребни

Д) Време потребно за презентирање на содржината:

- Времето потребно за презентирање на содржината се два училишни часа (90 мин.)

Ѓ) Начин на презентација на содржината:

- Дидактички со користење на ППП (Power Point Presentation)

Е) Начин на проверка на знаењето

- Дискусија во однос на презентираната содржина. Слушателите дискутираат како тие ја разбираат ТЛ, со давање на конкретни примери за факторите на поттикнување и факторите на привлекување (на пример: „Како тие ја разбираат неможноста за задоволување на основните животни потреби како фактор на поттикнување“).

СОДРЖИНА:

Трговијата со луѓе (ТЛ) претставува современ феномен чија динамика е во постојан пораст заради долготрајните, но и ново настанатите вооружени конфликти, како и длабоките општествени и економски проблеми во бројни држави во светот, надополнето со предизвиците кои ги носат климатските промени. Ранливоста на лицата кои мигрираат и/или бараат азил претставува плодна почва врз која сторителите на овој вид на транснационален организиран криминал дејствуваат и ја злоупотребуваат.

Овој современ меѓународен феномен, со бројните негативни последици кои ги создава во глобалните државно - општествени и светски трендови, веќе подолго време го окупира вниманието на домашната и меѓународната јавност.
Мисијата на властите во секоја држава е да ги вложат сите напори со цел да обезбедат превенирање и санкционирање на оваа појава, истовремено остварувајќи сигурност и безбедност на граѓаните. Затоа, јакнењето на институционалните капацитети на секоја држава при справување со оваа појава е приоритет, кој придонесува и кон поефикасен меѓународен одговор на ваквиот транснационален организиран криминал.

Комплексноста на КД ТЛ наложува мултидисциплинарен пристап во кој постои потреба да се вклучат сите релевантни чинители во секоја држава и солидно да се подготват за институционален одговор на состојбите.

ТЛ претставува еден од најтешките облици на кршење на човековите права. Таа со своите форми (видови) на експлоатација на луѓето претставува едно од најтешките видови на злосторства на денешницата. Трговците преку разните начини на врбување и контрола на ЖТЛ, ги експлоатираат жртвите, а притоа ги третираат истите како роба, како лична сопственост или како средство преку кое остваруваат за себе одредена парична, материјална или друга корист или бенефиција, додека во исто време жртвите живеат во состојба на постојан страв и принуда. На жртвите на ТЛ им се одземаат најголем дел од човековите права и слободи и тие де факто немаат слобода на избор, односно немаат контрола над својот живот.

ТЛ е глобален проблем, кој претставува ризик за безбедноста, здравјето, сигурноста и моралот и остава тешки последици врз жртвата во текот на целиот живот. ТЛ е високо профитабилен организиран криминал, кој ги обединува сите облици на физичко, психолошко, интелектуално, материјално искористување и родово-базирано насилство и е еден од најдоходовните криминални бизниси. Се проценува дека трговците на годишно ниво заработуваат над 150 милијарди долари, од кои над 100 милијарди долари се слеваат преку сексуалната експлоатација на ЖТЛ. Со оглед на тоа дека се работи за поливалентен криминал, на погоре наведеното треба да се додаде и фактот дека овој вид на криминал е тесно поврзан и со организираниот криминал на трговијата со дрога и оружје, што само по себе значи

зголемување на општествената опасност од истиот. Исто така, позната е поврзаноста на овие криминални активности со криминалот на перење на пари, што е сосема логично од причина што нелегално стекнатите парични средства треба да се „легализираат" за да може слободно да флуктуираат на пазарот. Поврзано со ова се и пресметките помеѓу ривалските банди за „територија". И на крај, но не помалку важно, е да напоменеме дека за непречено да „функционира" овој вид на организиран криминал, организаторите на ОКГ, кои располагаат со огромни парични средства, преземаат коруптивни активности кон претставниците на државните институции и носителите на јавна власт, со што комплексноста на самиот феномен станува многу поголема.

Што се однесува до факторите кои влијаат на појавата на ТЛ/ТД, ги има многу и тие варираат во зависност од моментните општествено - економски и социјални услови во одредена земја, како и од глобалните состојби. Овде ќе издвоиме неколку кои се најкарактеристични и кои се со најзначајно влијание за појавата на ТЛ/ТД.

➤ Фактори на поттикнување (се фактори кои постојат во земјата на потекло на ЖТЛ):

- Неповолна економска состојба на лицето (сиромаштија);
- Неразвиена или недоволно развиена економија, што за последица има невработеност и генерално неможност за задоволување на основните животни потреби;
- Желба за подобрување на животниот стандард (подобрување на материјалната состојба, подобро образование, здравство, итн.);
- Дискриминација (полова или родова, етичка, расна, верска);
- Бегство од насилство или злоставување (најчесто во рамките на семејството, но може да биде и пошироко во средината во која живее);
- Живот во дисфункционални семејства;
- Бегство од воени конфликти или политичка нестабилност;
- Климатски промени;
- Развој на ИКТ (користење или злоупотреба).

➤ Фактори на привлекување (се фактори кои постојат во земјата на крајна дестинација на ЖТЛ):

- Подобар стандард / повисок степен на квалитет на живеење;
- Поголеми можности за вработување, поголеми плати, подобри услови за работа;
- Побарувачка на одреден вид на услуги или потреба од одреден вид на работна сила[1];
- Постоење на дијаспора[2];
- Подобар пристап кон квалитетно образование и поквалитетна здравствена заштита;

[1] Анекс1 - Презентирање на случајот „СЕРБАЗ" - дискусија по истиот
[2] Анекс2 - Пример со државјани на Република Северна Македонија во Италија - дискусија

- Поголема лична или безбедност за семејството.

И факторите на поттикнување и факторите на привлекување може да имаат големо влијание над одредени лица во донесувањето на одлуката да мигрираат како од местото на живеење, така и од рамките на државата во која живеат. Самиот факт дека се невработени или дека се изложени на одредена дискриминација или се бегалци од воени конфликти или дека генерално се во потрага по подобри животни услови, во самите миграциски текови, ги прави ранливи и со тоа изложени на опасност од вовлекување во ланецот на ТЛ/ТД и експлоатација.

Кога се работи за барателите на азил, бегалци или мигранти, ранливостите започнуваат уште во земјите на потекло, каде лицата често мораат да ги продадат своите имоти или да позајмат пари за да го започнат патувањето кон земја која за нив значи безбедност. Поради оваа причина, тие често запаѓаат во големи финансиски долгови за да ги покријат трошоците за патување. Се смета дека мигрантите, барателите на азил или бегалците кои бегаат од ситуации на конфликт и граѓански немири се изложени на долготрајни услови на несигурност, нестабилност, социјална изолација и очај, што ги прави ранливи на трговија со луѓе. Раселените лица (странци и домашни), кои располагаат со многу ограничени ресурси, се поподготвени да преземат ризици за да заработат било какви средства за преживување и обезбедување за своите семејства. Ова често ги тера луѓето во сиромаштија и очај да прибегнат кон негативни и штетни механизми на справување, кои ги изложуваат нив, а особено нивните деца, на висок ризик од злоупотреба. Трговците со луѓе профитираат од нивната ранливост, како и од честопати, безнадежните ситуации во кои се наоѓаат посебно мигрантите. Тие ги мамат потенцијалните жртви со понуди за подобра работа, подобри услови за живеење, па дури и добивање меѓународна заштита во Европа, наплатувајќи високи такси за планирање и организирање на нивното патување, со што мигрантите најчесто запаѓаат во т.н. „должничко ропство".

Но, и развојот на ИКТ во поново време е еден од ризик факторите за појава на ТЛ особено ТД. Се повеќе млади лица, особено деца, имаат лесен пристап до интернет и до одредени апликации и социјални мрежи. Нивната искрена желба за комуницирање со други лица - врсници и остварување на нови пријателства, кои не би можеле поинаку да се остварат, пред сè заради просторната оддалеченост, се искористува од страна на т.н. „предатори" кои ја злоупотребуваат ИКТ за да ги намамат децата (кои се всушност најчеста мета на овие предатори), но и возрасните лица. Тие ги мамат жртвите, користејќи лажни профили и фотографии и претставувајќи се како нивни врсници. Преку континуирана комуникација ја стекнуваат довербата на лицето "таргет" од кого потоа се бараат размена на фотографии, која станува размена на сè „послободни" фотографии. Потоа, настапуваат уцените и заканите дека тие фотографии ќе бидат прикажани на нивните родители, пријатели, соученици. Следуваат нови барања преку видео кому-

никации, каде што од лицата - жртви, се бара да се ослободат од својата облека и да извршуваат одредени активности од сексуален карактер. Најчесто жртвите, уценети и заплашени од заканите, се покоруваат на овие барања, а предаторите ваквата видео содржина ја користат за задоволување на своите настрани потреби или за размена со други предатори или едноставно ја прикачуваат на одредени сајтови од кои за секој преглед остваруваат нелегален профит.

Зошто ова функционира?

Кога станува збор за децата - жртви, тоа е заради фактот дека децата се најранлива категорија лица. А најранлива категорија се заради: нивната возраст; психофизичката состојба; затоа што имаат целосна доверба во возрасните и зависни се од нив; немаат животно искуство и наивни се; немаат развиено способност и вештини за препознавање на ризични фактори за својата безбедност. Кога се работи за НДС, децата се плашат дали ќе се обединат со семејството, се плашат од самотија во непозната земја / регион во кој се наоѓаат, а немаат средства за живот. Одредени карактеристични животни ситуации дополнително ја зголемуваат ранливоста на децата и се ризичен предуслов да станат ЖТЛ како што се: семејно насилство, присутен порок, дисфункционалност на семејства, исклученост од образование, итн.

Од друга страна функционира заради релативно големата безбедност која ја имаат предаторите во однос на откривање на нивниот идентитет од страна на органите на прогонот: креирање на лажни профили, користење на ВПН (VPN) адреси, користење на т.н. „Темна мрежа“ (Dark Web), плаќања кои се вршат во крипто валути и сл.

Што е ВПН? ВПН ја крие вашата ИП (IP) адреса така што дозволува мрежата да се пренасочи преку специјално конфигуриран далечински сервер управуван од ВПН домаќин. Ова значи дека ако пребарувате онлајн со ВПН, ВПН серверот станува извор на вашите податоци. Ова значи дека вашиот давател на интернет услуги (Internet Service Provider) и другите т.н. трети страни, не можат да видат кои веб-страници ги посетувате или какви податоци испраќате и примате онлајн. ВПН работи како филтер што ги претвора сите ваши податоци во некорисни знаци. Дури и ако некој дојде до вашите податоци, тие би биле бескорисни.

Темната мрежа е содржината на „Светската мрежа“ (World Wide Web - w.w.w.) што постои на преклопни мрежи кои го користат интернетот, но бараат специфичен софтвер, конфигурации или овластување за пристап. Преку темната мрежа, субјектите преку нивните приватни компјутерски мрежи можат да комуницираат анонимно без да откриваат информации што го идентификуваат корисникот, како што е локацијата на корисникот. Темната мрежа претставува мал дел од длабокиот веб, делот од мрежата што не е индексиран од веб-преба-

рувачите. Комерцијалните пазари на темната мрежа посредуваат во трансакции за нелегална стока и обично користат крипто валути како начин на плаќање.

2.2 Предрасуди поврзани со трговијата со луѓе

А) Општа цел на учењето:
- Слушателите да се запознаат со одредени предрасуди кои постојат, а кои се поврзани со феноменот на ТЛ,

Б) Резултати кои се очекуваат:
- Слушателите имаат знаење за предрасудите поврзани со феноменот на ТЛ
- Слушателите се свесни за предрасудите, за нивното негативно влијание и истите ги надминуваат во вршењето на нивните службени должности

В) Целна група:
- ПС кои посетуваат основна обука

Г) Претходни знаења:
- Претходни знаења не се потребни

Д) Време потребно за презентирање на содржината:
- Времето потребно за презентирање на содржината е еден училишен час (45 мин.)

Ѓ) Начин на презентација на содржината:
- Бура на мисли (“Brain storming”) кршење на мразот / “Ice breaking”)
- Дидактички со користење на ППП (Power Point Presentation)

Е) Начин на проверка на знаењата:
- Слушателите да наведат некоја предрасуда и да дискутираат како таа предрасуда (доколку е присутна) негативно би влијаела при евентуалното нивно постапување во случај на ПЖТЛ

СОДРЖИНА:
Зошто е важно да се осврнеме на предрасудите поврзани со ТЛ / ТД? Пред сè за да влијаеме на начинот на кој перципираме одредени појави и настани поврзани со ТЛ /ТД, како и да отстраниме одредени стереотипи поврзани со ТЛ / ТД што би можеле негативно да влијаат на правилното препознавање на одредени форми на ТЛ / ТД, на идентификацијата на ПЖТЛ, а со тоа и на самото постапување на ПС.

Како најчести стереотипи или предрасуди со кои се соочуваме се:

- **Ова е нивна традиција, а не трговија со луѓе или трговија со дете.**

Во пракса, случаи на присилни и детски бракови, питачење или други облици на експлоатација понекогаш погрешно се толкуваат како „традиција“, „обичај“ или „начин на живот“ на одредени заедници.

Ваквиот пристап може да доведе до непрепознавање на жртви на трговија со деца и занемарување на обврската за нивна заштита.

Ниту една традиција, културна практика или обичај не смее да биде оправдување за експлоатација, насилство или повреда на правата на детето.

- **Жртви на трговија со луѓе стануваат само необразовани, наивни и сиромашни девојки.**

Многу е важно да се нагласи дека во одредени околности секој може да стане жртва на трговија со луѓе - жена, маж, дете од сите социјални средини, како од сиромашни, така и од богати семејства. Во реалноста не постои еден профил на жртва, односно карактеристики според кои жртвите може да се подведат под еден профил, иако почесто станува збор за лица од маргинализирана и неразвиена социјално - економска средина. Но, повторно, тоа не значи дека лицата од другите социјално - економски средини не можат да бидат жртви. Иако многу луѓе веруваат и се убедени дека се имуни на влијанието на одредени фактори, па за себе велат: „Јас сум паметен / паметна, не сум наивен / наивна, нема шанси на мене да ми се случи да бидам вовлечен/а во ланецот на експлоатирани жртви на трговија со луѓе“, треба да се запомни дека: *речиси секој може да стане жртва на ТЛ во дадени околности!*

Во секое општество, особено младите луѓе имаат желба за патување. Присутни се и предизвиците за работење и живеење во други земји, остварување на нови познанства, договарање на средби преку интернет, итн. Сите овие желби и амбиции не треба да бидат попречени и треба да бидат поддржани, но многу е важно да се знае дека во овие случаи треба посебно внимание да се посвети на можноста од злоупотреба и да се има во предвид ризикот од ТЛ, па согласно со тоа и да се преземат потребните заштитни мерки. И затоа сите препораки се во насока на тоа дека е важно лицата пред сè да се ИНФОРМИРААТ!

Младите девојки од сите сфери на животот се отворени за понуди за кариера како модели; младите мажи сакаат да откријат нови земји и да стекнат искуство и познанства преку привремена работа во странство; младите машки и женски лица од различни возрасни групи сè повеќе остваруваат познанства преку интернет. Во сите овие ситуации, постои ризик од ТЛ/ТД. Понудите за кариера како модел или за работа во угостителство, градежништвото или други работни места во странство, запознавањата преку интернет и сл., им даваат можност на трговците да ги измамат можните жртви за да можат понатаму да ги вовлечат во ланецот на експлоатација со цел генерирање на сопствен профит.

Искуството со случаи на ТЛ /ТД од 2002 година до денес, покажува дека луѓето кои

регрутираат ЖТЛ најчесто се лица на кои ЖТЛ им веруваат: роднини, познаници, партнери. Затоа, не е точно да се зборува за жртвите *како за наивни луѓе кои верувале во „некои приказни" во кои ние никогаш не би верувале.* Секој од нас природно има доверба во блиски луѓе од нашата околина. Кој од нас не би ја прифатил поканата и понудата на своите роднини, блиски пријатели или партнери за работа или патување во странство и дали би се сомневал во тие луѓе што ги познаваме со години?

- **Жртви на трговија со луѓе може да бидат само странски државјани.**

Трендовите на ТЛ во нашата земја од 2002 година, па некаде до 2009 година, во еден дел беа во правец на оваа предрасуда, кога најчесто млади женски лица државјанки на Р.Русија, Р.Украина, Р.Молдавија, Р.Романија и од соседните земји, беа врбувани по пат на измама, а потоа најчесто во западниот дел од државата беа сексуално експлоатирани, при што врз нив, како начин на контрола, се применуваше груба физичка сила и одземање на нивните ПИ.

Од 2009 година наваму, во нашата земја жртвите се пред сè домашни државјани и тоа што посебно загрижува - голем број од идентификуваните ЖТЛ се деца. Најголемиот број од нив се сексуално и трудово експлоатирани, дел се жртви на присилни бракови и еден дел се жртви кои се присилени на питачење или извршување на „ситен" криминал.

- **Ако лицето знаело што ќе му/ѝ се случи, односно што ќе работи, не може да се смета за жртва.**

Дури и ако некое лице прифати одредена предложена ситуација или прифати да работи под услови кои може да се подведат по „експлоататорски", тоа сепак може да стане жртва на трговија со луѓе, ако понудата што ја прифатил/а значително се разликува од условите со кои реално се соочува во земјата на дестинација или ако е употребено средство (како на пример: измама) што е и најчест случај. (види пример од Анекс 11).

- **Жртвите на трговија со луѓе секогаш се жртви на организирани криминални мрежи.**

Оваа предрасуда може да има своја основа во фактот дека КД на ТЛ / ТД спаѓаат во дела од организиран криминал и заради тоа исклучива надлежност за гонење на сторителите на овие дела имаат ЈО од ОЈО за ГОКК. Но, и покрај оваа реална состојба, во пракса има бројни примери каде сторители на КД ТЛ / ТД биле поединци (блиски пријатели, или роднини на жртвите) или поединци кои претходно немале никаков контакт, па дури и воопшто не се познавале со жртвата. (Види Анекс 15, случај број 3).

- **Жртвите на трговија со луѓе се заклучени во соба и не можат да излезат под закана од насилство. Ако некое лице има слобода да излезе надвор, тогаш тоа не е жртва на трговија со луѓе.**

Трговците со луѓе остваруваат контрола над жртвите користејќи најразлични средства и методи. Во овој контекст, насилството и ограничувањето на слободата не се единственото средство. Трговците често злоупотребуваат одредена положба на жртвата (како на пр. непознавање на јазикот, недостаток на пари, непознавање на лице кон кое може да се обрати во странска земја), страв од закана или одмазда (против себе или членови на своето семејство), други видови закани (на пр. закана дека семејството и пријателите ќе дознаат дека жртвата се занимава со проституција), должничко ропство, одземање на личните документи и сл. и сето тоа со цел за да се осигураат дека жртвата ќе остане во синџирот на трговија со луѓе, иако гледано од страна се чини дека истата има слобода да си замине. Трговците со луѓе често ги „навлекуваат" своите жртви на разни видови на психотропни супстанции (дроги), создавајќи со тоа кај нив зависност, што потоа ја користат за да имаат целосна контролира над нив.

Во однос на должничко ропство како метод на контрола над жртвата, на жртвата ѝ се презентираат трошоците што ги направил трговецот за да ја превезе, односно пренесе во земјата на дестинација, кои секако се зголемени и за износот на каматата и трошоците за живот. Притоа жртвата верува дека штом го плати тој износ може да ја врати својата слобода. Динамиката на намалувањето или зголемувањето на долгот ја контролира самиот трговец, така што, давајќи ѝ надеж на жртвата дека дадената ситуација ќе заврши, таа останува послушна и прави сè што се бара од неа, иако реално, заради начинот на пресметување на долгот, жртвата никогаш нема вистинска можност целосно да го врати долгот.

- **Ако некое лице прима пари за давање на услуги или за извршување на одредени работи, тогаш тоа не може да биде жртва на трговија со луѓе.**

Износот на пари што жртвата евентуално може да го добие од трговецот со луѓе за извршување на одреден вид на работа, нема големо значење во ситуации кои може да се идентификуваат како ТЛ /ТД, ако се присутни и некои други елементи што укажуваат на експлоатација. Ова е особено важно да се има предвид, од причина што во последните години е забележана промена во модусот операнди на трговците. Во овој контекст, експлоатацијата на ЖТЛ, особено на млади женски лица во УО во западниот дел од државата, подразбира: помалку насилство отколку порано, исплаќање на одреден паричен надоместок и „подобри работни услови". Така, при евентуална полициска контрола во УО и откривање на ПЖТЛ, трговците би се бранеле со тоа дека жртвата била со нив „доброволно", дека редовно „добива плата" и дека има „обезбедено сместување и храна", односно „одлични услови за работа".

Но, во овие и во случаите, каде покрај сексуалната има трудова експлоатација, самите жртви честопати не се свесни дека се жртви или не се препознаваат себеси како жртви. Напротив, се сметаат самите виновни за сè што им се случило, чувствуваат голем срам поради работата што ја вршеле, а во речиси сите случаи и не се ниту информирани за правото дека можат да побараат помош. (Потсетување на случајот „СЕРБАЗ“).

- **Ако некое лице биде вовлечено во синџирот на ТЛ, треба постојано да се обидува да побегне / да се спаси, и тоа треба да го прави сè додека не успее да побегне. Ако не се обидува да се спаси тогаш не е ЖТЛ.**

Често се поставува прашањето зошто жртвата не се обидела да избега од ситуацијата во која се нашла, особено ако се земе предвид дека некои од жртвите на ТЛ често имаат контакт со надворешниот свет и дека има ситуации кои би можеле да ги искористат за да најдат излез од синџирот на трговија со луѓе.

Како што веќе погоре беше споменато, трговците со луѓе користат разни видови на физичко и психичко насилство и закани со цел да го скршат секој отпор на жртвите и да ја отстранат секоја надеж кај нив дека некогаш повторно можат нормално да живеат. По одредено време, заканите и насилството предизвикуваат жртвата да престане да чувствува, да го изгуби своето достоинство и да не се гледа себеси повеќе како личност која има потреби и желби, па без приговор ги исполнува наредбите и барањата точно онака како што трговецот ќе побара. Депресијата и апатијата тогаш стануваат единствениот пат - излез од ужасот во кој се наоѓаат и кој физички и психички го преживуваат. Во таква состојба, жртвите ја губат сета надеж и помирени се со својата судбина и повеќе не размислуваат за можностите за излегување од синџирот на трговија со луѓе.

Покрај тоа, трговците со луѓе често ја менуваат локацијата на своите жртви, што им го отежнува ориентирањето, особено ако жртвата е во друга земја, без документи и не го знае јазикот.

Дополнително, во голем број од случаите присутни се и заканите по живот или телесниот интегритет насочени не само кон нив, туку и кон лица блиски на ЖТЛ, заради кои ЖТЛ често и не помислуваат да избегаат, свесни за евентуалните последици кон нив и кон за нив блиските лица. Има примери од праксата во кои ЖТЛ физички се казнува (со нанесување на удари со тупаници или со разни предмети, при што им се нанесувани тешки телесни повреди или со групни силувања во присуство на други ЖТЛ), што треба да послужи како пример за тоа со што тие ќе се соочат доколку „се дрзнат“ да се спротивстават на некое барање на трговците или доколку се обидат да побегнат. Имало и случаи во кои ЖТЛ најпрво била физички сурово мачена, па потоа и убиена пред очите на други ЖТЛ.

Сите овие методи на трговците, ги прават ЖТЛ покорни.

- **Не се жртви оние кои одбиваат да добијат помош и оние кои одбиваат да соработуваат со полиција.**

Честа предрасуда е дека неприфаќањето на понудената помош и поддршка на жртвите (понудени од страна на полиција, социјални работници или ЗГ), како и одбивањето на соработка со органите на прогонот, да се гледа како признавање на вина или соучесништво на жртвите во нивната експлоатација.

„Штом не сакаат помош - не се жртви“
„Сите жртви сакаат да им се помогне“
„Сите жртви сакаат нивните трговци да бидат казнети“

Оваа предрасуда е погрешна и штетна и може да има негативни последици, доколку е присутна кај субјектите кои имаат надлежност да постапуваат по случаи на ТЛ / ТД. Причините за неприфаќањето на понудена помош веднаш (во моментот кога е понудена) од страна на ПЖТЛ која штотуку е идентификувана како ПЖТЛ, може да бидат многу, но кај сите нив заеднички се: страв кај жртвата од правни последици по неа заради преземање на одредени нелегални активности (кои патем била принудена да ги преземе); непознавање на правата што ги имаат како жртви и најчестата причина кај трудовата експлоатација - срамот и непрепознавањето себе си како жртва на ТЛ. Од друга страна и одбивањето на соработката со органите на прогонот може да биде последица од страв од реваншизам од страна на трговците (кон жртвата, кон нејзиното семејство или кон нејзини блиски лица), од недоверба кон припадниците на полиција или на правосудните органи или од лошо претходно искуство од таква соработка.

Имајќи ги овие причини во предвид, законодавецот согласно меѓународните правни норми, предвидува период на рефлексија и закрепнување, со цел да се даде можност на жртвата да закрепне, да размисли и потоа да одлучи дали ќе прифати помош и дали ќе соработува со органите на прогонот. Кај нас овој период е 2 месеци. (За периодот на рефлексијата и поврзаните теми повеќе понатаму во Прирачникот).

2.3 Дефиниции за ТЛ и КМ и елементи на КД ТЛ и КД КМ

А) Општа цел на учењето:

- Слушателите да се запознаат со постојните меѓународни и со националната дефиниција за ТЛ и КМ
- Слушателите да се запознаат со елементите на КД ТЛ и КД КМ

Б) Резултати кои се очекуваат:

- Слушателите имаат знаење за дефинициите за ТЛ и КМ
- Слушателите ги знаат и можат да ги препознаат елементите на КД ТЛ и КД КМ во конкретен случај и прават јасна дистинкција помеѓу двете КД

В) Целна група:

- ПС кои посетуваат основна обука

Г) Претходни знаења:

- Претходни знаења не се потребни

Д) Време потребно за презентирање на содржината:

- Времето потребно за презентирање на содржината се два училишни часа (90 мин.)

Ѓ) Начин на презентација на содржината:

- Дидактички со користење на ППП (Power Point Presentation)
- Линкови[3][4][5][6][7][8][9]
- Анекс бр. 3 и Анекс бр. 4

Е) Начин на проверка на знаењата:

- Слушателите да ги наведат елементите на КД ТЛ и КД КМ и барем по една активност, средство и цел
- Вежби (кратки вежби на случаи во кои ќе бидат содржани елементите на ТЛ кои слушателите треба да ги препознаат. Може да се избере од вежбите во Анекс).

СОДРЖИНА:

Кога се говори за ТЛ / ТД и за КМ, потребно е да се знаат како дефинициите, така и елементите на КД ТЛ / ТД и КД КМ, како би можеле да се разликуваат овие две КД, пред сè од причини што праксата покажува дека има случаи во кои на прв поглед се чини дека се исполнети елементите на КД КМ, а всушност се работи за КД ТЛ.

Инаку, дефинициите за ТЛ произлегуваат од Конвенцијата на ООН за ТОК (со нејзиниот придружен Протокол за „Превенција, сузбивање и казнување на трговија-

[3] Конвенција на ООН за ТОК со Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца и Протоколот против криумчарење на мигранти по копно, море и воздух (https://www.unodc.org/documents/treaties/UNTOC/Publications/TOC%20Convention/TOCebook-e.pdf)

[4] Конвенција на Совет на Европа за акција против трговијата со луѓе (https://rm.coe.int/CoERMPublicCommonSearchServices/DisplayDCTMContent?documentId=0900001680648992)

[5] Конвенцијата на МОТ за детски труд - Конвенција бр. 138 за минимална возраст

[6] Конвенцијата на МОТ за детски труд - Конвенција бр. 182 за најлошите форми на детски труд

[7] Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба

[8] Директивата 2011/36/EU на Европскиот парламент и на Советот на Европа за превенција и борба против трговијата со луѓе и заштита на жртвите на трговија со луѓе и ревидираната верзија од 2024 Directive - EU - 2024/1712 - EN - EUR-Lex

[9] Европска конвенција за човекови права и слободи

та со луѓе, особено жени и деца“) и „Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе“, според кои:

„ТЛ значи регрутирање, транспорт, трансфер, засолнување или прифаќање на лица, преку закана или употреба на сила или други форми на принуда, киднапирање, измама, злоупотреба на моќ или положба на ранливост или давање или примање плаќања или бенефиции за да се добие согласност од лице кое има контрола врз друго лице, со цел експлоатација. Експлоатацијата вклучува, како минимум, експлоатација по пат на проституција на други, или, други форми на сексуална експлоатација, принудна работа, или услуги, ропство или практики слични на ропство, или отстранување на органи“.

Оваа дефиниција е целосно усвоена (дури и проширена во формите на експлоатација) и е составен дел од нашата национална правна рамка, а е содржана во член 418-а од КЗ на Република Северна Македонија (види анекс 3). Што се однесува до ТД дефиницијата на КД ТД, таа е опфатена во член 418-г од КЗ на Република Северна Македонија (види анекс 6).

Од двете дефиниции јасно произлегува дека и КД ТЛ и КД ТД имаат три конститутивни елементи:

1. **АКТИВНОСТ** - што е сторено
2. **СРЕДСТВО** - како е сторено
3. **ЦЕЛ** - заради што е сторено

(1) Како „**Активности**“ се наведени:

- ✓ **ВРБУВАЊЕ (РЕГРУТИРАЊЕ)**, што подразбира: „Збир на активности кои ги презема трговецот на луѓе во процесот на вовлекување на некое лице во ланецот на трговија со луѓе со цел негова експлоатација“.
  ТРАНСПОРТ, што подразбира: „физичко превезување на лице ЖТЛ од една до друга локација со користење на сите јавно достапни или приватни превозни средства (по копно, преку воздух или вода)“.

- ✓ **ТРАНСФЕР / КУПУВАЊЕ ИЛИ ПРОДАВАЊЕ**, што подразбира: „физичко предавање на ЖТЛ од еден на друг трговец на луѓе со цел експлоатација на ЖТЛ, при што се врши или плаќање на едниот трговец кон другиот (продавање на ЖТЛ како обична роба) или меѓусебна размена на ЖТЛ помеѓу трговците “.

- ✓ **ПРИФАЌАЊЕ**, што подразбира: „примање на ЖТЛ, односно тоа е активност со која жртвата се става под контрола на сторителите и се интегрира во нивната мрежа за експлоатација. Трговецот или член на криминалната група ја „прифаќа“ жртвата како дел од нивната криминална активност, односно ја

става под „своја власт“, со што жртвата станува „ресурс“ за организацијата. Правно гледано, тоа е моментот кога сторителите ја преземаат жртвата заради експлоатација“.

- ✓ **ЗАСОЛНУВАЊЕ**, што подразбира: „сместување или криење на жртвата, со цел истата да се задржи под контрола и да се овозможи понатамошна нејзина непречена експлоатација. Оваа активност опфаќа: 1. *физичко сместување* (жртвата се држи во одреден простор како: стан, куќа, хотел, камп, импровизиран објект и сл., за да биде достапна за експлоатација), 2. *криење од органите на прогонот* (засолнувањето често има за цел да ја сокрие жртвата од полицијата или други служби кои би можеле да ја идентификуваат и заштитат) и 3. *контрола и ограничување на движењето* (жртвата нема слобода да се движи или да контактира со надворешниот свет).

(2) Како „**Средства**“ се наведени:

Употреба на сила и(ли) сериозна закана, доведување во заблуда, примена на други форми на присилба, грабнување, измама, злоупотреба на својата положба или злоупотреба на состојба на ранливост (како: состојбата на бременост, немоќ или физичка или ментална попреченост на жртвата) или давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола над друго лице.

(3) Како „**Цел**“ се наведени:

Експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна бременост, незаконито посвојување или нему сличен однос, питачење или експлоатација заради со закон забранета активност или недопуштено пресадување делови од човековото тело.

За да постои КД ТЛ / ТД потребно е да има барем една активност од наведените, притоа да е користено барем едно средство, а сето тоа да е сторено со цел експлоатација на друго лице. Ова значи дека за постоење на КД потребно е да се присутни сите три елементи. НО, НЕ СЕКОГАШ!!!

Не е нужно потребно да постои третиот елемент - „експлоатација“, односно не мора да дојде до експлоатација на жртвата за да постои КД ТЛ /ТД. Тоа се случаи кога се води проактивна истрага и кога се применуваат посебни истражни мерки преку кои се обезбедуваат докази со кои се докажува намерата за експлоатација на одредено лице, односно кога се докажува дека трговецот презема конкретни мерки и активности во насока одредено лице да биде експлоатирано.

Од друга страна пак, кога станува збор за КД ТД, според меѓународно прифатените

стандарди и норми - ирелевантно е постоењето на „средствата“ како елемент на КД. Односно, кога станува збор за експлоатација на дете, не се бара докажување на постоење на некое од средствата за да биде исполнето битието на КД ТД. И за ТД важи дека доколку се обезбедат докази со кои се докажува намерата за експлоатација на детето, нема неопходност од постоење на третиот елемент, односно во никој случај не смее да се дозволи да дојде до експлоатација на детето.

Согласно Конвенциите и нашата правна рамка - согласноста на жртвата е ирелевантна за постоење на КД ТЛ / ТД.
Никој не може да се откаже од природното право и да се согласи да биде експлоатиран.

Дефиницијата пак на КД КМ, произлегува од Конвенцијата на ООН за ТОК (со нејзиниот придружен Протокол „Против криумчарење на мигранти по копно, море и воздух“).

Според Протоколот КМ означува:

„Овозможување или олеснување, спротивно на позитивните законски норми на држава - членка (членка на ООН), на лице кое не е државјанин на државата-членка или кое нема регуларен престој на територијата на државата-членка, да оствари нелегален влез или излез преку д/г или да оствари престој на територијата на држава -членка, со цел, лицето кое го овозможува истото за себе да оствари материјална или друга финансиска, односно парична корист или бенефиција “.

Протоколот од Палермо ги дава и основните дефиниции за „Нелегален влез“ и за „Лажен патен документ или документ за идентификација“:

- ✓ *„Нелегален влез“* значи преминување на граници без да се исполнат потребните услови за легален влез во државата-примател;

- ✓ *„Лажен патен документ или документ за идентификација“* означува било која патна или лична исправа: (а) Што е лажно изработена или изменета на некој материјален начин од страна на секој друг, освен од страна на лице или агенција законски овластена да ја изработи или издаде патната или личната исправа во име на државата; или (б) Што е неправилно издадена или добиена преку лажно претставување, корупција или принуда или на кој било друг незаконски начин; или (в) Што ја користи лице различно од законскиот носител.

Самото КД КМ нашиот Законодавец го дефинира во член 418-б од КЗ.

Од дефинициите за КМ, евидентно е дека како и кај ТЛ / ТД, така и кај КМ постојат три елементи на КД и за разлика од КД ТЛ /ТД, *за да постои КД КМ услов е сите три елементи кумулативно да постојат:*

(1) ***Остварување на потпомогнат (олеснат) нелегален влез или престој* на територијата на друга држава.**

Притоа, нелегалниот влез може да биде остварен преку т.н. „зелена линија" или на регуларен ГП. Преку т.н. „зелена линија" нелегалниот влез е најчесто заради непоседување на оригинални документи за идентификација или заради поседување на фалсификувани документи (кои може да бидат фалсификувани како образец или во содржината на документот), но нелегалниот влез може да биде остварен и со оригинални документи кога не се поседува потребната виза за влез (доколку таква е потребна).

За нелегалното преминување на д/г преку легален ГП причините се исти како и оние кои се однесуваат за нелегално преминување преку т.н. „зелена линија", со таа разлика што, при нелегалното преминување на д/г на ГП, лицата мигранти најчесто се сокриени во т.н. „бункери" специјално изработени во возилата кои се користат за криумчарење на мигрантите.

Инаку, самиот нелегален, односно незаконски влез е регулиран во член 10 од Законот за странци, во кој член се наведени и исклучоците кога се работи за странец кој е ЖТЛ или за странец кој побарал признавање на право на меѓународна заштита[10].

Незаконскиот престој на територијата на РСМ е дефиниран во член 147 од Законот за странци, во кој исто така се наведени исклучоците кога се работи за странец кој е ЖТЛ или за странец кој побарал признавање на право на меѓународна заштита[11].

(2) **Лицето што го остварува потпомогнатиот (олеснетиот) нелегален премин преку д/г или го остварува потпомогнатиот (олеснетиот) нелегален престој *треба да е странец или лице без државјанство.***

Ова значи дека нема да постои КД КМ доколку лицето кое го остварува нелегалниот премин преку д/г на држава - членка е државјанин на таа држава. Исто така, нема да постои КД КМ и доколку, лицето кое е странец (не е државјанин на државата - членка) остварува НЕФАСИЛИТИРАНО преминување преку д/г, односно САМОСТОЈНО (без олеснување од страна на лице или припадник на ОКГ) нелегално ја преминува д/г на таа држава. Во овој случај би можело да се работи за прекршок (доколку притоа не се вршат и други нелегални активности како на пр.: криумчарење

[10] Анекс 7 - Закон за странци - член 10
[11] Анекс 8 - Закон за странци - член 147

на акцизна или друга со закон забранета стока). Истото, како прекршок е предвидено во член 217 став 1 точка 1 и точка 2 од Законот за странци[12] (Анекс 9). Но, може да претставува и кривично дело од член 402 на КЗ на РСМ[13] (Анекс 10), доколку странецот притоа употреби насилство или биде вооружен.

(3) **Лицето кое го овозможува нелегалниот премин преку д/г или кое го овозможува нелегалниот престој *треба да е мотивирано од остварување лична материјална или друга парична корист или бенефиција.***

Доколку лицето кое го олеснува преминувањето на д/г или го овозможува нелегалниот престој на лице странец НЕ е мотивирано од остварување на лична материјална или парична или друга корист, не може да зборуваме за постоење на КД КМ. Во овој случај би можело да се работи за преземање на одредени подготвителни активности за сторување на некое друго КД на територијата на државата (преку која се врши нелегалниот премин на д/г или се остварува незаконскиот престој) или за извршување на КД на територијата на друга држава.

2.4 Разлики помеѓу ТЛ и КМ

А) Општа цел на учењето:
- Слушателите да се запознаат со клучните разлики помеѓу ТЛ и КМ

Б) Резултати кои се очекуваат:
- Слушателите имаат знаење за клучните разлики помеѓу ТЛ и КМ
- Слушателите со веќе усвоените дефиниции за ТЛ и КМ, како и со елементите на ТЛ и КМ ќе можат лесно да направат дистинкција помеѓу ТЛ и КМ во конкретен случај

В) Целна група:
- ПС кои посетуваат основна обука

Г) Претходни знаења:
- Претходни знаења се потребни во однос на дефинициите и елементите на ТЛ и КМ

Д) Време потребно за презентирање на содржината:
- Времето потребно за презентирање на содржината е еден училишен час (45 мин.)

Ѓ) Начин на презентација на содржината:
- Бура на идеи
- Дидактички со користење на ППП (Power Point Presentation)

Е) Начин на проверка на знаењата
- Слушателите да наведат барем една разлика помеѓу ТЛ и КМ
- Вежби (анализа на случај, објаснување зошто сметаат дека се работи за случај на ТЛ, а не КМ и обратно. Вежби од Анекс)

[12] Анекс 9 - Закон за странци член 217
[13] Анекс 10 -КЗ член 402

СОДРЖИНА:

Во јавноста (во содржините на средствата за јавно информирање, во меѓусебната комуникација помеѓу граѓаните), но не ретко и во комуникацијата или брифирањето помеѓу полициските службеници или помеѓу службениците во одредени министерства или установи, често поимот на КМ се поистоветува со поимот на ТЛ, па се вели на пример: дека е откриена ОКГ која извршувала КД на ТЛ со тоа што пренесувале нелегални мигранти преку д/г, а всушност јасно е дека се работи за откривање на ОКГ која криумчарела мигранти и со тоа сторила КД на КМ.

Во пракса евидентни се одредени ситуации каде: со оглед на локацијата на која се откриени лицата кои нелегално ја преминуваат д/г, со оглед на нивната бројност и сл., на прв поглед сè укажува на класичен случај на КМ. Во овие ситуации, ако не се земат во предвид одредени околности или не се применат одредени индикатори за ТЛ (за истите ќе стане збор понатаму во Прирачникот), може да се дојде до погрешен заклучок дека е откриена група составена исклучиво од лица иррегуларни мигранти, а всушност помеѓу истите да има едно или повеќе лица кои се или ЖТЛ или ПЖТЛ.

Но, и покрај ваквите ситуации сепак постои јасна дистинкција помеѓу ТЛ и КМ и истите никако не треба да се поистоветуваат.

Основните разлики помеѓу ТЛ и КМ пред сè се следните:

(1) **Прекуграничноста**

***Кај КМ**, фасилитираното преминување на д/г Е УСЛОВ за да постои КД КМ. Лицата кои се криумчарат секогаш минуваат преку д/г на некоја држава, чии државјани тие не се.* Притоа, од сите случаи кои се откриени, секогаш криумчарењето се врши од страна на членови на ОКГ, на начин согласно со договорот кои лицата мигранти го имаат постигнато со организаторите на ОКГ.

***Кај ТЛ**, преминувањето на д/г од страна на ЖТЛ НЕ Е УСЛОВ за постоење на КД ТЛ.* ЖТЛ може да бидат предмет на разни видови на експлоатација и во рамките на една држава (тогаш зборуваме за случаи на внатрешна ТЛ). Уште повеќе, жртвите може да бидат експлоатирани и во населеното место во кое живеат (град, село, населба), а со развојот на ИКТ тие не мора ниту да го напуштат својот дом за да бидатвовлечени во ланецот на експлоатација на ЖТЛ (за ова повеќе во делот на врбување на ЖТЛ).

Суштинска разлика кај прекуграничноста е што кај КМ, мигрантите секогаш ја минуваат д/г нелегално, додека кај ТЛ, доколку постои потреба ЖТЛ да се превезува или да се пренесува преку д/г истото може да биде и легално (со оригинални доку-

менти за идентификација на ЖТЛ на легален ГП), а може да бидеи нерегуларно (при што жртвата се криумчари посебно или заедно со група на нелегални мигранти).

(2) **Целта**

Целта е иста и кај КМ и кај ТЛ, а тоа е остварување на нелегален профит, кај КМ за организаторите и членовите на ОКГ, а кај ТЛ за трговецот на луѓе.

Разликата е што ***кај КМ*** целта - остварување на нелегален профит, организаторите и членовите на ОКГ ја постигнуваат *со овозможување на нелегалното преминување* преку д/г или нелегалниот престој на мигрантот (мигрантите), додека ***кај ТЛ*** остварувањето на нелегалниот профит е *преку непосредна експлоатација на ЖТЛ.*

(3) **Согласноста**

Кај ТЛ, жртвата не дава согласност да биде експлоатирана, па дури и да дала согласност, како што погоре веќе е споменато, согласноста на жртвата е ирелевантна за постоење на делото.

Кај КМ, согласноста што ја дава мигрантот за неговото криумчарење е релевантна. Мигрантот што се криумчари дава согласност да биде криумчарен и дава согласност за начинот на неговото криумчарење до земјата на неговата крајна дестинација.

Доколку согласноста не постои и(ли) се утврди намера за експлоатација, тогаш не можеме да зборуваме за КМ, туку за постоење на КД ТЛ.

(4) **Траењето на односот**

Кај КМ односот помеѓу мигрантот кој се криумчари и криумчарот *завршува со „исполнување на договорот“*, односно со пристигнување на мигрантот во земјата на крајна дестинација или по неговото криумчарење до одредена етапа (ако е така договорено). Постои голема разлика помеѓу КМ и ТЛ кога станува збор за траење на односот, *мигрантот во секој момент може самоволно, самоиницијативно да го „раскине договорот“, односно да го прекине односот со криумчарите.*

Кај ТЛ *жртвата не може самоиницијативно да го прекине односот со трговците на луѓе,* односно истата останува во однос на потчинетост со трговците додека трае експлоатацијата. Уште повеќе, ЖТЛ може да биде одново и одново продавана на други трговци со луѓе и да биде предмет на ист или различен вид на експлоатација. Овој однос може да се прекине само доколку ЖТЛ успее да побегне од трговецот, доколку биде откриена и идентификувана од страна на органите на прогонот или во најлошо сценарио - доколку физички престане да постои.

Во досегашната пракса не се случило некој трговец да се смилува на својата жртва и доброволно да ја ослободи. Жртвата е предмет на експлоатација сè додека „му носи“ профит на трговецот со луѓе.

(5) **Иницијатива**

Кога зборуваме за иницијатива ***кај КМ***, иако разни ОКГ на разни начини ги „рекламираат“ своите „услуги“ за криумчарење, сепак самата *иницијатива доаѓа од мигрантот*, од лицето кое сака да биде криумчарено. Лицето кое сака да биде криумчарено самото, доброволно остварува контакт со криумчарите со кои се договара за начинот на неговото криумчарење, цената што треба да ја плати и начинот на плаќање.

Кај ТЛ јасно е дека *иницијативата е од страна на трговците со луѓе*, односно од страна на лица (регрутери) задолжени за регрутирање / врбување на нови жртви. Регрутерот вообичаено не е лицето кое ја експлоатира жртвата (освен во случаите на врбување со користење на ИКТ). Регрутерот е лице кое презема низа на активности со цел вовлекување на одредено лице во ланецот на ТЛ, односно во ланецот на експлоатација, за што добива одреден однапред договорен паричен надомест или бенефиција од трговецот.

(6) **Плаќањето**

Криумчареното лице - мигрант, плаќањето го врши во зависност од договорот кој го има со организаторот на ОКГ или со лицето кое треба да го криумчари. Во овој контекст, плаќањето може да биде:

- Однапред, при што се исплаќа целиот договорен износ за криумчарењето од матичната до земјата на крајна дестинација

- Етапно, при што се исплаќа договорениот износ за криумчарењето кое е реализирано до одредена етапа од движењето до крајната дестинација (пример: од територијата на Турција до територијата на Грција, а крајна дестинација е трета држава). Плаќањето го врши самиот мигрант или друго лице во име на мигрантот.

- По пристигнување на мигрантот во земјата на крајна дестинација. Во последниот случај плаќањето се врши најчесто преку систем наречен „ХАВАЛА“, при што истото се врши од страна на т.н. „ХАВАЛАДАРИ“. Тоа се лица од доверба како на мигрантот, така и на криумчарите. Лицето кое треба да се криумчари го дава договорениот паричен износ на хаваладарот како гаранција дека плаќањето ќе се изврши.

Хаваладарот се обврзува да го исплати договорениот износ веднаш штом од лицето кое се криумчари или од негови роднини добие доказ дека лицето пристигнало во земјата на крајна дестинација. Доказот е најчесто фотографија од криумчареното лице од позната локација од земјата на крајна дестинација, пропратена со ГПС локација. Сите хаваладари се интегрирани во една мрежа на „Хавала“ систем и во врска со плаќањата меѓусебно комуницираат преку лозинки кои всушност се броеви - шифри, при што секоја шифра означува плаќања или обврски за плаќања за одреден мигрант.

Кај ТЛ плаќањето се врши веднаш со преземањето на жртвата. Истото може да биде „на рака“ (во готовина), преку банкарски трансакции или во поново време со користење на крипто-валути и електронски паричници.

(7) **Предметот на заштита**

Последната основна разлика помеѓу КМ и ТЛ е во „предметот“ на заштитата.

Кај КМ примарно предмет на заштита е државата, односно неповредливоста на нејзините граници. Но, КМ не се санкционира исклучиво од оваа причина.

Криумчарењето на мигранти се казнува затоа што претставува сериозен облик на организиран криминал кој ја загрозува безбедноста, го нарушува владеењето на правото и создава хуманитарни ризици за самите мигранти. Тоа е кривично дело регулирано со меѓународни конвенции и национални закони, со цел да се спречи експлоатација и злоупотреба.

Но, да одиме по ред:

1. **Безбедносни причини за казнување на КМ**

Криумчарењето често е поврзано со организирани криминални групи кои користат нелегални патишта и методи. Тоа може да доведе до зголемена закана за националната безбедност, вклучувајќи тероризам и други криминални активности.

2. **Хуманитарни причини за казнување на КМ**

Мигрантите кои се криумчарат често се изложени на загрозувачки услови по нивниот живот: преполни возила, пребрзо возење, опасни рути, недостаток на храна и вода, нехуман транспорт. Криумчарите ги гледаат мигрантите исклучиво како извор на профит, а не како луѓе со права, што доведува до злоупотреба и експлоатација.

3. **Правни причини за казнување на КМ**

Република Северна Македонија, како и многу други држави, ги има ратификувано меѓународните инструменти, вклучително и Конвенцијата на ООН за ТОК со Протоколот „Против криумчарење на мигранти по копно, вода и воздух". Казнувањето е дел од обврските за усогласување со меѓународното право и заштита на човековите права.

4. **Економски и социјални причини за казнување на КМ**

Криумчарењето создава нелегален пазар кој генерира огромни приходи за криминални организации. Тоа ја нарушува правната миграција и создава притисок врз државните институции и општеството.

Последица	Објаснување
Загрозување на животот	Мигрантите често патуваат во опасни услови, со висок ризик од смрт или повреди.
Организиран криминал	Криумчарењето е дел од глобални криминални мрежи кои заработуваат милијарди.
Нарушување на суверенитетот	Државите губат контрола врз границите и миграцијата.
Хуманитарна криза	Мигрантите остануваат без заштита, често жртви на експлоатација.

За разлика од ***КМ*** со предвидување на ***ТЛ*** како казниво дело, предметот на заштита е човекот, неговиот телесен интегритет и неговите основни права и слободи. Причините за санкционирање на овој општествено - штетен феномен веќе беа елаборирани во уводниот дел од овој Прирачник.

2.5 Фази на ТЛ

А) Општа цел на учењето:

- Слушателите да се запознаат со трите фази на ТЛ и зошто се тие важни

Б) Резултати кои се очекуваат:

- Слушателите имаат знаење за фазите на ТЛ
- Слушателите имаат претстава за значењето на секоја од фазите на ТЛ

В) Целна група:
- ПС кои посетуваат основна обука

Г) Претходни знаења:
- Претходни знаења се поврзани со познавање на дефинициите и елементите на ТЛ и КМ

Д) Време потребно за презентирање на содржината:
- Времето потребно за презентирање на содржината се два училишни часа (90 мин.)

Ѓ) Начин на презентација на содржината:
- Дидактички со користење на ППП (Power Point Presentation)
- Приказ на видео содржина

Е) Начин на проверка на знаењата
- Слушателите да наведат една од фазите на ТЛ и што е карактеристично за таа фаза
- Да наведат пример за начини на контрола над ЖТЛ

СОДРЖИНА:
Кога се зборува за ТЛ, неминовно е да се споменат и фазите на ТЛ. Имено, постојат три фази на ТЛ:

1) Фаза на регрутација/врбување

Фазата на регрутација, вообичаено се одвива во земјата на потекло на ЖТЛ, но не е правило. Праксата во нашата држава познава случаи во кои лица – иregуларни мигранти во текот на нивното криумчарење станале жртви на трговија со луѓе на начин што биле сексуално и(ли) трудово експлоатирани од страна на припадници на ОКГ, а има и случај на отстранување на орган од мигрант.

Регрутирање или врбување на жртва е првата и една од најкритичните фази во процесот на трговија со луѓе.

Самото врбување / регрутирање, претставува: „Збир на активности кои ги презема трговецот во процесот на вовлекување на едно лице во ланецот на трговија со луѓе со цел негова експлоатација“. Тоа претставува моментот кога трговците со луѓе воспоставуваат контакт со потенцијалната жртва и ја убедуваат, заведуваат или принудуваат да влезе во ситуација што подоцна ќе доведе до нејзина експлоатација.

Клучни аспекти на фазата на врбување / регрурација се:

(1) <u>Методите на пристап:</u>
Трговците користат различни стратегии, како што се: лажни ветувања за работа, образование, брак, подобар живот, а не ретко се користат и со манипулации преку

семејни и пријателски врски, со злоупотреба на довербата која лицето кое е предмет на врбувањето ја има кон некое за него блиско лице, а во екстремни случаи користат и принуда, односно се применуваат закани, физичка сила, грабнувања или ја злоупотребуваат ранливоста на жртвата (види Ранливи категории лица).

Од тука произлегува дека методите што се користат можат да се движат од:

- Употреба на присилба - при што на лицето физички му се наметнува одредено сторување спротивно на нејзината / неговата волја или се постигнува послушност преку насилни средства како на пример: преку киднапирање, закана и(ли) употреба на сила, итн.;
- Целосно измамничко регрутирање - на лицето му се даваат лажни информации за тоа што го очекува или каков вид на работа ќе извршува откако ќе стигне до крајната дестинација;
- Делумно измамничко регрутирање[14] - лицето е свесно за фактот дека ќе мора да работи во, на пример, нелегални услови, но не и за планираните услови на експлоатација или услови слични на ропство. Во случаи на трговија со органи, лицето е лишено од своите органи без да биде правилно информирано или е намерно погрешно информирано за можните здравствени последици, ризици и трошоци.

(2) Целта:

Основната цел при регрутирањето на ЖТЛ е да се обезбеди контрола врз жртвата на начин што ќе се создаде целосна зависност на жртвата од регрутерот или на начин што целата доверба на жртвата ќе ја здобие регрутерот, со тоа ЖТЛ ќе стане лесна за манипулација, односно лесно подложна на следните фази, а тоа се: транспорт и експлоатација.

Регрутирањето на ЖТЛ суштински е дел од циклусот на трговија со луѓе, бидејќи без оваа почетна фаза не би можело да се воспостави понатамошната експлоатација.

Не постојат локации на кои исклучиво се врши регрутирањето. Лицата кои регрутираат жртви регрутирањето го вршат секаде каде имаат пристап и можност за тоа: на забави, во молови, во училишта или библиотеки, во паркови, во прифатни центри, итн.

Притоа разликуваме:

- Директен / непосреден пристап на регрутерот кон лицето кое е предмет на регрутирањето при што „се пресретнуваат“ одредени потреби на лицето (за работа, за храна, за облека, можеби за медикаменти, позајмици на пари, обез-

[14] Пример со сексуална работничка

бедување на наркотици, алкохол и сл.) или кога се работи за млади женски лица со заведување преку ветувања за романса, брак, семејство, поклонување на луксузни (скапи) предмети (најчесто накит), романтични излети или патувања и сл. Во екстремните случаи се применува сила или закана за употреба на сила (кон лицето или кон лица блиски на лицето кое се регрутира), грабнување или искористување на состојбата на ранливост.

- Индиректен пристап регрутерот применува кога користи лица кон кои лицето кое се регрутира има целосна доверба: родители, блиски роднини или пријатели (кај кои може, но не мора да има намера да се олесни процесот на врбување). Во праксата има бројни случаи кога родителите буквално ги продаваат своите деца кои потоа стануваат предмет на сексуална и(ли) трудова експлоатација. Индиректен е пристапот и кога регрутерот објавува разни огласи (најчесто за вработување или патување во странство) преку печатени или електронски медиуми или преку социјални мрежи.

Во овој контекст неопходно е да се спомене новиот и се поприсутен начин на регрутирање на нови жртви со користење на ИКТ (интернет, социјални мрежи, он лајн игрици, итн.). Во оваа насока, сè поприсутен е т.н. „груминг". Груминг е: „процес во кој возрасна личност создава врска, доверба и емоционална близина со дете или помлада личност, со цел да го манипулира, експлоатира и злоупотреби". Како што веќе споменавме, развојот на ИКТ доведе до ситуации во кои ИКТ се злоупотребува од страна на т.н. „интернет предатори" кои своите жртви ги регрутираат директно од нивните домови, без притоа да остварат непосреден физички контакт.

2) Фаза на транспорт

Тоа е фазата во која жртвата физички се преместува од едно место на друго место на локално, регионално, национално или меѓународно ниво. Самата фаза на транспорт од една во друга држава, може да подразбира и нелегално преминување на граници, користење фалсификувани документи или прикриени патувања, заради што во многу случаи од праксата се препознава како КД на КМ.

За време на транзитот, жртвите може да бидат и препродадени од еден трговец со луѓе на друг, честопати и без жртвите да знаат или да бидат свесни за тоа. Она што е карактеристично, е дека во најголем број на случаи, жртвите во оваа фаза не се свесни за експлоатацијата што ги очекува по пристигнувањето во местото на крајна дестинација, иако има и случаи во кои експлоатацијата на жртвите од страна на трговецот започнува и од оваа фаза, односно додека физички се преместуваат од место на место.

Еден од предизвиците за органите на прогонот во оваа фаза е да се идентификуваат лицата под ризик од ТЛ со цел да спречи експлоатацијата на овие лица. Лицата под

ризик од ТЛ веруваат во ветувањата кои им се дадени, тие веруваат во лицата кои ги придружуваат во текот на патувањето, а најмалку веруваатна полициските службеници кои ги доживуваат како лица кои ќе ги попречат во остварувањето на нивните желби. Затоа, во оваа фаза, дури и да се идентификува ПЖТЛ од страна на полициски службеник или социјален работник или друго лице, ПЖТЛ нема да соработува, зошто не се препознава, не се доживува себеси како жртва или како некој кој ќе биде предмет на експлоатација, на некој на кого ќе му бидат одземени сите права и слободи.

Целите кои лицата инволвирани во процесот на вовлекување на жртвата во ланецот на ТЛ сакаат да ги постигнат во оваа фаза се:

- ✓ правење жртвата да биде достапна на трговецот за експлоатација на истата;
- ✓ физичко одвојување на жртвата од семејството и заедницата за да се намали можноста за бегство; како и
- ✓ да се обезбеди целосна контрола и да се подготви жртвата за експлоатација.

3) Фаза на експлоатација

Во оваа фаза всушност се реализира крајната цел на трговците во процесот на вовлекување на лицата во ланецот на трговијата со луѓе, а тоа е самата експлоатација на жртвите.

Како што веќе споменавме формите на експлоатација на жртвите се:

- **сексуална експлоатација** која во затскриена форма се одвива во салоните за масажа, во барови, бордели, апартмани, во форма на „ескорт - дами за придружба“, и сл.;
- **трудова експлоатација** која кај нас е најзастапена во градежништвото, земјоделството, сточарство, но може да ја има и во прехранбената индустрија, сервисите за чистење и одржување (при што се „ангажирани“ како подизведувачи од страна на фирми кои го имаат добиено тендерот за таков вид на услуги), во текстилната индустрија, во угостителски објекти - барови и ноќни клубови (што е исто така честа појава кај нас), индустрија за забава (како што се разни забавни саеми), во хотели и ресторани и кетеринг бизниси како помошен персонал, во одржување на резиденцијални објекти, во мали приватни фабрики.
- **домашно слугување** е посебен случај на принудна работа. Бидејќи домашните работници работат во приватноста на домот, злоупотребата е обично невидлива и тешко се препознава. Во овој контекст да ги споменеме и т.н. „невести по нарачка“ кои лесно можат да завршат како жртви на домашно слугување.

- **питачење**, каде најчесто предмет на експлоатација се возрасни - стари лица, деца, лица со инвалидитет, мајки со бебиња или трудници. Питачењето е пропратено и со продавање на одредени производи, како: балони, книжни марамчиња, бижутерија и сл. Во поновиот период, злоупотребувајќи го развојот на ИКТ, сè позачестена е појавата на т.н. on-line или „интернет питачење" (е-бегинг). Интернет питачење (или „е-бегинг") претставува барање финансиска помош преку интернет, најчесто преку социјални мрежи, разни форуми или специјализирани веб-страници. Тоа е дигитална верзија на традиционалното питачење, но со поголема анонимност и насоченост кон поширок опфат на лица од кои се бара финансиската помош. Како се одвива интернет питачењето? Најчесто во: ***форма на апел***, лицата - жртви се принудуваат да објавуваат „лични приказни", „проблеми или потреби" (на пр. медицински трошоци, трошоци за школарина, долгови, при што се бараат донации) или ***преку платформи***, -при што најчесто се користат социјалните мрежи: Facebook, Instagram, TikTok, X/Twitter или на разни форуми или специјализирани страници како Cyberbeg.com, каде се поставуваат апели за помош. Се разбира сите средства што ќе пристигнат на посочената сметка се во владение на трговецот со луѓе кој и ја има отворено сметката. Жртвите, кои се наоѓаат затворени во една просторија во која „работат" и живеат, не добиваат ништо од тие средства.
- **присилување на вршење на одредени криминални активности** како џебни или други ситни кражби, трговија со дрога (при што жртвите се или во улога на т.н. „мули" - лица кои ја пренесуваат дрогата или се задолжени за улична продажба), интернет измами (примерот со државјаните на Р. Кина - Тајван[15]) и др.
- **принудни бракови**, како облик на експлоатација најзастапен помеѓу ромската и јуручката популација во Република Северна Македонија, каде женски дечиња на возраст од 12 - 17 години се присилуваат на брак со полнолетни машки лица, кои во некои случаи се од два до три пати постари од децата со кои „стапуваат во брак". Во овие „бракови" децата се сексуално и трудово експлоатирани и принудени да вршат домашни работи кои не се соодветни на нивната возраст, ниту пак на степенот на нивната физичка и интелектуална зрелост. Во многу случаи, овие деца - жртви, спијат во супстандардни услови, а се хранат со она што останува од ручекот или вечерата од членовите на семејството во кое живее како „невеста".
- **присилна фертилизација**, вид на експлоатација на женски лица, која може да биде извршена од разни побуди - почнувајќи од мотивот да се има наследник, преку организирање на „пазар" за продавање на бебиња, па сè до вршење на генетски истражувања и експерименти. Досега не е регистриран таков случај кај нас.
- **незаконито посвојување**, во еден период присутен помеѓу ромската популација од источниот дел на државата. Имено, млади, бремени Ромки, пре-

[15] Интернет измами

ку посредници договараат со државјани на Р. Грција за износ од (во тоа време) 2000 - 3000 € да се породат во Грција. По пораѓањето, кое се врши на приватни клиники, мајката се откажува од детето, а „таткото" кој го плаќа породувањето, го признава детето (бебето) за свое и го зема со себе и понатаму ги обезбедува сите потребни документи за внесување во матичните книги на родени во Грција.

- **Незаконско отстранување на човечки органи или недопуштено пресадување на делови од човеково тело**, познат е еден случај во кој на мигрант пронајден, а потоа и згрижен во ПТЦ Табановце, во Турција, „по предлог" на ОКГ, хируршки му бил отстранет бубрег, со цел истиот на тој начин да го плати договорениот паричен износ на ОКГ за неговото натамошно криумчарење кон земјата на неговата крајна дестинација (Германија).

Од сите наведени, во досегашниот период, сексуалната експлоатација секогаш добивала поголемо внимание, поради фактот што присилувањето на женско лице на проституција само по себе се смета за нешто особено понижувачко, сурово или скандалозно. Принудната работа или трудовата експлоатација, од друга страна, многу потешко се открива, од причина што често пати истата не се препознава како КД на ТЛ, туку едноставно се квалификува како „работа без потребната дозвола" (ако е странец тоа значи дека „го злоупотребил туристичкиот престој") или евентуално како „повреда на одредбите од Законот за работни односи".

Но, без оглед на видот на експлоатацијата, она што е основно е дека жртвата е лишена од слобода и достоинство, а трговците остваруваат профит.

Кога жртвите ќе стигнат до договорената локација, тие стануваат активни средства за трговецот, односно за криминалната организација, бидејќи почнуваат да генерираат профит за своите експлоататори. Од витално значење за трговците е да можат да вршат континуирана контрола врз своите жртви сè додека можат да генерираат профит, а притоа да ги одвратуваат од сите можни обиди за бегство, бунт или барање помош. Методите што се користат за контрола на жртвите вклучуваат:

- ✓ *Обврска за враќање на „долг"* кон трговецот за „трошоците кои ги направил" во однос на жртвата за нејзиниот транспорт, сместување и исхрана;
- ✓ *Закани и(ли) употреба на физичко и(ли) психичко насилство* врз жртвата, семејството на жртвата или нејзини блиски лица;
- ✓ *Затворање* на непознати локации / заклучување во простории (ограничување на слободата на движење);
- ✓ Во некои култури се *применуваат и ритуалните обреди* - преку т.н. „вуду" магии (при што се користи суеверието на жртвата);
- ✓ *Одземање на лични документи* (патната исправа или други документи за

идентификација на жртвата);

- ✓ *Присилување на консумирање на наркотични средства или алкохол* со цел создавање на зависност, заради доведување во состојба на целосна потчинетост;

- ✓ *Спречување на пријателски контакти*, со цел да се оневозможи ЖТЛ да побара помош или информации за личните права (на пример: доколку се работи за странски државјани - право да се побара дозвола за престој, право да се побараат и добијат работни дозволи, итн.);

- ✓ *Постојана промена на локациите* за да се спречи развој на личен контакт меѓу жртвите кои се подолг период заедно, да се спречи одредена контакт или блискост со локалното население, како и да се минимизира можноста од нивно откривање од страна на органите на прогонот;

- ✓ *Лишување од храна или изложување на екстремни услови* (екстремна топлина или студ) како вид на казна за непослушност;

- ✓ *Лишување од сон* (како вид на психичко малтретирање со цел да се сузбие секаква обид за непослушност или обид за бегство, односно да се доведе жртвата во состојба на целосна рамнодушност и чувство на безизлез);

- ✓ *Уцена* (која може да биде извршена помеѓу другото и со прикажување на фото и видео записи со компромитирачка содржина на членови на семејството на жртвата или блиски лица) што повлекува ризик од отфрлање или осудување од страна на нивните семејства заради „срамот кој им е нанесен", како и осуда и стигматизација од страна на околината во која ЖТЛ живеела (стигматизирање како лице со ниски морални вредности);

- ✓ *Ранливост на жртвата во однос на Законот* (жртвите се свесни дека иако под принуда од страна на трговецот, во одредени ситуации и самите преземаат нелегални активности, активности кои би можеле да бидат окарактеризирани како прекршок или одреден вид на кривично дело, сепак, заради непознавање на своите права, не преземаат ништо во правец на пријавување на трговците, што се користи од страна на истите за да ги заплашуваат жртвите дека и тие ќе одговараат ако побараат помош од полиција, што во многу случаи доведува до тоа жртвите да останат пасивни без оглед на тоа на каква експлоатација се изложени).

Оваа околност, на непознавање на своите права, се користи од страна на трговците пред сè затоа што жртвите во фазата на експлоатација немаат можност да бидат информирани за тоа дека нема да бидат подложни на казна за сторено кривично или друго казниво дело додека биле жртви, а кое казниво дело е непосредно по-

положбата на жртва[16].

Во поновиот период трговците користат посовремени методи на остварување на контрола над жртвата преку создавање на впечаток кај жртвата дека не е целосно експлоатирана (на пр. давање делови од приходот што доаѓа од нелегалната активност на експлоатираното лице). Ова е случај со странски државјанки - девојки од соседните земји откриени во УО во западниот дел од државата. Исто така, трговците со луѓе во поново време користат и „помеки мерки" за контрола на своите жртви, повеќе засновани на психолошка зависност отколку на страв. Во овие случаи, не можат лесно да се откријат видливи знаци на насилство и самата идентификација на ПЖТЛ е многу потешка.

2.6 Сродни КД со КД ТЛ

А) Општа цел на учењето:
- Слушателите да се запознаат со КД кои по своето битие се блиски или сродни со КД ТЛ, односно со КД ТД

Б) Резултати кои се очекуваат:
- Слушателите имаат знаење за сродните КД со КД ТЛ / ТД
- Слушателите со сигурност може да препознаат криминална активност која значи исполнување на битието на КД ТЛ, за разлика од нему сродните КД

В) Целна група:
- ПС кои посетуваат основна обука

Г) Претходни знаења:
- Претходни знаења се поврзани со познавање на дефинициите и елементите на ТЛ / ТД

Д) Време потребно за презентирање на содржината:
- Времето потребно за презентирање на содржината е еден училишен час (45 мин.)

Ѓ) Начин на презентација на содржината:
- Дидактички со користење на ППП (Power Point Presentation)

Е) Начин на проверка на знаењата
- Преку дадени кратки содржини на случаи да се дискутира дали се работи за случај на ТЛ / ТД или за сродно КД (Студија на случај од Анекс)

СОДРЖИНА:
Од исклучителна важност е да се направи разлика помеѓу КД ТЛ / ТД и сродните на нив КД. Ова од причина што при постапувањето во вршењето на службата, полициските службеници кои ќе се најдат во ситуација да имаат контакт со ПЖТЛ, лесно ќе направат дистинкција помеѓу КД ТЛ / ТД и сродните на нив кривични дела, што ќе има придобивки во поглед на:

[16] Види член 418а став 7 и член 418г став 8 од КЗ

- ✓ Раната идентификација на ПТЖЛ, што ќе овозможи истата да биде правилно упатена, заштитена и да ја добие неопходната помош и поддршка;

- ✓ Преземањето на мерки и активности кои ќе помогнат во обезбедување на солидни докази за постоење на КД ТЛ / ТД и докази за конкретна инволвираност на лица сторители на КД ТЛ / ТД, кои докази доколку не се обезбедат навремено, во подоцнежниот период би можеле да бидат уништени или на друг начин да станат недостапни или нивното обезбедување да се направи исклучително тешко.

Во овој контекст ќе наведеме неколку КД кои заради својот појавен облик се посебни КД, но во случаи на ТЛ / ТД може да станува збор за некој од конститутивните елементи на КД ТЛ / ТД, односно некое од средствата или видовите на експлоатација на ЖТЛ.

➡ **КД „ Противправно лишување од слобода“ член 140 став 1 и став 2 од КЗ на Република Северна Македонија**

(1) Тој што друг противправно *ќе затвори, ќе го држи затворен или на друг начин ќе му ја одземе или ограничи слободата на движење*, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено при вршење родово-базирано насилство, насилство врз жена или семејно насилство или од омраза или спрема лице кое е посебно *ранливо поради неговата возраст*, попреченост или бременост, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до три години. Со одредбата од членот 140 став 1 од КЗ се санкционира противправното лишување од слобода (од страна на лице кое не е службено лице), односно се санкционира *одземањето или ограничувањето на слободата на движење* на некое лице. Ставот 2 се однесува на сторување на делото кон жена, ранливо лице заради бременост или заради неговата возраст (дете) или кон лице со попреченост.

Држењето на жртвите на ТЛ во затворени простории, без слобода на движење или со ограничена слобода на движење (во случаите кога ЖТЛ е придружувана од член на ОКГ) е *еден од начините за остварување на контрола* на трговците над жртвите на ТЛ. Доколку КД од член 140 се гледа изолирано, без да се утврди постоење на некои од елементите на КД ТЛ /ТД, и доколку тие елементи (активности, средства и цел) реално постојат, тогаш имаме: 1. ***погрешна квалификација на КД***, и 2. ***неидентификувана ПЖТЛ***, што за последица ќе има необезбедување на потребната помош и поддршка на ПЖТЛ, што според меѓународните стандарди, на некој начин може да се оквалификува и како секундарна виктимизација на жртвата од страна на државните институции.

➩ **КД „Грабнување“ член 141 став 1 и став 2 од КЗ на РСМ**

(1) Тој што ќе изврши грабнување на некое лице *со намера него или некој друг да го присили да стори, да не стори или да трпи нешто*, ќе се казни со затвор од една до десет години.

(2) Тој што делото од став 1 го стори спрема малолетно лице или тој што заради остварување на целта на грабнувањето од став 1 се заканува дека ќе го лиши од живот грабнатото лице или дека тешко телесно ќе го повреди, ќе се казни со затвор најмалку четири години.

Евидентно е дека во битието на делото во ставот 1 има НАМЕРА и ПРИСИЛБА некој нешто да стори, да не стори или да трпи нешто. Ставот 2 се однесува на извршување на делото врз малолетно лице (со што се мисли: врз „дете“).

Грабнувањето, односно, *присилбата* врз некое лице со цел (намера) да стори нешто, спротивно на неговата волја (нешто што во секоја друга околност не би го сторил) се едни од средствата со кои се извршува и КД ТЛ (кај КД трговија со дете веќе споменавме постоењето на средствата не е услов за да постои КД ТД): „ Тој што со сила, сериозна закана доведува во заблуди или други форми на *присилба, грабнување, ...*“.

Заради сличноста во описот на КД од член 141 од КЗ со описот на средствата применети во КД ТЛ од член 418а од КЗ, често во праксата за кривични дела кои реално се КД на ТЛ се поднесувани кривични пријави по член 141 од КЗ. Пропустот најчесто се јавил поради непознавање на елементите на КД ТЛ или во пропуштањето да се утврди евентуално постоење на активностите и целта (како елементи на КД).

➩ **КД „Повреда на правата од работен однос“ член 166 став 1 од КЗ**

(1) Тој што *свесно не се придржува* кон закон, друг пропис или колективен договор, за засновање или престанок на работниот однос, за платата и надоместоците на платата, *работно време, одморот или отсуството, заштитата на жената, младината и инвалидите или за забрана на прекувремената или ноќната работа и со тоа повреди, одземе или ограничи право* што на работникот му припаѓа, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

Во овој член од КЗ евидентна е намерата на Законодавецот за заштита на правата од работен однос на работниците. Во случаите на трудова експлоатација на ЖТЛ, *несразмерното работно време* (работа од над 12 или 16 или повеќе часови во текот на едно деноноќие), *немањето на одмор во текот на денот или во текот на една работна недела*, *изложување на тешки физички работи на жена или де-*

ме (несразмерно на нивната конституција, возраст и физичка сила), постојано ангажирање за работа ноќе, работа без соодветна опрема за заштита, итн., се само дел од индикаторите за трудова експлоатација на ЖТЛ. Од причина што на некој начин елементите на КД од член 166 од КЗ на Република Северна Македонија се во многу што слични со трудовата експлоатација на ЖТЛ, во реалноста многу случаи на ТЛ / ТД завршиле со санкционирање на „работодавецот" од страна на трудовите инспектори, а не со поднесување на КП за КД ТЛ / ТД на лице кое трудово експлоатира жртва. Секако за непрепознавање и несанкционирање на трговците кои трудово експлоатираат жртви, многу може да допринесе и несоработката на ЖТЛ, која не се препознава како жртва, туку како лице кое е измамено во однос на условите за работа. Сепак, потребно е да се направат напори за да се утврди евентуалното постоење на елементи на КД ТЛ / ТД. Тоа не значи и дека секоја повреда на правата од работен однос треба веднаш да се квалификува како КД ТЛ!!!

➨ **КД „ Силување на дете кое не наполнило 15 години " член 188 став 1 и став 2 од КЗ**

(1) Тој што ќе изврши полов однос или друго со него изедначено полово дејство што се состои во вагинална, анална или орална пенетрација, со кој било дел од телото или предмет во телото врз дете кое не наполнило 15 години, ќе се казни со затвор најмалку осум години.

(2) Тој што делото од ставот (1) на овој член го изврши со употреба на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или тело или врз животот или телото на нему блиско лице, или спрема немоќно дете кое не наполнило 15 години, ќе се казни со затвор од најмалку десет години.

Очигледно дека со овој член (член 188 од КЗ) интенцијата на Законодавецот е да се санкционира секој сексуален акт со дете кое не наполнило 15 години. Како квалификуван облик на делото во ставот 2 се наведени *употребата на сила и заканата.*

Сексуален чин со дете е една од формите на сексуална експлоатација на дете жртва. Употребата на сила или заканата може да бидат и најчесто се дел од методите кои ги применуваат трговците со луѓе, со цел доведување на жртвата во состојба на потчинетост и послушност.

Иако дистинкцијата е јасна помеѓу двете КД, сепак во пракса треба да се внимава при постапувањето, особено, ако самото КД од член 188 од КЗ е сторено со умисла понатаму детето да биде уценувано или условувано од сторителот, односно трговецот, со цел детето да биде вклучено во ланецот на експлоатација. Ова значи дека, иако одредена противправна активност ги има сите обележја на КД од член 188, сепак треба да се провери дали можеби постојат и некои елементи кои укажуваат на можност на постоење на КД од член 418г. (Пример: Анекс 15, случај 3).

Зошто е важно испитување на евентуално постоење на елементи кои би укажувале на КД Трговија со дете?

Ако постојат и други елементи кои укажуваат на постоење на делото од член 418г, а сепак се поднесе КП по член 188, детето - жртва нема биде идентификувано како жртва на ТД, нема да ја добие и тоа како неопходната помош и поддршка за рехабилитација и ресоцијализација, а ќе биде оставено само да се бори со траумата (или заедно со неговите родители, кои во многу случаи ја немаат потребната експертиза, односно не се стручни да му помогнат).

Дополнително, заради културолошки сфаќања или обичаи на одредени етникуми, детето може да биде „отфрлено" од семејството (затоа што му „нанело срам" на семејството) и од средината во која живее. Живеењето без поддршка и со стигма од средината, во многу случаи се покажало дека завршува трагично по детето. Затоа е многу важно, особено внимателно да се пристапува при постапувањето во вакви случаи.

➡ **КД „Посредување во вршење проституција " член 191 став 1 од КЗ**

(1) Тој што *врбува, наведува, поттикнува или намамува лице на проституција* или тој што на кој и да е начин учествува во *предавање на лице на друг* заради вршење проституција, ќе се казни со затвор од пет до десет години.

(2) Тој што *заради заработувачка* му овозможува на друг користење на сексуални услуги, ќе се казни со затвор од три до пет години.

(3) Тој што организира вршење на делата од ставовите (1) и (2) или делата ќе ги стори при вршење на семејно насилство, ќе се казни со затвор најмалку десет години.

Како што веќе е споменато во видовите на експлоатација на ЖТЛ, експлоатацијата по пат на проституција е една од најчестите форми на експлоатација на жртвите на ТЛ. Искуствата не само кај нас, туку генерално во сите земји во светот, говорат дека постојат бројни примери каде при истраги за ОКГ кои вршат КД „Посредување во вршење на проституција", се дошло до сознанија дека всушност не се работи за тоа КД, туку за КД ТЛ[17]. Од оваа причина, при водењето на истраги во однос на КД од член 191, треба да се внимава на следното: дали некое лице врши контрола над лицето кое е врбувано, наведено, поттикнато или намамено на проституција, дали тоа лице ги одзема парите, дали применува сила или закани, какво е држењето на лицето кое нуди или дава сексуални услуги кон лицето кое „го заштитува" (страв, потчинетост, можеби знаци на зависност, итн.), односно преку одредени индикатори да се изгради сомнение дека лицето е можеби жртва на ТЛ.

[17] Пример: КО „Ноќ"

➡ **КД „ Производство и дистрибуција на детска порнографија“ член 193-а став 1 од КЗ**

(1) Тој што *произведува детска порнографија со цел за нејзина дистрибуција или ја пренесува или ја нуди или на друг начин ја прави достапна* детската порнографија ќе се казни со затвор од најмалку пет години.

Произведувањето на детска порнографија е еден од видовите на експлоатација на децата жртви на трговија со луѓе и, за жал, со развојот на ИКТ овој вид на експлоатација е сè позачестен вид кога се работи за деца - жртви на трговија со луѓе. Често во пракса оваа правна норма доведува до дилема која правна квалификација на делото да се даде, односно дали сторителот да се гони и казнува согласно одредбите од овој член или согласно одредбите од член 418г (ТД), особено кога се има предвид дека за постоење на КД ТД не е услов постоење на средствата како елемент на КД. Со развојот на ИКТ не е нужно ниту постоење на некоја од активностите, затоа што детето - жртва нема потреба да се прифаќа, да се превезува, пренесува итн., детето - жртва престојува во рамките на „безбедноста“ на својот дом. Единствена дистинкција би била активноста на врбување. Доколку постои врбување на детето со цел негова експлоатација преку производство на порнографски материјали, тогаш дефинитивно станува збор за КД ТД[18].

➡ **КД „ Вонбрачен живот со дете“ член 197 став 1, 2 и 3 од КЗ**

(1) Полнолетно лице *кое живее во вонбрачна заедница со дете* кое навршило 14 години, а не навршило 18 години, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни и родителот, посвоителот или старателот кој на дете кое навршило 14 години, а не навршило 18 години, ќе му допушти да живее во вонбрачна заедница со друго лице или *ќе го наведе на тоа*.

(3) Ако делото од став 2 е сторено *од користољубие*, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

Во голем дел ова КД ги опфаќа и елементите на КД ТД, каде еден од видовите на експлоатација е „присилниот брак“ (што во реалноста во некои етнички заедници е всушност вонбрачен живот), имајќи ги во предвид пред сè ставовите 2 и 3 од овој член (допуштање / наведување од користољубие). Веќе стана збор за тоа дека во Република Северна Македонија една од честите форми на ТД е „склучувањето“ на т.н. „присилни бракови“ на деца со полнолетни лица. Оние кои се инволвирани во извршувањето на КД ТД преку присилба на дете на брак се на прво место самите родители на децата, оние кои природно би требало да бидат заштитници на своите деца, оние на кои децата најмногу им веруваат. За жал, не е мал бројот на родители

[18] Пример

кои преку „склучувањето на брак“, гледаат можност да ја поправат својата материјална положба, со тоа што од родителите на „младоженецот“, вообичаено добиваат од 2.000 – 5.000 евра, за како што велат: „сиромашното семејство на „невестата“ да направи свадба со блиските роднини“. Тие буквално ги купуваат „невестите“, а родителите буквално ги продаваат своите женски деца и ги принудуваат, мотивирани од користољубие, да заминат со родителите на нивниот иден „сопруг“, кого детето воопшто го нема ниту видено, а не пак да имале можност да се запознаат. Настрана од фактот дека имало случаи во кои „невестата“ е на возраст од 15 години, а „младоженецот“ на возраст од 47 години, како и фактот дека детето - жртва (невеста), воопшто не го познава јазикот на кој говорат во семејството, односно во земјата каде ќе живее.

Се разбира дека во текот на целиот процес инволвирани се и други лица во својство на „посредници“ помеѓу двете семејства.

➡ **КД „Запуштање и малтретирање на дете“ член 201 од КЗ**

(1) Родител, посвоител, старател или друго лице кое со грубо запоставување на својата должност за грижа и воспитување ќе го запушти дете или ќе го малтретира, ќе се казни со затвор од една до десет години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни родител, посвоител, старател кој *присилува дете* на работа што не одговара на неговата возраст и физичка сила или *од користољубие* го наведува на питање или на вршење други дејствија што се штетни за неговиот развиток.

(3) Ако поради делата од ставовите 1 и 2 настапила тешка телесна повреда или тешко нарушување на здравјето на дете или дете се оддало на питање, проституција или други облици на асоцијално однесување, сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(4) Ако делото од ставовите (1), (2) или (3) на овој член е сторено спрема *дете со давање наркотични дроги или психотропни супстанци*, сторителот ќе се казни со затвор најмалку осум години.

Ова е член од КЗ околу кој години наназад се водат жестоки дискусии за потребата од негово итно менување. Во однос на питачењето, според многумина, се работи за реликт од времето кога сеуште не беше инкриминирано делото трговија со дете со цел питачење. Но, со измените на КЗ внесен е членот 418г (ТД), каде еден од облиците на експлоатација на децата - жртви е и преку питачењето.

Имено, не може да се говори за запуштање на дете (каде самиот поим „запуштање“ на детето не подразбира умисла, не постои умисла за запуштање на детето), ако, како што е наведено во став 2 од член 201 *детето се присилува* на работа што не одговара на неговата возраст и физичка сила или *од користољубие се наведува на*

питање или на вршење други дејствија што се штетни за неговиот развиток. Според оваа одредба постои умисла мотивирана од лукративни побуди, а штом постои умисла - не може да стане ниту збор за запуштање (небрежност, непосветување на должно внимание), со тоа нема квалификација на КД по член 201, ами по член 418г. Иако, во пракса во јавното обвинителство и во судовите се правеше (непотребно) дистинкција дали сторителот е родител (посвоител или старател) или друго лице, па тогаш за истата криминална активност се даваше правна квалификација на делото по член 201 (кога сторителот е „родител, посвоител, старател“) или по член 418г (кога сторителот е „друго лице“). Непотребно, зошто според многумина немаше потреба да се „привилегираат“ родителите кои свесно го принудуваат детето на питачење или друга активност, мотивирани од користољубие, притоа злоупотребувајќи ја искрената и безусловна доверба на децата кон нив, кон оние кои се должни да ги заштитат.

Истото што е погоре наведено, се однесува и кога станува збор за ставот 4 од членот 201 каде на детето свесно му се даваат н*аркотични дроги или психотропни супстанци*.

Со измените во КЗ од јануари 2026 година, ставот 3 од член 418-г гласи: „Со казната од ставот (1) на овој член (минимум осум години) ќе се казни и родител, посвоител, старател или друго лице кое има должност за грижа и воспитување на дете, кој од користољубие го пренесува или го овозможува надзорот над детето на трето лице заради питачење“, а во исто време сеуште егзистира членот 201 во неговата изворна форма без никакви измени.

➨ **КД „Засновање ропски однос и превоз на лица во ропски однос“ член 418 од КЗ**

(1) Тој што повредувајќи ги правилата на меѓународното право, ќе *стави друг во ропски или нему сличен однос* или го држи во таков однос, *го купи, го продаде*, му го предаде на друго лице или посредува во купувањето, продажбата или предавањето на вакво лице или *поттикнува друг да му ја продаде својата слобода или слободата на лицето кое го издржува или кое се грижи за него*, ќе се казни со затвор од една до десет години.

(2) Тој што превезува лица кои се наоѓаат во ропски или сличен однос од една земја во друга, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(3) Тој што делото од ставовите 1 и 2 *ќе го стори спрема малолетно лице*, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

Експлоатација на жртвите во форма на ропскиот однос кореспондира со член 418а и 418г од КЗ. Во членот 418 опфатени се дејствијата на извршување како „купување“, “продавање“, “ставање во ропски однос“, кои се елемент и на делото ТЛ опфатено со член 418-а и член 418-г (кога жртвата е дете) од КЗ на Република Северна Македонија. Како што може да се забележи ставот 3 од членот 418 гласи: „Тој што де-

лото од ставовите 1 и 2 ќе го стори спрема малолетно лице", а во релевантни меѓународни конвенции кои се потпишани и ратификувани од нашата држава, постои терминот „дете" (секое лице кое нема навршени 18г старост). Ставот 1 од член 418 гласи: „Тој што повредувајќи ги правилата на меѓународното право...", а дел од тоа меѓународно право се и конвенциите кои ја даваат дефиницијата на ТЛ и формите на експлоатација на жртвите, кои се усвоени и ратификувани од нашата држава, со што се дел од националното законодавство и се целосно транспонирани, меѓу другото и во членовите 418а и 418г од КЗ на РСМ.

2.7. Индикатори за идентификација на жртви на ТЛ и ТД

А) Општа цел на учењето:

- Слушателите да се запознаат со индикаторите за идентификација на претпоставени жртви на ТЛ и ТД, нивната примена и особена важност во процесот на идентификација на жртвите на ТЛ и ТД

Б) Резултати кои се очекуваат:

- Слушателите имаат знаење за индикаторите за идентификување на претпоставени жртви на ТЛ / ТД
- Слушателите можат да ги применат индикаторите во пракса

В) Целна група:

- ПС кои посетуваат основна обука

Г) Претходни знаења:

- Претходни знаења се поврзани со познавање на дефинициите и елементите на ТЛ / ТД

Д) Време потребно за презентирање на содржината:

- Времето потребно за презентирање на содржината се два училишни часа (90 мин.)

Ѓ) Начин на презентација на содржината:

- Дидактички со користење на ППП (Power Point Presentation)

Е) Начин на проверка на знаењата

- Преку дадени кратки содржини на случаи се презентира дали лицето е ПЖТЛ / ПЖТД

СОДРЖИНА:

Индикаторите имаат особена важност при првичниот контакт со лице кое е или за кое постои сомнение дека би можело да биде жртва на ТЛ / ТД, односно во самиот процес на идентификација на жртвите.

Се вели дека **индикаторите** се „индиции" или „показатели" или „знаци", кои укажуваат на можно постоење на трговија со луѓе, која претпоставка понатаму во формална постапка се потврдува или отфрла врз основа на извршена анализа и проценка на вкупно собраните информации, извршеното интервју и однесувањето на лицето.

Многу често, заради постоење на повеќе причини како што се: страв, физичка или психичка траума на жртвата и сл., не секогаш е можно *веднаш* да се добијат сеопфатни информации за постоење на директни индикатори на трговија со луѓе, кои се неопходен елемент за идентификација на жртвата на трговија со луѓе.

Жртвите на трговија со луѓе тешко се идентификуваат и затоа што не е можно да се „изготват" профили кои би биле исти за сите жртви, па дури ниту за ист вид на експлоатација на жртвите.

Затоа, во присуство на индикатор, потребно е внимателно да се пристапи и внимателно да се постапи, односно да се направи обид да се утврди дали се присутни и други знаци, кои заедно со околностите во кои се наоѓа лицето ќе послужат како солидна основа за да се посомнева дека некое лице е можеби жртва на трговија со луѓе (ПЖТЛ).

Индикаторите во теоријата се делат на:

1. **Општи индикатори** - тоа се индикатори кои потенцираат некои од факторите кои може да упатуваат на тоа дека лицата се жртви на трговија со луѓе. Тие се општи по природа, и не се применливи за сите видови на трговија со луѓе.
2. **Конкретни индикатори** - тоа се индикатори кои се однесуваат, односно се карактеристични за одреден вид на експлоатација (сексуална, трудова, . . .).

(1) ***Општи индикатори***, постојат многу индикатори кои би можеле да ги подведеме под општи индикатори, но овде ќе наведеме неколку покарактеристични:

- Возраста на лицето:

Возраста на лицето е индикатор кој може да укажува на тоа на каков вид на експлоатација може да биде изложено некое лице. На пример: младите женски лица најчесто се предмет на сексуална експлоатација (што не значи дека и машките лица не можат да бидат изложени на сексуална експлоатација); повозрасни или стари лица најчесто се предмет на експлоатација по пат на питачење или домашно слугување; децата се изложени на експлоатација по пат на питачење или продавање на разни предмети по угостителски објекти, на улица или на саеми (балони, хартиени марамчиња и сл.).

- Полот или родот:

Во најголемиот број на случаи младите женските лица се изложени на сексуална експлоатација, а машките лица на трудова експлоатација (но ова никако не треба да се генерализира). Многу млади женски лица биле предмет и на трудова експлоата-

ција, на домашно слугување, некои и принудени на вршење на одреден вид на незаконита активност (како на пример: пренесување или продавање на наркотични средства), а помал број на машки лица биле и сексуално експлоатирани.

- Националноста / државата на потекло:

Ова е еден од општите индикатори, кој може да укажува на тоа дека лицето кое е државјанин на одредена држава - е или може да биде предмет на одреден вид на експлоатација (пример: во поново време државјаните на земјите од Латинска Америка, а претходно државјаните на: Украина, Русија, Молдавија, Романија, Србија, Бугарија, кои беа изложени на сексуална експлоатација во барови, салони за масажа, апартмани и сл., или, машки лица од Албанија, кои беа трудово експлоатирани како сточари, земјоделски наемни работници или за извршување на одредени градежни работи).

- Поседување на лични документи за идентификација:

Доколку лицето не ги поседува личните документи за идентификација или доколку истите се наоѓаат кај лице кое го придружува лицето, може да биде индикатор кои укажува на можна контрола над ПЖТЛ од страна на лицето кое ги поседува документите.

- Локацијата / местото на престој:

Локацијата на која е затекнато лицето или местото на кое престојува, може да биде индикатор за одреден вид на експлоатација (на пример: младо женско лице затекнато на работа во салон за масажа, или, машко лице затекнато на работа на градежен објект, или, поголем број на лица затекнати во просторија во која заеднички престојуваат, а која не ги исполнува основните стандарди за хумано живеење).

- Начин на реализирање на патувањето / превозот:

Лицето кое патува само или во група со други лица (најчесто од ист пол), а е придружувано од друго лице кое го организира целото патување и исклучиво тоа лице е во комуникација со официјалните лица (е општ индикатор кој може да укажува на некој вид на контрола). Дали лицето кое се превезува има точни информации за тоа каде патува (држава, град, адреса, место на престој и сл.) или не. Отсуството на одговор на некое од прашањата може да биде индикатор дека лицето е под контрола на лицето кое го придружува. Може да биде индикатор и за тоа дали лицето доброволно патува со лицето кое го придружува (што може да биде случај во фазата на транспорт, кога жртвата сеуште не е предмет на некаков вид на експлоатација) или не. Прегледот на багажот исто може да даде одредена индиција

(на пример: доколку во багажот на лицето се наоѓа исклучиво облека која би можела да окарактеризира како „работна облека“ на танчерка на „егзотични танци“ или кај дете - стара облека, облека која е со поголем број, што би бил индикатор за дете кое се принудува на питачење).

- Физички повреди:

Се индикатори кои укажуваат на примена на физичка сила за воспоставување на контрола и доведување во состојба на покорност на одредено лице. Но, не само на физичките повреди, треба да се внимава и на одредени тетоважи, кои трговците ги прават на „своите жртви“ означувајќи ги со тоа како нивна сопственост (како што сточарите ја бележат својата стока).

- Однесување на лицето:

Однесувањето на лицето или „говорот на телото“ исто така е важен индикатор кој може да упати сомнеж дека одредено лице е или ќе биде предмет на експлоатација.

Во овој контекст ќе издвоиме неколку нетипични реакции / однесувања:

- Лицето се плаши да зборува (често заради закани или недоверба);

- Лицето е инструирано како да зборува (раскажува нешто што очигледно е подготвено однапред, што е чест индикатор на лице кое е под контрола на друго лице);

- Дава спротивставени, нецелосни и невистинити информации (што може да е последица или на траума или на постапување согласно насоки добиени од некое друго лице);

- Се обидува да избега од службеното лице (во случаите кога е заплашено од страна на трговците дека ќе има законски последици заради преземањето на одредени незаконски активности, а на кои било принудено од страна на трговецот, како на пример: нелегално преминување на д/г или нелегален престој, нелегална работа, користење на туѓ или лажен документ за идентификација, или кога има недоверба во ПС со оглед на претходни негативни искуства од матичната или од земјата во која престојува, како што се: инволвираност на ПС во ОКГ или блиска соработка на ПС со трговците, или искуство со службено лице кое користело услуги од жртвата, итн.);

- Лицето стои настрана од групата во објектот каде е направена контрола / илирација (што укажува на тоа дека лицето не чуствува дека припаѓа таму или дека чуствува страв од можна реакција или реакција со која му се заканил сопственикот на објектот или од страв дека ќе има правни последици по него);

- Дозволува други да зборуваат во негово име (што укажува на фактот дека лицето е целосно под контрола на лицето кое комуницира во негово име);

- Манифестира страв и вознемиреност (честа последица од применетите методи на закани и казнувања за да се доведе лицето во состојба на потчинетост и контрола);

- Реагира со гнев, избувливост и агресивност (што може да биде последица на временски подолга изложеност на одреден вид на експлоатација).

(2) ***Конкретните индикатори*** се поврзани, односно се карактеристични за одреден вид на експлоатација на жртвите. Ќе се осврнеме на оние кои се најкарактеристични за нашата земја во досегашниот период:

- Индикатори за сексуална експлоатација:

- Млади женски лица, кои буквално во секоја прилика (на секој чекор) се придружувани и се под контрола од машки лица;

- Патуваат во групи со други лица (најчесто од ист пол) со кои не го зборуваат истиот јазик, под параванот на „туристичко патување“;

- Имаат тетоважи кои означуваат „сопственост“;

- Не поседуваат или поседуваат минимален износ на парични средства;

- Поседуваат малку облека;

- Облеката не е прилагодена на временските услови, на периодот од годината или на климата во земјата каде што се наоѓа лицето (или на земјата во која патува) или пак поседува облека која типично се носи за нудење / давање сексуални услуги;

- Лицето поседува голема количина на презервативи и средства за смирување, како и средства за ублажување на болка;

- Не поседува лични документи за идентификација, истите се кај друго лице „на чување“;

- Ако се работи за странец, лицето не го познава јазикот во земјата во која престојува, односно знае неколку зборови кои се поврзани со нудење / давање на сексуални услуги;

- Има видливи знаци на самоповредување, итн.

- Индикатори за трудова експлоатација:

- Лицето не го познава или не може да каже ништо за работодавецот кај кого треба да работи или за каков вид на работа ќе биде ангажирано или за местото, локацијата каде ќе работи;

- Ако се работи за странец, лицето не го познава јазикот;

- Не поседува парични средства ниту документи за лична идентификација, истите се наоѓаат кај друго лице;

- Поседува исклучиво облека за работа;

- Често живее во група со други лица „работници" на истата локација на која и работи, во исклучително тешки и деградирачки услови;

- Нема потпишано договор за работа, или ако нешто и потпишал, не знае за што се работи, бидејќи текстот е на јазик кој не го разбира, воедно нема работна дозвола;

- Условите за работа се нехумани и опасни по животот и здравјето на работникот (долго работно време во текот на едно денонoќие, немање на еден ден одмор во текот на работна недела, немање на средства за заштита при работа, несоодветна опрема, несоодветна стручна подготвеност за ракување со одреден вид на машини и алати, изложеност на екстремни надворешни влијанија - студ, екстремна топлина, загадување);

- Дневницата или не ја добива (мора да го врати долгот кој му е наметнат поврзан со неговото сместување и патување од местото во кое живее до местото на кое работи) или пак дневницата е далеку помала во однос на онаа која вообичаено се исплаќа на домашните работници;

- Изложеност на често казнување заради наводни пропусти или неправилности во извршувањето на работите;

- Ограничување на слободата на движење и комуникација со „надворешни" лица, но и со другите „вработени", како и неможноста самоиницијативно во било кој момент да го прекине работниот однос, храната која ја добива е несоодветна на тежината на работните обврски, на секој приговор следуваат физички казни или изложеност на закани;

- Постојана физичка и електронска контрола (видео надзор).

НИТУ ЕДЕН ОД ОПШТИТЕ ИЛИ КОНКРЕТНИТЕ ИНДИКАТОРИ НЕ ТРЕБА ДА СЕ РАЗГЛЕДУВА САМ ЗА СЕБЕ, ТУКУ СЕКОГАШ ВО КОРЕЛАЦИЈА СО ДРУГИ ИНДИКАТОРИ И СЕКОГАШ ВО КОНТЕКСТ НА ОКОЛНОСТИТЕ ВО КОИ Е ПРОНАЈДЕНА ПЖТЛ !!!

Околностите во кои е пронајдена жртвата се важни за препознавање на жртвата во фазата на експлоатација, од причина што околностите се поврзани како со методите и активностите на потчинување и контрола, така и со видот на експлоатација, кои во најголем број случаи, се одвиваат во строго контролирани и крајно нехумани услови. Дополнително, и самото живеење во услови на експлоатацијата на жртвата подразбира присуство на бројни штетни последици по физичкото и менталното здравје на жртвите.

Индикатори за децата како жртви

Иако дел од општите и конкретните индикатори кои се однесуваат на полнолетни лица - жртви, може да се однесуваат и на децата - жртви, сепак постојат одредени специфичности кои треба да се напомнат и да се имаат во предвид. Ќе наведеме некои индикатори кои се карактеристични за видовите на експлоатација над децата кои се најчести во нашата држава.

(1) ***Општи индикатори:***

- Не поседуваат лични документи или поседуваат фалсификувани документи;
- Патуваат без придружба на родител / старател, со друго лице кое ги придружува или се во група со други деца;
- Возрасните со кои живее детето располагаат со неговите документи и согласноста од родителите (Во некои случаи и родителите може да се измамени[19] за да го доверат своето дете на некое лице, но во повеќето случаи од праксата и самите свесно учествуваат во воведувањето на детето во ланецот на трговија и екплоатација на начин што буквално го продаваат своето дете);
- Лажат за возраста или не знаат колку години имаат;
- Не посетуваат училишна настава, не знаат да читаат и пишуваат;
- Занемарени се, запуштени, гладни и несоодветно облечени;
- Се хранат посебно / одвоено од другите лица присутни во објектот каде што се затекнати;
- Јадат остатоци од храна;
- Немаат приватен простор и спијат во несоодветна просторија, односно живеат во супстандардни услови;

[19] На пример: Родителите го довериле своето дете на лице од доверба (роднина, близок пријател), кое им се понудило да го земе детето со себе да го однесе на некое егзотично патување (на кое родителите не можат да си дозволат да го однесат) или да го земе кај себе да престојува одреден временски период на одмор.

- Подложни се на навреди, малтретирање, закани и насилство;
- Се дисциплинираат преку физички казни, имаат видливи модринки на различни делови по телото;
- Немаат здравствена заштита;
- Немаат контакт со своите родители или старатели;
- Немаат другарчиња;
- Немаат време за играње;
- Немаат слобода на движење;
- Изгледаат исплашено, срамежливо, исцрпено, уморно, збунето и покажуваат знаци на физичка и ментална злоупотреба;
- Имаат големи промени во однесувањето кое не соодветствува на нивната возраст.

(2) ***Конкретни индикатори:***

- *Индикатори за сексуална експлоатација на деца:*

- Деца жртви на сексуална експлоатација се најчесто женски лица;
- Придружувани се од лица кои ги контролираат;
- Постојат одредени показатели дека имале незаштитен и(ли) насилен сексуален однос;
- Најчесто од срам одбиваат да зборуваат за сексуалната злоупотреба;
- Во објектот во кој се пронајдени постојат креветчиња, облека кои укажуваат на сексуална злоупотреба на децата;
- Покажуваат слобода и блискост во однесувањето со возрасни лица во мерка која отстапува од типичното однесување на деца на нивна возраст.

- *Индикатори за трудова експлоатација на деца:*

- Работат несоодветни работи за нивната возраст, за нивниот физички и психички развој, во несоодветни услови, поголем број часови, без паузи и слободно време, без почитување на законската регулатива;
- Опремата и алатките се прилагодени за со нив да работат деца;

- Потчинети се и исплашени, и покажуваат знаци на замор и изнемоштеност;

- Нивната облека е валкана и искината.

- *<u>Индикатори за деца кои се принудени на питачење или вршење на ситен криминал:</u>*

- Питачат без разлика на временските услови;

- Вообичаено се заедно со поголема група на деца кои имаат ист старател / придружник;

- Постојано се набљудувани / контролирани од страна на возрасни лица кои стојат на одредена оддалеченост од нив;

- Паричните средства кои ги добиваат при питачењето им ги одземаат возрасни лица;

- Принудени се да вршат џебни и други кражби, се „занимаваат“ со пренесување и продажба на наркотични средства;

- Казнувани се (физички или со недавање на храна) доколку не „соберат“ или украдат доволно пари;

- Децата имаат физички повреди кои очигледно се намерно предизвикани;

- Живеат и патуваат заедно со возрасни кои не им се родители;

- Лицата со кои патуваат или живеат, на предочувањето дека е очигледно дека детето не е нивно, тврдат дека детето било случајно "најдено" непридружувано, дека истото се разделило од родителите и дека тие го зеле со себе додека не ги пронајдат неговите родители. Тоа се вообичаено возрасни лица од иста националност или етничка припадност со таа на детето.

- *<u>Индикатори за присилен брак на дете - жртва:</u>*

- Во сите случаи на присилен брак, децата - жртви биле од женски пол;

- Детето не го познава, односно го нема видено својот иден „брачен другар“ и не знае да каже ништо за тоа каде ќе живее;

- Идните „невести“ се регрутираат преку нивните родители, блиски роднини или пријатели, или, преку други лица - посредници за „склучување брак“ во странство;

- Најчесто врбувањето е преку лажни ветувања дадени на родителите и преку измами за добар живот и удобност, но во многу случаи, како што веќе беше споменато, родителите на децата - жртви ги продаваат своите деца за да добијат парични средства;

- „Свадбите“ се прават без присуство на момчето (младоженецот);

- До својот нов дом детето жртва патува со родителите на својот иден „брачен другар“ или нивни блиски роднини;

- Детето - жртва не ги поседува своите документи за идентификација и согласноста од неговите родители, тие се кај возрасните лица со кои патува;

- Често детето е инструирано да каже дека патува со роднини кај кои оди на гости, а ако се направи преглед во багажот ќе се забележи дека покрај другата облека има и венчаница;

- По пристигнувањето во домот на „младоженецот“ детето присилено на брак е подложно на повеќе видови експлоатација, особено сексуална, питачење, вршење кражби, домашно слугување;

- Често се применува и физичко и психичко насилство од страна на членовите на семејството;

- На детето му се ограничува слободата на движење и на комуникација со лица надвор од домот на „сопругот“, како и телефонска комуникација со родителите. Доколку и се оствари телефонска комуникација таа е под контрола на мајката на „сопругот“.

Важно - што треба задолжително да се има во предвид:

- **Не претпоставувајте дека сите „работници“ - се само „работници“, дека сите „сексуални работнички“ се - само „сексуални работнички“, дека сите „иregуларни мигранти“ - се само „ иregуларни мигранти“.**

- **Не очекувајте дека жртвите самите ќе ви пријдат и ќе ви побараат помош! Во пракса тоа премногу ретко се случува.**

- **Не очекувајте дека жртвите на трговија со луѓе секогаш ќе ги имаат истите карактеристики за ист вид на експлоатација.**

- **КД ТЛ / ТД е сложено кривично дело. Индикаторите се само една алатка која помага да се идентификуваат жртвите. Некои жртви на прв поглед може да немаат знаци кои би укажувале на тоа дека се жртви, а често и тие самите не се ниту свесни дека се жртви на кривично дело, дека имаат право на заштита од институциите на државата согласно меѓународните и националните правни норми.**

Кога зборуваме за индикаторите, корисно би било да споменеме и **некои индикатори кои се однесуваат на трговците со луѓе / деца**. Како покарактеристични индикатори за трговци или лица припадници на ОКГ кои се инволвирани во трговијата со луѓе / деца, би ги издвоиле следните:

- Тие ги поседуваат документите на лицата со кои патуваат;
- Тие ги поседуваат сите парични средства во групата или за лицето со кое патуваат;
- Имаат улога на возачи, преведувачи, „гласноговорници“;
- Ги знаат сите детали поврзани со патувањето;
- Издаваат наредби во групата или на поединецот;
- Негодуваат ако им се прави контрола;
- Избегнуваат поглед со очи ако бидат прашани за некоја поединост поврзана со групата или лицето со кое патуваат, а која може да ја открие вистинската цел на патувањето;
- Статусно отстапуваат од групата или лицето со кое патуваат;
- Во детали ги познаваат сите гранични процедури, како и одредени „празнини“ во националното законодавство.[20]

2.8 Пристап заснован кон правата на жртвата

А) Општа цел на учењето:
- Слушателите да се запознаат со основните човекови права и слободи, во овој контекст и со правата на жртвите на ТЛ

Б) Резултати кои се очекуваат:
- Слушателите имаат знаење за основните човекови права и слободи
- Слушателите имаат знаење за правата на жртвите на ТЛ
- Слушателите во пракса ќе ја запознаат ПЖТЛ со нејзините права и истите нема да ги повредат при нивното постапување

В) Целна група:
- ПС кои посетуваат основна обука

Г) Претходни знаења:
- Претходни знаења се поврзани со познавање на дефинициите и елементите на ТЛ / ТД, како и индикаторите за ЖТЛ

[20] Види Љ. Маркудов и др., Проактивни истраги, ефикасно кривично гонење и пресудување на случаи на трговија со луѓе и деца со особен фокус на мигранти во ризик од трговија со луѓе, 2024 https://rm.coe.int/research-on-proactive-investigation-adjudication-of-thb-cases-in-nm/1680b2669b

Д) Време потребно за презентирање на содржината:
- Времето потребно за презентирање на содржината се два училишни часа (90 мин.)

Ѓ) Начин на презентација на содржината:
- Дидактички со користење на ППП (Power Point Presentation)

Е) Начин на проверка на знаењата
- Преку дадени кратки содржини на случаи (во анекс) се презентираат повреди на право на ЖТЛ

СОДРЖИНА:
Како што веќе беше напоменато, важно е да се има познавање за дефинициите, односно елементите на КД ТЛ и КД ТД, да се направи разлика помеѓу овие КД и КД КМ, да се познаваат и препознаваат во пракса индикаторите кои би помогнале во раната идентификација на жртвите на ТЛ и ТД.

Но, поврзано со горенаведеното, а секако подеднакво важно е и да се внимава на ПРИСТАПОТ кон жртвите. Од правилниот пристап, од пристапот насочен кон почитување и заштита на правата на жртвата, зависи целиот процес на градење на доверба кај жртвата, како во насока на обезбедување на заштита, помош и поддршка на ПЖТЛ, така и во насока на добивање на евентуална согласност од жртвата за соработка со органите на прогонот. Од оваа причина посебно внимание му се посветува токму на пристапот заснован врз правата на жртвата.

Кога станува збор генерално за човековите права и слободи во контекст на ТЛ, повеќе пати е напоменато дека ТЛ значи најтежок облик на повреда, односно негирање на основните човекови права и слободи на некое лице. А токму човековите права се универзални, неотуѓиви и неповредливи. Со прифаќањето на одредбите од меѓународните конвенции за заштита на правата на човекот, во овој контекст и на жртвите на ТЛ, секоја од државите зема обврска, преку нејзините државни органи и институции, не само да ги признае, туку и да ги промовира и да ги заштити човековите права и слободи.[21]

Од овој аспект, трговијата со луѓе не треба да се сведува на проблем на нерегуларната миграција, на прекршоците против јавниот ред или од аспект на организиран криминал. ТЛ треба да се гледа и од аспектот на кршење на човековите права на лицата кои биле жртви на трговија со луѓе.

Делата на насилство, принуда и експлоатација од страна на трговците со луѓе значат кршење на човековите права на жртвите на трговија со луѓе. Затоа, нивните права не

[21] Види Конвенција на Совет на Европа за акција против трговија со луѓе Маркудов и др., Проактивни истраги, ефикасно кривично гонење и пресудување на случаи на трговија со луѓе и деца со особен фокус на мигранти во ризик од трговија со луѓе, 2024 https://rm.coe.int/research-on-proactive-investigation-adjudication-of-thb-cases-in-nm/1680b2669b Европска конвенција за заштита на човековите права <https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/convention_MKD>

треба дополнително да бидат прекршувани од страна на државните органи (секундарна виктимизација). Секундарната виктимизација може да се случи ако институциите и поединците не реагираат на жртвата со соодветна чувствителност.

Потребите и правата на жртвите на трговија со луѓе треба да се земат предвид уште при примарната идентификација. Пристапот кон човековите права фокусиран на жртвата, исто така, бара информирање на жртвите за нивните основни права. Голем дел од жртвите на ТЛ често пати и не се свесни дека нивните права се прекршени. Ова особено доколку жртвите се израснати во насилни семејства во кои тие или еден од нивните родители не биле третирани со достоинство и почит. Овие жртви не ги доживуваат физичките напади или другите форми на малтретирање како насилни. Ова може да биде случај и ако таквиот третман е морална норма (обичајно право) во нивната земја на потекло.

Пристапот кон човековите права фокусиран на жртвата на трговијата со луѓе значи да се земе предвид, во секоја фаза од постапувањето, влијанието што една постапка или мерка може да го има врз лицата кои се жртви на трговија со луѓе. Лицата жртви на трговија со луѓе не смеат да бидат подложени на дискриминаторски третман. Сите мерки мора да се применуваат без дискриминација, особено во однос на: полот, етничката и верска припадност, социјалниот статус, имиграциски статус, а особено, во случаите кога лицето ЖТЛ и претходно било жртва на трговија со луѓе или учествувало во нелегални активности поврзани со нејзината положба на жртва.

Во пракса, како што веќе беше потенцирано, пристапот фокусиран на жртвата се фокусира на развивање и на градење на однос на доверба со ПЖТЛ, нивно упатување до соодветни служби и обезбедување информации за нивните права. Ова значи дека на секоја ПЖТЛ или на лице за кое постои основ за сомнение дека е ПЖТЛ, треба во најкус временски рок да им се обезбедат целосни информации за нивните права. Тоа се прави со цел да се намали вознемиреноста и неизвесноста на претпоставената жртва за нејзината иднина и да ѝ се помогне постепено да ја врати контролата над својот живот.

Да се навратиме малку на основните човекови права.

Основните човекови права се универзални, неотуѓиви и еднакви за сите луѓе, без оглед на нивната националност, вера, пол или социјален статус. Тие се утврдени во Универзалната декларација за човекови права (1948)[22], која содржи 30 члена што гарантираат слобода, еднаквост и достоинство, како и во Европската Конвенција за заштита на човековите права (види погоре).

[22] Универзална декларација за човекови права (1948г)

Главни категории на човекови права:

1. Граѓански и политички права:

- Право на живот, слобода и лична сигурност,
- Право на почитување на приватниот и семејниот живот,
- Право на брак и на слободен избор на брачниот сопатник,
- Забрана на ропство и тортура,
- Забрана на дискриминација,
- Право на еднаквост пред законот,
- Право на правична судска постапка,
- Право на слободно изразување на мисла, совест и религија,
- Право на мирно собирање и здружување,
- Право на учество во власта и избори,
- Забрана на злоупотреба на правата.

2. Економски, социјални и културни права:

- Право на работа и правична плата,
- Право на слободен избор на работа,
- Право на одмор и слободно време,
- Право на образование,
- Право на здравствена заштита и социјална сигурност,
- Право на учество во културниот живот и научен напредок.

3. Колективни и солидарни права:

- Право на самоопределување на народите,
- Право на развој,
- Право на мир и безбедност,
- Право на здрава животна средина.

➨ **Клучни права кои им се повредуваат на лицата жртви на трговија со луѓе**

(1) Граѓански и политички права:

- Право на живот и лична сигурност (жртвите често се изложени на насилство, на закани и на услови за живеење кои претставуваат опасност и ризик по нивниот живот и здравје),

- Право на слобода на движење (жртвите се лишени од слободата на движење, тие се држат во состојба на заточеништво или нивното движење е под целосна контрола на трговците),

- Право на брак и на слободен избор на брачниот сопатник (ова право им е повредено на жртвите на присилни бракови),

- Право да не биде дискриминирана (ЖТЛ често се предмет на дискриминација, омаловажување, тортура),

- Право на слобода - забрана на ропство и тортура (трговијата со луѓе претставува модерна форма на ропство и често вклучува физичка и психолошка тортура над жртвите).

(2) Економски и социјални права:

- Право на работа под правични услови (жртвите се експлоатираат преку принудна работа, работа за која не добиваат или за која добиваат минимален надоместок),

- Право на образование (многу жртви, особено деца, се лишени од пристапот до училиште / образование),

- Право на здравствена заштита (жртвите често немаат пристап до медицинска помош, а се изложени на сексуално и физичко насилство кое што предизвикува сериозни здравствени последици).

(3) Право на правна заштита:

- Право на правична судска постапка и правна помош (жртвите имаат право на бесплатна правна помош и надомест на штета, но во практика се соочуваат со бариери при пристап до правосудниот систем, особено во случаите кога не се идентификувани како ПЖТЛ, туку како сторители на нелегална активност). Тие исто така имаат право на пристап кон надоместок на штета за штетата која што ја претрпеле од казненото дело на кое биле подложени. Отштетното побарување е должен да го исплати сторителот согласно правосилна судска пресуда, но во пракса тоа се случува во минимален број на случаи, затоа им е дадено право на државен паричен надоместок на жртвите на кривично дело со насилство, вклучително и на жртви на ТЛ / ТД.

(4) Колективни и културни права:

- Право на достоинство и културен идентитет (жртвите се деградирани, изолирани и лишени од можност да учествуваат во општествениот и културниот живот).

Последиците и ризиците од кршењето на основните човекови права на жртвите на ТЛ се согледуваат преку: физички и психолошки трауми (долготрајни последици по здравјето), социјалната изолација (жртвите често се стигматизирани и маргинализирани во средината во која живееле), како и во однос на губење на можност за нормален живот и развој (доколку ЖТЛ не биде идентификувана и не ѝ се даде неопходната поддршка и помош за нејзина рехабилитација и ресоцијализација).

Кога зборуваме за пристап кон дете - жртва на трговија со луѓе, основните стандарди за постапување, како и посебните мерки во однос на заштита и помош на децата - жртви на ТЛ, се презентирани во „Водичот за заштита на правата на децата жртви на трговија со луѓе“[23] изготвен од УНИЦЕФ 2006 година. Согласно Водичот, минимум стандардите за постапување се:

- Принципот на недискриминација - забранува било каква дискриминација врз основа на статусот на детето (без оглед на тоа дали е државјанин на државата во која е идентификувано како жртва или се работи за дете - странец, непридружувано или разделено дете, дете бегалец, барател на азил или мигрант);

- Постапување во најдобар интерес на детето – ова начело мора да биде применето при донесување на било каква одлука која влијае врз детето;

- Почит за мислењето на детето - во донесување на одлуките за старателство, грижа и сместување, како и при правно застапување, треба да се земе во предвид мислењето на детето, доколку се оцени позитивно неговата зрелост. Тука се мисли исклучиво на тоа да се почитува мислењето на детето доколку тоа го има достигнато потребниот ментален, односно психо-физички развој;

- Принцип на неврaќање - Државите не смеат да вратат дете во земја каде основано се верува дека постои вистински ризик за нанесување на непоправлива повреда на детето[24];

- Доверливост - Државите мораат да ја заштитуваат доверливоста на информациите добиени во врска со непридружувано или разделено дете, во согласност со обврската за заштита на правата на детето, вклучувајќи го и правото на приватност.

Согласно наведеното, на детето - жртва му се гарантираат:

- Право на информации (за состојбата во која се наоѓа, за услугите кои му се на располагање и правата кои му припаѓаат. Ова секако доколку е на возраст на која може да ги разбере, во спротивно за истото се грижи неговиот старател или законски застапник),

[23] Guidelines on the protection of child victims of trafficking
[24] Се мисли на членки на соодветниот меѓународен договор.

- Право на доверливост (информациите кои можат да му наштетат на детето жртва или на неговото семејство, не смеат да се откриваат или објавуваат),

- Право на заштита (односно право на безбедност и експедитивно донесување на одлуки што се однесуваат на детето, а се поврзани со неговата безбедност и заштита),

- Пресумпција на возраст (доколку постои сомнение дали лицето е малолетно, а не постои доказ за возраста или во моментот не може истата да се утврди, *се постапува како со дете* и во оваа смисла лицето има право на посебни мерки на заштита).

2.9 СОПи за постапување со жртви на ТЛ (Основно запознавање со СОПи)

А) Општа цел на учењето:
- Слушателите да се запознаат со стандардните оперативни процедури за постапување со жртви на ТЛ

Б) Резултати кои се очекуваат:
- Слушателите имаат знаење за стандардните оперативни процедури за постапување со жртви на ТЛ / ТД
- Слушателите во пракса ќе постапуваат, односно ќе ги применат стандардните оперативни процедури во случаи на сомнение за ПЖТЛ или на идентификувана ПЖТЛ

В) Целна група:
- ПС кои посетуваат основна обука

Г) Претходни знаења:
- Претходни знаења се поврзани со познавање на дефинициите и елементите на ТЛ / ТД, како и индикаторите за ЖТЛ

Д) Време потребно за презентирање на содржината:
- Времето потребно за презентирање на содржината се два училишни часа (90 мин.)

Ѓ) Начин на презентација на содржината:
- Дидактички со користење на ППП (Power Point Presentation)

Е)Начин на проверка на знаењата
- Преку дадените кратки содржини на случаи (во анекс) да се презентира практично постапување во случај на сомнение за ПЖТЛ или во случај на идентификувана ПЖТЛ

СОДРЖИНА:
Стандардните оперативни процедури (СОПи) за постапување со жртви на трговија со луѓе[25] уредуваат постапки, процедури и начини на обезбедување помош и заштита на сите жртви на трговија со луѓе (без оглед на тоа дали се домашни или странски државјани со легален или нелегален влез во државата) преку сеопфатен приод заснован врз човекови права, согласно меѓународните стандарди и приод насочен кон жртвата во форма на институционализирани рамки на соработка.

Зошто се важни и зошто се воспоставуваат СОПи? СОПи за постапување со ЖТЛ имаат особена важност и значење од причина што со нив се цели на:

- *Унифицирано и координирано* постапување на сите субјекти вклучени во борбата против трговијата со луѓе како на локално, така и на национално ниво, како и на прецизирање на постапките за остварување соработка на меѓународно ниво;

- *Подобрување на идентификацијата* на жртвите на трговија со луѓе/деца;

- *Давање на насоки* во однос на обезбедување и давање помош и заштита на жртви на трговија со луѓе / деца во согласност со нивните човекови права.

Водечките начела, врз основа на кои се засновани СОПи за постапување со жртви на ТЛ се:

- ✓ Пристап заснован врз човекови права;
- ✓ Сеопфатен, унифициран, координиран, мултидисциплинарен пристап насочен кон жртвата;
- ✓ Родова сензитивност, сензитивност кон ранлива состојба и кон припадност на различни култури (недискриминација);
- ✓ Учество на граѓанското општество и искористување на неговите капацитети;
- ✓ Обврска на владата;
- ✓ Одржливост;
- ✓ Заштита на идентитет;
- ✓ Доверливост;
- ✓ Најдобар интерес на децата;

[25] СОПи за постапување со жртви на ТЛ (2023)

- ✓ Принцип на неврaќање (non-refoulement) за странски жртви кои може да се соочат со тортура, нехумано и понижувачко постапување во земјата во која се враќаат;

- ✓ Приспособување на индивидуалните потреби на секоја жртва посебно;

- ✓ Претпоставените жртви на трговија со луѓе имаат исти права како и жртвите на трговија сè до нивната формална идентификација.

СОПи за постапување со жртви на ТЛ, содржи 5 (пет) процедури:

1. Идентификација и упатување;
2. Координирана помош и поддршка;
3. Ресоцијализација и реинтеграција;
4. Враќање;
5. Кривична постапка.

Секоја процедура содржи насоки за тоа:

- **Што** треба да се спроведе или што содржи мерката;
- **Кога** ќе се спроведат мерките;
- **Кој** ќе биде одговорен за спроведување на мерките; и
- **Како** ќе се спроведат мерките.

Овде ќе се задржиме само на постапките кои треба да бидат запазени при постапувањето на ПС (за подетално запознавање со целиот СОПи на линкот од фуснотата број 22).

(1) <u>Идентификација и упатување</u>

Што е идентификација? *Идентификацијата* е процес со кој преку низа показатели, односно индикатори, преку интервју, како и преку други оперативни активности, се добиваат информации врз основа на кои се врши процена за тоа дали лицето е ПЖТЛ или не.

Процесот на идентификација е итен и опфаќа шест (6) мерки:

➤ *Првично упатување*

Првичното упатување е известување до НМУ и/или МВР/НЕСКТЛ/ЕТЛКМ за лице што е претпоставена жртва на трговија со луѓе, со цел обезбедување заштита, првична помош и сместување во соодветна безбедна локација утврдена со закон. Се врши веднаш штом се појави основ за сомнение дека некое лице е ПЖТЛ.

Известувањето и првичното упатување може да биде врз основа на посредни или непосредни сознанија добиени од претставници на: Министерството за внатрешни работи, мобилните тимови, Центрите за социјална работа, Државниот инспекторат за труд, Јавното обвинителство, образовни институции, здравствени институции, други ЖТЛ, семејства или познајници на ЖТЛ, меѓународни организации, дипломатско - конзуларни претставништва, лица што вршат превоз, други физички и правни лица или претпоставената жртва може и лично да се пријави до надлежните органи.

При упатувањето, доколку упатената жртвата е дете, задолжителна е придружба од претставник на ЦСР сè до назначувањето старател на детето !

Упатувањето се врши на начин што нема да предизвика дополнителни трауми и ризици по животот и здравјето на жртвата и/или по неговото/нејзиното семејство.

Упатувањето во ЦЖТЛ го врши претставник на НМУ/ЦСР, односно стручно лице назначено со решение од надлежен ЦСР. Упатувањето во Прифатен центар за странци го врши полициски службеник од ЕТЛКМ/НЕСКМТЛ при МВР или полициски службеник од гранична полиција врз основа на претходно доставено барање за сместување странец во Прифатен центар за странци на МВР за кој постои основ на сомнение дека е ПЖТЛ, а чие барање го одобрува Одделот за гранични работи и миграции (ОГРМ) со изготвување Решение за привремено сместување странец во ПЦС. Сместувањето во Прифатниот центар за странци се врши во што е можно пократок период и во согласност со Законот за странци. Децата може да се сметуваат и во згрижувачки семејства од страна на НМУ/ЦСР, доколку се процени дека нема безбедносен ризик по нив и дека тоа е во најдобар интерес за детето.

➤ *Давање на информации*

Давањето информации на претпоставените жртви треба да биде составен елемент за време на целиот процес на упатувањето. Добро дадените информации овозможуваат ПЖТЛ целосно да се информираат и да ја повратат својата сигурност и самостојно да одлучуваат за сите наредни чекори.

Информациите кои треба да бидат споделени со ПЖТЛ се однесуваат на:

- Периодот на одлучување и рефлексија (60 дена);
- Соодветно и безбедно сместување;
- Медицинска и психолошко-социјална помош;

- Превод и толкување;
- Правна помош;
- Образование;
- Вработување;
- Судски или административни постапки, како и право на азил;
- Можностите и постапката за безбедно доброволно враќање во матичната или во земјата каде што има престој;
- Условите за издавање дозвола за привремен престој во Република Северна Македонија;
- Надоместок на штета;
- Материјална помош.

Надлежност и обврска за споделување на горенаведените информации имаат: ПС од ЕТЛКМ/НЕСКМТЛ при МВР; надлежни службени лица од ЦСР/НМУ/МСПДМ; членови на МТ; инспектори при ДИТ; здравствени работници (ЗР); просветни работници (ПР) и претставници на ЗГ.

Првичните информации треба да му бидат дадени на лицето за кое постои основ за сомнение дека е ПЖТЛ во најкраток можен рок и да одговорат на итните потреби на ПЖТЛ. Информациите треба да бидат дадени на јазик што е разбирлив за претпоставената жртва на јасен, професионален и трпелив начин, поттикнувајќи ја да поставува прашања и да ги разбере намерите на лицето што ја информира. Информациите може да ѝ бидат дадени на претпоставената жртва и во пишана форма и да бидат преведени на јазик што е разбирлив за неа.

➤ *Рана проценка на ризик*

Целта на раната процена на ризикот е преку првичен разговор да се дознае за: непосреден ризик и закана по животот на ПЖТЛ или на член на нејзиното потесно семејство или нејзино блиско лице; за потребата од итна медицинска помош или други итни основни потреби и за да се планираат следните чекори за сигурност и добросостојба на ПЖТЛ.

Првичниот разговор со ПЖТЛ се води откако: жртвата ќе биде сместена на сигурно

место (безбедна локација); ќе ѝ бидат задоволени основните потреби; ќе ѝ бидат дадени информации за процесот на интервјуирање; ќе ѝ биде дадена можност да постави прашања, да истакне барања и даде согласност за понатамошно водење на разговорот.

Првичниот разговор никако НЕ треба да се води доколку ПЖТЛ: се наоѓа на локација што не е безбедна; има потреба од итна медицинска помош; не е во состојба да се води разговор (присутни знаци на голема вознемиреност и анксиозност); бара правен застапник; бара разговорот да се одложи или го одбива; има потреба од преведувач, односно знаковен толкувач; доколку е присутно друго лице од местото на експлоатација (а особено лица кои биле инволвирани во експлоатацијата на жртвата).

Доколку се работи за дете не треба да се започне разговор доколку не е присутен родител, односно старател и(ли) претставник од ЦСР!

Доколку детето одбива разговор, за следните чекори одлучува родителот, односно старателот или претставникот од ЦСР.

Раната проценка на ризик ја врши надлежно службено лице (кое може да биде ПС од ЕТЛКМ / НЕСКМТЛ или социјален работник од ЦСР / НМУ / МСПДМ) во соработка со обучени: здравствени работници, просветни работници, членови на мобилни тимови, трудови инспектори, здруженија на граѓани, други стручни лица во кои ПЖТЛ имаат доверба. Доколку проценатa на ризикот покаже дека се неопходни мерки за заштита на безбедноста, мора да се преземе итна соодветна акција за отстранување на ризикот (за истото може да послужи формуларот од Анекс 16).

➤ *Јазик и преведување*

Значајна мерка на која треба да се внимава кога се постапува со ПЖТЛ странец, особено со ПЖТЛ кои што немаат соодветно познавање на јазикот за комуникација со надлежните органи. Во овие случаи од суштинско значење е да се обезбеди соодветен преведувач или толкувач. Кога се применува мерката? Пред да започне процесот на идентификација, треба да се утврди дали има потреба од преведувач, односно толкувач и доколку е потребно, тој да се обезбеди. Кој може да биде преведувач, односно толкувач? Пред сè, тоа се овластените судски преведувачи, толкувач - лице што го познава јазикот на знаците, а потоа и ПС од МВР и надлежни службени лица од ЦСР при МСПДМ, како и претставници на меѓународни организации и на ДКП-а, но во исклучителни ситуации. *Лицата што биле затекнати со претпоставената жртва не треба да се користат како преведувачи, дури и кога тврдат дека ѝ се пријатели, членови на семејство*, итн. Причината е јасна, може тоа да се лица кои на било кој начин учествувале во врбувањето, транспортот или експлоатацијата на жртвата.

Она што е исто така важно и треба да се напомене е, дека пред да се започне со разговорот, ПЖТЛ мора да се информира за улогата на преведувачот, обврските и одговорностите на преведувачот, како и нивното право и можност во секое време да се откаже од назначениот преведувач. Од друга страна, и преведувачот треба претходно да биде информиран за природата на разговорот, за неговите обврски и одговорности за време и по разговорот. Праксата покажува дека најдобро е преведувачот да биде лице кое што има претходно искуство или, пак, лице кое е обучено да работи со високо ранливи категории лица.

Она што е особено важно е преведувачот да не ја познава претходно претпоставената жртва и да не доаѓа од исто место на живеење или од местото каде што е затекната претпоставената жртва!

➤ *Интервју за првична идентификација*

Интервјуто за првична идентификација на ПЖТЛ е во насока на евентуално утврдување на постоење на одредени елементи на КД ТЛ, односно КД ТД. Интервјуто со претпоставената жртва се спроведува на безбедна локација, по адресирањето или задоволувањето на основните потреби на жртвата и по давање јасни информации за причината за интервјуирање.

Доколку станува збор за дете - жртва, потребно е интервјуто за првична идентификација да го спроведе обучено лице на начин приспособен на возраста на детето, по правило од ист пол со детето, во присуство на родител, односно старател, во пријатна средина согласно стандардите за водење интервју со дете. Првичното интервју може да го спроведе ПС кој има посетувано обука за вршење на интервју во присуство на социјален работник или координатор на МТ.

Ова интервју не треба никако да се поистоветува со интервјуто за идентификација на ПЖТЛ, кое е структурирано и кое се врши врз основа на претходна процена на севкупно расположливите информации и извршена анализа на осознаените факти, кое го вршат исклучиво ПС од ЕТЛКМ / НЕСКМТЛ; ЦСР / НМУ и координатор од МТ.

Основна цел на интервјуто за првична идентификација е покрај утврдување на постоење на одредени елементи на КД ТЛ, односно на КД ТД (што заедно со одредени индикатори и околностите во кои е затекнато лицето, треба да доведе до сомнение за ПЖТЛ) основна цел е навремено и правилно упатување на ПЖТЛ.

Интервјуто пак за идентификација на ПЖТЛ се спроведува кога претпоставената жртва ќе се почувствува подготвена и кога е согласна истото да се спроведе, но најдоцна до истекот на периодот на закрепнување и рефлексија, односно за време на периодот на размислување и одлучување. Како што веќе напоменавме интервју-

то за идентификација на ПЖТЛ го вршат обучени и искусни ПС од специјализираната единица за борба против трговија со луѓе при МВР - ЕТЛКМ / НЕСКМТЛ и(ли) социјални работници од ЦСР, како и координаторот на МТ заедно со ПС и СР од МТ. Интервјуто не треба да се води, кога кај ПЖТЛ се забележуваат знаци на: вознемиреност, нервоза или агресивност; или кога има дополнителна потреба од медицинска помош и заштита; кога бара правен застапник, а тој претходно не е обезбеден; кога не е обезбеден превод за интервјуто; или кога ПЖТЛ бара разговорот да се одложи или го одбива. ПС од ЕТЛКМ / НЕСКМТЛ и(ли) лицето што го води интервјуто во согласност со изработениот „Формулар за идентификација на претпоставени жртви на трговија со луѓе“[26] врши процена на севкупните информации и анализа на осознаените факти. Примерок од Формуларот заедно со други документи од значење за утврдување на статусот на жртвата се доставуваат до Оперативниот тим за формална идентификација и одредување на статусот на жртвата.

По извршеното интервју за идентификација на ПЖТЛ ѝ се даваат детални информации за правата што ги има на располагање, вклучувајќи соодветни услови и обврски, како и можности да постави прашања. За наредните чекори во процесот на помош и заштита од страна на надлежните органи, согласноста на жртвата треба да се базира врз нејзина претходна информираност за прифаќање, т. е., информирана согласност.

➤ *Формална идентификација*

Што се однесува до формалната идентификација на ЖТЛ тоа накусо е - *Постапка за утврдување статус на ЖТЛ спроведена од страна на Оперативниот тим.*

Постапката за утврдување на статусот на жртвата се спроведува на седница на Оперативниот тим по добивање предлог, односно иницијатива од член на ОТ, а по претходно прибавени информации во контекст на индикаторите за идентификација на ЖТЛ.

(2) <u>Координирана помош и поддршка</u>

Координирана помош и поддршка е втората процедура од СОПи за постапување со ЖТЛ, која има за цел да се задоволат непосредните и основните потреби на жртвите и да се создадат услови за нивна безбедност. Помошта и поддршката на жртвите на трговија со луѓе започнува веднаш по нејзиното откривање и идентификација, од кога почнува и периодот на стабилизација и одлучување, т.е., закрепнување и рефлексија.

[26] Формулар за идентификација на ПЖТЛ

Помош и поддршка ќе се даде на сите претпоставени и идентификувани жртви на трговија со луѓе / деца кои ќе се затекнат на територија на Република Северна Македонија.

Периодот на закрепнување и рефлексија не е условен од соработката на жртвата со надлежните органи.

Координираната помош и поддршка опфаќа 5 мерки:

- Проценка на потребите на жртвата
- Развивање на план за помош на жртвата
- Согласност на жртвата за спроведување на планот за помош
- Дозвола за привремен престој
- Помош и поддршка

Постапувањето на ПС по оваа постапка, е во однос на четвртата мерка „Дозвола за привремен престој". Овде ќе се задржиме само на неа зошто дозволата за привремен престој ја издава надлежен орган при Министерството за внатрешни работи (ОГРМ).

Во овој контекст: на странецот, на кого ќе му се утврди статус на ПЖТЛ или ЖТЛ, му се издава дозвола за привремен престој ако: престојот е неопходен заради неговата лична безбедност или состојба или ако престојот е неопходен заради соработка со надлежни државни органи во откривањето на кривичните дела и гонење на сторителите.

Привремениот престој се одобрува за период до шест месеци и истиот може да се продолжи доколку сеуште се исполнети горенаведените услови.

Во случај кога жртви на трговија со луѓе се деца, раководејќи се од нивниот најдобар интерес, дозволата за привремен престој може да се продолжи.

Барање за издавање дозвола за привремен престој на жртва странски државјанин поднесува ЕТЛКМ/НЕСКМТЛ.

Привремен престој на жртва на трговија со луѓе ќе се одземе, доколку:

- ✓ странецот го злоупотреби или изгуби статусот на жртва на трговија со луѓе, или
- ✓ претставува опасност за јавниот ред и националната безбедност на Република Северна Македонија.

(3) Ресоцијализација и реинтеграција

Ресоцијализацијата и реинтеграцијата на ЖТЛ е третата процедура од СОПи, во која главни носители се одговорните лица за случаите на ЖТЛ од ЦСР, односно од НМУ. Оваа процедура има две мерки:

- Подготовка за ресоцијализација и реинтеграција (под која се подразбира планирање на мерки за помош кои ќе се преземаат за поддршка на жртвата);

- Спроведување на План за ресоцијализација и реинтеграција.

Од причина што не е предвидено постапување на ПС, на оваа процедура нема да се задржуваме повеќе.

(4) Враќање

Враќање е четвртата процедура од СОПи за постапување со ЖТЛ и истата опфаќа подготовка, превезување и прифаќање на жртвата во земја на потекло или во трети земји. На жртвите им се дава можност да се произнесат дали, кога и како би сакале да се вратат во нивните матични земји (ако е странски државјанин) или во местото на живеење (ако е домашна жртва). Процесот на враќање треба да е доброволен, достоинствен и безбеден за жртвата.

Процедурата содржи седум мерки:

- *Донесување одлука за враќање на жртва* (слободно ја донесува жртвата по целосно информирање за опциите и ризиците, кои се утврдени, а се однесува на продолжување на неговиот/нејзиниот престој во земјата на дестинација, враќање дома, или промена на живеалиште/ престојувалиште);

- *Проценка и управување со ризици* (е од битно значење заради обезбедување сигурност на жртвата и на нејзиното семејство. Согласно на проценката се подготвува план за управување со ризикот со цел негово ублажување или да се обезбеди ризикот целосно да се исклучи или да се сведе на минимум преку ефективно управување со него. Жртвата може да се врати во местото на живеење, односно во земја на потекло, само ако се утврди дека тоа не претставува закана по нејзината безбедност. Доколку тоа не е можно, треба да се предвидат можностите за промена на живеалиште или престојувалиште во трета земја согласно Законот за заштита на сведоци);

- *Пронаоѓање на семејството* (во случај кога жртвата го прекинала контактот со своето семејство, а изразила желба да се врати и да ги обнови контактите, се преземаат постапки за воспоставување на контактот со семејството);

- *Документи за идентификација* (мерката се презема кога жртвата нема документи за идентификација и е неопходно нивно обезбедување. Во овие

случаи се иницира обезбедување на документи веднаш по откривање на жртвата, а по носење на Одлука за враќање се обезбедува документација за патување. *Во патните документи никако не треба да стои дека лицето е жртва!!)*;

- *Информирање на жртвите* (Споделувањето на информации со жртвата има за цел истата да биде целосно запознаена за процесот на враќање без притоа истата да се ревиктимизира);

- *Споделување информации за жртвата пред заминување* (Споделувањето на информации помеѓу земјата на потекло и земјата на дестинација е со цел безбедно враќање и интеграција на жртвата во земјата на потекло);

- *Безбедно превезување и враќање* (се применува по донесување на одлуката за враќање, извршената проценка на ризик и изготвениот план за управување со истиот, како и по споделените и добиените информации од земјата на потекло).

(5) Кривична постапка

Кривичната постапка во случаи на ТЛ / ТД е последната процедура од СОПи за постапување со ЖТЛ.

Од аспект на ЖТЛ, кривичната постапка значи вклучување на жртвата како сведок, што следува по одлуката на жртвата да оствари соработка со полицијата и надлежните правосудни органи.

Кривичната постапка опфаќа 5 мерки:

✓ *Собирање на докази со поддршка на жртвата*

Учеството на жртвата во обезбедувањето на докази за кривична постапка е од особена важност. Преку соработка со жртвата се добиваат корисни информации на околности во врска со: начинот на врбување, видот и местото на експлоатацијата, средствата кои се применети за контрола на жртвата, како и корисни податоци во правец наидентификување на сторителите на кривичното дело трговија со луѓе.

Доколку се потребни дополнителни информации од жртвата, а жртвата - странски државјанин во меѓувреме е вратена во матичната или друга земја:

- Во фаза на предистрага, НЕСКМТЛ / ЕТЛКМ при МВР преку каналите за меѓународна полициска соработка (ИНТЕРПОЛ, ЕУРОПОЛ, СЕЛЕК, ТМУ контактите), доставува барање за пронаоѓање на жртвата;

- Во фаза на истрага, Јавниот обвинител со замолница за меѓународна правна помош или со барање за меѓународна соработка во кривичната материја, се обраќа директно до надлежниот Јавен обвинител на земјата на потекло или земјата во која жртвата престојува (доколку со таа држава имаме потпишано договор за соработка од областа на борбата против ТЛ) или до Министерството за правда, кое замолницата / барањето го препраќа до МНР или директно до институциите во земјата во која се наоѓа ЖТЛ за натамошно проследување и постапување. Во итни случаи замолницата / барањето, се доставува преку каналите за меѓународна полициска соработка, со тоа што примерок од замолницата / барањето се доставува и до Министерството за правда. Замолницата / барањето може да се прими и по електронски пат или на друг начин, по пат на телекомуникација, за што се составува писмен запис, а оригиналот се доставува по редовна пошта.

✓ *Подготвување на жртвата пред главната расправа*

Пред главна расправа жртвата се подготвува со цел:

- Да се запознае со нејзините права како што се:

  - право на полномошник кој ќе ја застапува и активно ќе учествува во кривичната постапка,
  - право на преведувач односно толкувач,
  - право да не одговара на одделни прашања,
  - право на процесна заштита,
  - право да присуствува на главна расправа и да учествува во доказна постапка, да поставува прашања преку полномошник на сведоци, вештаци и обвинети,
  - право да истакне имотно-правно барање за надомест на материјална и/или нематеријална штета,
  - право на судење на кое е исклучена јавноста.

- Да биде целосно информирана за текот кривичната постапка,

- Да биде свесна за улогата на различните лица вклучени во тој процес, и

- Да ѝ се даде психолошка и друга стручна помош и поддршка.

✓ *Поддршка на жртвата за време на главната расправа*

За време на главната расправа се дава поддршка на жртвата со цел да се минимизираат ризиците за безбедноста на жртвата, евентуалните влијанија од надворешни лица, траумaтизирањето и секундарната виктимизацијата на жртвата, за да истата даде веродостоен исказ.

✓ *Заштита на жртвата - сведок по завршување на главната расправа / програма за заштита на жртвата - заштитен сведок по завршување на главната расправа за време на главната расправа*

Во зависност од проценката на ризикот се изготвува План за заштита на жртвата. Притоа, жртвата сведок по завршување на главната расправа може да се врати во земјата на потекло или во друга земја или доколку жртвата сведок (без оглед на тоа дали е странски државјанин или државјанин на Република Северна Македонија) влезе во Програмата за заштита на сведоци, задолжително се применуваат мерките за заштитен сведок.

Заштитата на жртвата се дава по завршување на главна расправа, сè додека постои ризик по безбедноста на жртвата, како и по безбедноста на нејзини блиски лица, од секаков вид на закана по нивниот живот, здравје, слобода, физички интегритет или имот во поголем обем. Тука примарна улога имаат ЕТЛКМ / НЕСКМТЛ, ПС при СВР, членовите на МТ, ЦСР, а доколку жртвата е влезена во програмата за заштита на сведоци и Единицата за заштита на сведоци при МВР.

Заштитата на жртвата се спроведува преку спроведување на Планот за управување со ризик:

- Обезбедување на лична заштита (на жртвата и членовите на потесното семејство);
- Измена на личните податоци и чување во тајност на новиот идентитет;
- Промена на живеалиште, односно престојувалиште (обезбедување на ново безбедно живеалиште, односно престојувалиште);
- Информирање на жртвата и нејзиното семејство однапред за отслужувањето на затворската казна или за предвременото пуштање на сторителот на слобода (условен отпуст или помилување).

✓ *Поддршка на жртвата за поднесување на имотно - правно барање во кривичната постапка*

Формално идентификуваната жртва на трговија со луѓе се информира за правото на надоместок на материјална и нематеријална штета од државен фонд под услови и на начин пропишан со Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство, согласно начелото на општествена солидарност и да се спречи можна повторна виктимизација и секундарна виктимизација, како дополнително страдање што жртвите можат да го претрпат од односот на надлежните органи.

Жртвите имаат право на паричен надоместок за ублажување на последиците од кривично дело.

Жртвата има право на паричен надоместок без оглед дали сторителот на кривичното дело е познат и без оглед дали против сторителот на кривичното дело е поведена кривична постапка или пак постојат фактички или правни пречки за водење на кривична постапка.

Во овој контекст, полицијата, ЈО, судовите, Министерството за правда, ЦСР, здравствените и социјалните установи, се должни на жртвата да ѝ ги дадат сите потребни информации за правото на надоместок и за надлежниот орган до кој може да се обрати за остварување на ова право. Овие субјекти се должни на жртвата да ѝ ги дадат и сите потребни обрасци и на нејзино барање, да ѝ дадат општи упатства и информации за тоа како да го пополни барањето и која друга документација е потребна.

Притоа, предуслов за остварување на правото на надоместок е кривичното дело да е евидентирано или пријавено во полиција или во Јавното обвинителство за што надлежните органи на барање на жртвата (полицијата или јавното обвинителство) се должни на жртвата или на нејзиниот родител, односно старател или полномошник, да издадат соодветен документ (записник за примање на пријава, службена белешка или потврда) дека делото е пријавено или евидентирано како кривично дело.

3. КОНТИНУИРАНА ОБУКА НА ПС

3.1 Првична идентификација на ПЖТЛ

А) Општа цел на учењето:

- Слушателите да се запознаат со предизвиците при воспоставување на првичен контакт со лице ПЖТЛ;
- Слушателите да се запознаат со одредени насоки кои се од корист при остварувањето на првичен контакт и првично интервју со ПЖТЛ
- Слушателите да се запознаат со начинот на проценка на ризик и управување со ризикот

Б) Резултати кои се очекуваат:

- Слушателите имаат знаење за предизвиците и за основните насоки за остварување на првичен контакт и првично интервју со ПЖТЛ
- Слушателите во пракса ќе постапуваат, односно ќе ги применат стекнатите знаења при остварувањето на првичен контакт и првично интервју со ПЖТЛ
- Слушателите ќе можат самостојно да направат проценка на ризик и да изготват план со мерки и активности за управување со ризикот

В) Целна група:

- ПС кои посетуваат континуирана обука

Г) Претходни знаења:

- Претходни знаења се предуслов

Д) Време потребно за презентирање на содржината:

- Времето потребно за презентирање на содржината е три училишни часа (120 мин.)

Ѓ) Начин на презентација на содржината:

- Дидактички со користење на ППП (Power Point Presentation)

Е)Начин на проверка на знаењата

- Преку куси симулации и преку игра на улоги

СОДРЖИНА:

Препознавањето на елементите на КД ТЛ / ТД и околностите поврзани со жртвите на КД ТЛ/ ТД од страна на полициските службеници, како и преземањето соодветни мерки, подразбира не само познавање на одредбите од КЗ или од ЗКП, туку и поцелосно разбирање на бројните особености на овој општествен и криминален феномен.

Во многу случаи постои дилема кај ПС (не ретко и кај ЈО) дали се работи за случај на ТЛ / ТД или за друго сродно КД. Дилемата, односно двоумењето произлегува од

фактот дека особеностите на КД најчесто не се очигледни, а во дејствијата на извршување има сличности со дејствијата на извршување на други сродни КД. Но, за двоумењето околу правната квалификација, во многу придонесува и фактот што ситуациите во кои се одвива кривично - правниот настан, честопати подразбираат и одредено однесување на жртвите (доброволно или принудно) кое, на прв поглед, укажува на некаков вид на нивна законска одговорност, кривична или прекршочна (како на пример: за нелегално преминување на државната граница; остварување на нелегален престој; вршење на проституција; питачење; поседување психоактивни супстанции или нивно пренесување; или продавање; употреба на фалсификувани документи; вршење на измама, итн.).

Првичната идентификација на ПЖТЛ може да биде иницирана од различни актери во текот на извршување на работи од нивните надлежности: ПС од секторот за странци, ПС од сообраќајна полиција, ПС од гранична полиција, царински службеници, трудови инспектори, персонал на ЗГ, персонал на прифатни центри, граѓански лица, и сл. Затоа, постапувањето на субјектите од т.н. „прва линија“, во контекст на ТЛ, е многу важно.

Неспорен факт е дека ПС на „првата линија“ се задолжени со бројни, разновидни должности и работат врз основа на постапки во временски рамки кои се многу тесни. Тие согласно нашите процедури не можат формално да ја „финализираат идентификацијата“ на жртвата, но, можат значително да придонесат за започнување на процесот на идентификација, доколку врз основа на индикаторите за идентификација на ПЖТЛ и околностите во кои лицето се наоѓа, развијат основ за сомнение дека се работи за лице за кое се претпоставува дека е ЖТЛ и го упатат случајот до специјализираните субјекти (ЕТЛКМ / НЕСКМТЛ или ЦСР или НМУ). Доколку за време на извршувањето на нивните должности, ПС наидат на ПЖТЛ, важно е да го сфатат значењето на вредноста од преземањето на итни, неопходни мерки и да се справат со предизвикот во рамките на ограниченото време, ресурси и надлежностите што го имаат.

Овде ќе се задржиме на првичната или прелиминарната идентификација на ПЖТЛ. Но, на почетокот да се осврнеме малку и на дел од предизвиците со кои ПС може да се соочат при нивното постапување, а се поврзани со првичната идентификација.

Најчестиот и очигледен предизвик во идентификувањето на жртвите на трговија со луѓе е **скриената природа на кривичното дело**. Од една страна, трговците „се принудени“ да ги рекламираат „своите производи“ и услуги (особено кога станува збор за сексуална експлоатација на жртвите) како би остварите профит, а од друга страна, преземаат бројни мерки и активности жртвите да останат „скриени (невидливи)“ за органите на прогонот. На скриената природа на КД, во прилог ѝ погодува и фактот дека скоро сите жртви воопшто не се свесни за своите права како

жртви, не ги познаваат законите на земјата во која се врши експлоатацијата и често не го зборуваат локалниот јазик. Заради контролата која се врши над нив, не се осмелуваат (или едноставно не се во можност) да побараат помош. Сето тоа им оди во прилог на трговците со луѓе да ги прикријат трагите од криминалот и неговите жртви.

Следниот предизвик со кој се соочуваат ПС е **недостатокот на време**. Овој предизвик е чест особено кога се работи за жртви - странци, каде ПС од граничната полиција, секторот за странци, се „врзани" со одреден временски рок за постапување со лицето странец кое е затекнато, најчесто во извршување на одредени работни обврски, без да поседува соодветна дозвола за тоа или без да има регулиран престој. Во вакви случаи, доколку ПС не се запознаени со елементите на КД ТЛ, со индикаторите за идентификација на ПЖТЛ и доколку не се земат во предвид околностите во кои е затекнатото лицето, нема да се посомневаат дека имаат можен случај на ТЛ и најчесто поднесуваат прекршочна пријава до судија за прекршоци или КП до ЈО (ако се работи за КД). Тоа се случаи на затекнати странски државјанки во УО, странски државјани кои без дозвола за работа изведуваат градежни или други работи (земјоделски или сточарски) или пак, кога ПС од РЦ за ГР откријат група на иregуларни мигранти (меѓу кои може да има една или повеќе ЖТЛ). Во последниов случај - групата на иregуларни мигранти често пати бива откриена при превоз во возила на автопат, што повлекува потреба од итна дислокација на групата заради нивна безбедност, безбедност на ПС кои постапуваат, како и заради безбедност на другите учесници во сообраќајот. Во вакви случаи, каде императивот е време, реално е навистина тешко веднаш да се изврши првична идентификација на ПЖТЛ. Затоа, по дислокацијата на лицата на безбедна средина, треба да се направат сериозни обиди да се утврди евентуално постоење на одредени индикатори кои би довеле до сомнение за ПЖТЛ.

Предизвик со кој се соочуваат ПС е **несоработката на ПЖТЛ**, што може да биде последица на: *недоверба* кон ПС, односно кон униформата генерално (како последица на негативно искуство од земјата на потекло или претходно престојувалиште на жртвата, каде униформирани лица, припадници на полицијата или војската, активно соработуваат со ОКГ кои извршуваат КД на ТЛ / ТД или пак истите се јавуваат како корисници на услуги од жртвите); *страв* (предизвикан од сериозни закани упатени од трговците кон жртвите и(ли) нивните семејства) или кога жртвите *не се препознаваат себе си како жртви* (што е чест случај особено при трудовата експлоатација) или како *последица од траума*. Генерално, треба да се има во предвид дека, лицата кои се ЖТЛ - се лица кои честопати биле подложени на манипулација, измама и злоупотреба, што има силно влијание при нивната одлука да ја „дадат" нивната доверба на други, особено непознати лица. Од овие причини, тие може да имаат тешкотии да поверуваат во добрите намери на ПС кој за нив е целосно непознато лице. Ова секако може да го отежни идентификувањето на

жртвите, а исто така да создаде бариера за нив, како во прифаќањето, така и во одбивањето да добијат помош и(ли) да влезат во одредени програми за заштита.

Од друга страна, и голем број на ирегуларни мигранти, кои транзитираа преку територијата на нашата држава, иако имаа обележја што ги идентификува како ПЖТЛ, тие не соработуваа со ПС. Тие беа подготвени да трпат одредени состојби само што поскоро да ја напуштат територијата на Република Северна Македонија и да продолжат кон земјата на нивната крајна дестинација.

Предизвик е и **опструкцијата или попречувањето на ПС во преземањето на одредени дејствија или овластувања**, кое може да го врши лице или група, преку вршење на одреден вербален (понекогаш и физички) притисок врз ПС или преку предизвикување на посериозен револт и негодување кај присутните лица на дадена локација или простор, дури да предизвикаат и поголемо нарушување на јавниот ред и мир, сè со цел да се одвлече вниманието од жртвата.

Ова е чест случај при вршење на акциски контроли во УО или при преземање на активности на аеродромски терминали во случаи на пристигнување на поголема група патници.

Еден од предизвиците е и **недоволното познавање на феноменот ТЛ** (елементите на КД ТЛ, модусот операнди на одредени ОКГ, индикатори за ТЛ / ТД, како и СОП за постапување со ЖТЛ).

Сите овие предизвици поединечно или кумулативно може да резултираат со непрепознавање на ПЖТЛ, па наместо да се идентификува лице - сторител на КД ТЛ / ТД, се идентификува лице водич на група ИМ или работодавец кој ги прекршил правата од работен однос на работникот или лице (макро) кое подведува женско лице на проституција, итн. Од друга страна, наместо да се идентификува ПЖТЛ, се препознава лице – мигрант или лице кое употребува туѓа или фалсификувана ПИ или работник со повредени права од работен однос или сексуална работничка, итн.

Првичната идентификација на ПЖТЛ, подразбира остварување на првичен контакт со жртвата. Од тој првичен контакт понатаму зависи како ПЖТЛ ќе се однесува, односно како ќе одговори на напорите и намерите на ПС за градење доверба и давање на помош и поддршка. Затоа, за остварување на првичниот контакт со жртвата ПС е потребно да поседува одредени вештини и внимание. Усвојувањето соодветни *безбедносни и етички процедури* во многу што користи при остварувањето на првичниот контакт со жртвата. Доколку им се пристапи на жртвите на чувствителен, емпатичен и неосудувачки начин, многу жртви полесно стекнуваат доверба и слободно ја раскажуваат својата приказна.

Првичната идентификација може да се изврши во сите фази од ТЛ:

➡ Првична идентификација во фазата на регрутирање:

За да се изврши првична идентификација на ПЖТЛ во оваа фаза потребно е пред сè проактивно постапување на ПС.

Во оваа рана фаза индикаторите се посуптилни, но сепак препознатливи ако се следат систематски. Клучни индикатори во фазата на регрутација би биле:

- ✓ *Необични понуди* за работа или студирање; ветувања за високи приходи; за брз напредок или презентирање на услови за патувања без јасни детали;
- ✓ *Недостаток на транспарентност*, што значи отсутност на договори или пак доколку има потпишано договори, договорите се потпишани на јазик кој лицето не го разбира, или, целосно не постојат или пак не се јасни информациите за работодавачот или агенцијата која посредува при вработувањето;
- ✓ *Притисок за донесување на брза одлука*, преку инсистирање договорот да се потпише веднаш или на патување да се замине веднаш, без да се остави време за проверка;
- ✓ *Зависност од регрутерот*, преку добиено ветување од регрутерот дека, тој или таа, ќе обезбеди се што е потребно: превоз, сместување, документи, сè со цел да ја направи личноста зависна;
- ✓ *Манипулативна комуникација* при што многу често се користат емоционални врски, романтични ветувања или семејни ветувања за подобар живот;
- ✓ *Регрутација преку интернет* особено преку социјални мрежи, каде што се користат лажни профили и фотографии.

Како може да се направи првичната идентификација?

- ✓ *Поставување насочени прашања* кон лицето за: условите на понудата; детали од договорот; детали за патувањето и сместувањето, итн.;
- ✓ *Проверка на документи и информации* (дали постои официјален договор, дали компанијата е регистрирана, дали агенцијата е регистрирана, итн.)*;*
- ✓ *Набљудување на однесувањето (дали лицето е збунето, под притисок, дали избегнува да даде детали); и секако преку*
- ✓ *Заеднички пристап*, што подразбира координација на активностите со други институции: ЦСР, УЈП, ЗГ, итд.

➠ Првична идентификација во фазата на транспорт:

Во оваа фаза индикаторите се поочигледни и поразвиени. Во оваа фаза, ПЖТЛ со лице одговорно за нивно придружување (и контрола), веќе се движат кон дестинацијата каде треба да започне нивната експлоатација (иако, како што веќе напоменавме, експлоатацијата може да започне и во оваа фаза).

Најзастапените индикатори во оваа фаза се:

- ✓ *Недостаток на документи* (патните исправи се задржани од „придружникот" или лицето поседува „нови" документи - за прв пат поседува ПИ);
- ✓ Лицето *придружник* одговара на поставените прашања наместо групата (истите не смеат да одговараат самостојно на прашањата);
- ✓ Очигледен *страв и(ли) збунетост*, избегнување визуелен и вербален контакт со службени лица или видлива анксиозност;
- ✓ *Немање на познавање за рутата или дестинацијата* (лицето не знае каде оди или каде ќе престојува);
- ✓ *Група лица со идентични приказни* (повеќе лица даваат исто објаснување, очигледно научено напамет);
- ✓ *Финансиска зависност* (лицето не може да презентира доказ за поседување на потребни финансиски средства или патувањето е целосно финансирано од „агент").

Практични чекори кои можат да послужат за првичната идентификација се:

- ✓ *Проверка* на документи и визи;
- ✓ *Разговор* насочен кон ПЖТЛ, одвоено од лицето кое ја придружува;
- ✓ *Вклучување на ПС* од гранична полиција (доколку се работи за странец), трудови инспектори и(ли) социјални работници.

➠ Првична идентификација во фазата на експлоатација:

Во оваа фаза индикаторите се најочигледни, бидејќи ПЖТЛ веќе е вклучена во експлоатативни активности. Кои индикатори може да се употребат:

- ✓ *Контрола и ограничување на движење и комуникација* (лицето не смее да се движи слободно, нема сопствени клучеви од објектот во кој живее / престојува, не поседува телефон);

- ✓ *Задржување на дел или на целата заработка* (парите ги зема друг, лицето нема пристап до сопствените средства);
- ✓ *Лоши (нехумани) услови за работа и живот* (пренатрупани простории, недоволна или лоша по квалитет храна, немање на услови за одржување на основна хигиена, непостоење на медицинска грижа);
- ✓ *Физички или психолошки траги* (повреди, тетоважи кои означуваат сопственост, исцрпеност, страв од разговор со службени лица);
- ✓ *Изолација* (нема контакт со семејство, нема документи, нема слобода да напушти работно место, нема контакт со локалното население);
- ✓ *Присилна проституција или присилно извршување на криминални активности* (лицето е принудено да работи или да врши нелегални активности против својата волја).

Практични чекори кои може да се применат за првична идентификација:

- ✓ *Доверлив разговор со ПЖТЛ*, без присуство на лица „контролори";
- ✓ *Вклучување на специјализирани тимови* за поддршка и заштита (ЕТЛКМ / НЕСКМТЛ, ЦСР, МТ);
- ✓ *Документирање на состојбата и упатување* кон институции за помош.

Согласно погоре наведеното, без оглед на тоа во која фаза се врши првичната идентификација, една од првите цели на ПС кој доаѓа во контакт со ПЖТЛ треба да бидеобидот за воспоставување на однос на доверба. Колку е поголем степенот во кој жртвата чувствува дека е почитувана и дека нејзината благосостојба и заштита се приоритет, толку е поголема веројатноста лицето да сподели точни и интимни детали за своето искуство.

За да се реализира оваа цел, потребно е а се преземат одредени чекори. Најнапред потребно е да се *набљудува*, да се набљудува држењето на лицето или лицата кон кои се пристапува и држењето на лицето или лицата кои ги придружуваат. Ова е со цел евентуално, да се препознае некој од индикаторите за ТЛ (општите и конкретните кои се однесуваат на одреден вид на експлоатација) како во однос наразвивање на сомнение за ПЖТЛ, така и во однос на сомнение дека лицето или лицата во придружба се можеби лица кои се инволвирани во извршување на КД ТЛ / ТД. Набљудувањето треба да ги опфати и околностите во кои е затекнато лицето (услови во кои извршува одредени работни задачи; условите на сместување и живеење; работна облека која ја носи или поседува; поседување на вештини за користење на одреден алат; локација на која лицето е затекнато, и сл.). Преку внимателно забележување може да се дојде до сомнение дека одредено лице е

или не е ПЖТЛ.

Доколку се дојде со сомнение за ПЖТЛ, потребно е лицето за кое постои сомнение дека е ПЖТЛ да биде „доведено" во безбедна средина. Доколку во непосредна близина се наоѓа лице кое е во својство на придружник, ПС треба да се обиде да го одвои лицето за кое постои сомнение дека е ПЖТЛ од тоа лице, бидејќи лицето што ја придружува може да биде дел од криминалната мрежа за трговија со луѓе задолжено за контрола на ПЖТЛ и тоа лице да врши притисок врз ПЖТЛ да не соработува, упатувајќи ѝ вербални или невербални закани.

Следниот чекор е *проценка и адресирање на првичните итни потреби и ризици* во однос на лицето. Што опфаќа првичната проценка?

Првичната проценка на ризик опфаќа:

- ✓ Потреба од итна медицинска помош или други итни основни потреби (потреба од храна, вода, облека и сл.);
- ✓ Првично идентификување на конкретен ризик по личната безбедност на ПЖТЛ и(ли) по безбедноста на членовите на нејзиното семејство или други лица блиски на ПЖТЛ;
- ✓ Идентификување на ризик за животот и телесниот интегритет на други жртви на ТЛ за кои ПЖТЛ има сознанија или ризик од нивна дислокација;
- ✓ Ризик по личната безбедност на ПС (доколку се донесе одлука за итно дејствување на друга локација), а постојат сознанија дека лицата инволвирани во ТЛ се вооружени, итн.

Во однос на изготвувањето на проценката на ризик и управувањето со ризик, се препорачува да се користи унифицираниот формулар[27] и матрицата во форма 3 x 3[28], која и најчесто се користи кај нас при изготвувањето на проценката на ризик.

Во некои земји се користи и матрица за проценка на ризик во форма 5 x 5[29].

Формулата се состои во множење на веројатноста од настанување на ризикот со тежината на последицата од настанувањето на ризикот.

Покрај проценката на ризик, се разбира потребно е изготвување и на План за управување со ризикот. Тоа значи, дека врз основа на проценетата веројатност од настапување на ризикот и од степенот на штетноста на последицата од ризикот, треба да се планираат соодветни мерки и активности кои би биле во насока:

[27] Види Анекс број 18
[28] Види Анкекс број 19 - Пример за матрица за проценка на ризик 3x3
[29] Види Анекс број 20 - Пример за матрица за проценка на ризик 5x5

1. На спречување од настанување на ризикот и неговите штетни последици; или

2. Сведување на понизок степен на веројатноста за настанување на ризикот и сведување на минимум на последиците; или

3. Извлекување на заклучок дека не постои никаква можност да се спречи настанувањето на предвидениот ризик, но се планираат мерки за ублажување на последиците од неговото настанување.

> ***Проценката на ризик никогаш не опфаќа само еден ризик.*** **За секој утврден ризик се прави посебна проценка и се планираат посебни мерки и активности за управување со ризикот. Еднаш направена проценка, не е изготвена проценка засекогаш. За да биде проценката што пообјективна и да ја „отсликува" реалната ситуација, таа мора да се обновува (апдејтира) согласно новодобиените податоци и информации.**

Особено важен чекор при првичниот пристап и првичната идентификација на ПЖТЛ, е проценката, дали лицето познава јазик на кој би можело да се комуницира со него. Доколку не постои јазична бариера за комуникација и доколку лицето е согласно и е во можност да комуницира, се врши „скрининг" или првично интервју во кое најнапред ПС се претставува, а потоа му ја појаснува на лицето целта за спроведување на интервјуто - а таа е да му се понуди помош, поддршка, како и заштита (лична и на лица кои му се блиски), како и да се охрабри или опушти лицето преку давање на информација дека нема да има законски последици по него за постапувања за кои било принудено да ги стори. Притоа, се преземаат чекори во насока на утврдување на идентитетот на лицето (преку приложување на соодветен документ за идентификација). Ако нема документ, потребно е да се утврди каде е, дали е кај друго лице или му е уништен од некого. Ако приложи фалсификуван документ, да се направи обид да се утврди како го обезбедило документот - (лично или му го дало друго лице). За време на ова постапување, ПС треба да за цело време да се труди да препознае некој индикатор (општ или конкретен) дека можеби е во контакт со ПЖТЛ.

> ***Во било кој момент од постапувањето,*** **доколку ПС се посомнева дека кај лицето постојат индикатори за одреден вид на експлоатација, или дека претстои негова експлоатација, треба *без одлагање* да ги извести ПС од ЕТЛКМ / НЕСКМТЛ или ЦСР или НМУ.**

Доколку ПС наиде на лице за кое се сомнева дека е ПЖТЛ, а не е во можност да ги преземе горенаведените активности (заради недостаток на време и ресурси или заради одредени други околности), ПС ***треба веднаш да го предаде случајот*** на

специјализираната единица (ЕТЛКМ / НЕСКМТЛ) или на социјален работник од ЦСР, кои имаат ресурси, знаење и вештини, да спроведат проценка на случајот, евентуално обезбедувајќи што е можно повеќе релевантни информации за елементите на КД ТЛ / ТД. Со тоа ПС допринесува да се зголемат шансите:

- лицето да биде оттргнато од процесот на експлоатација и да му се даде неопходната помош и поддршка,
- да се обезбедат докази неопходни за гонење на трговците со луѓе,
- да се сведат на минимум ризиците од секундарна виктимизација на лицата кои се жртви на трговија со луѓе (меѓу другото и преку повеќекратно повторување на трауматичниот настан без оглед на тоа дали прераскажувањето се врши кон ПС од разни организациони единици при МВР или кон други претставници на релевантни институции).

Кога станува збор за првична идентификација на дете - ПЖТЛ, **првична активност** е известување на социјален работник од ЦСР и сместување на детето во ПЦЖТЛ (доколку има безбедносен ризик по детето) или во згрижувачко семејство. Ова значи дека, децата ПЖТЛ не треба да се задржуваат во простории на полиција, туку се предаваат на органите за старателство, кои ги сместуваат во соработка со ЗГ.

Разговор со детето или испрашување на околности од минатото никако не се води на лице место и секако не веднаш. **Првично интервју** со детето ПЖТЛ се води од страна на претставници на специјализирани служби: ЦСР, ЕТЛКМ / НЕСКМТЛ, обучени за водење на интервју со деца, по можност од ист пол со детето. Интервјуто се води во согласност со стандардите за водење интервју со дете, имајќи ја во предвид неговата физичка и психичка состојба, како и степенот на интелектуална зрелост, заради намалување на натамошната виктимизација на детето ПЖТЛ. **Проценка на возраста** на детето ПЖТЛ - се прави врз основа на физичкиот изглед, психичката зрелост, изјавата на детето - жртва, расположливата документација, преку проверки во евиденции, лекарски мислења и амбасади (доколку детето е странец).

3.2 Заштита, упатување и поддршка на ПЖТЛ

А) Општа цел на учењето:

- Слушателите да се запознаат со постапките за правилна заштита и упатување на ПЖТЛ

Б) Резултати кои се очекуваат:

- Слушателите имаат знаење за тоа што значи заштитувањето и упатувањето на ПЖТЛ
- Слушателите во пракса успешно ќе постапат во насока на заштита на ПЖТЛ
- Слушателите во пракса ќе знаат како правилно да упатат ПЖТЛ

В) Целна група:

- ПС кои посетуваат континуирана обука

Г) Претходни знаења:
- Претходни знаења се предуслов

Д) Време потребно за презентирање на содржината:
- Времето потребно за презентирање на содржината е еден училишен час (45 мин.)

Ѓ) Начин на презентација на содржината:
- Дидактички со користење на ППП (Power Point Presentation)

Е)Начин на проверка на знаењата
- Врз основа на претходно спроведените куси симулации и игра на улоги да презентираат мерки за заштита и начин на упатување на ПЖТЛ

СОДРЖИНА:
По првичната идентификација дека одредено лице е ПЖТЛ, следниот значаен чекор е заштитата и упатувањето на лицето.

Упатувањето на ПЖТЛ се врши преку известување дадено на НМУ или на ЕТЛКМ / НЕСКМТЛ, со цел обезбедување заштита, првична помош и сместување на ПЖТЛ во соодветна безбедна локација утврдена со закон.

Суштината е дека првичната идентификација мора веднаш да се надополни со заштита и упатување, за да се спречи понатамошна експлоатација на жртвата и да ѝ се обезбеди пристап до права и услуги.

Она што секогаш треба да се има во предвид е дека жртвите на трговијата со луѓе страдаат од психолошки, социјални и физички последици предизвикани од трауматски искуства, злоупотреба, експлоатација и понижување. Последиците од ТЛ врз здравјето, и воопшто, врз благосостојбата на жртвата, можат да бидат длабоки и долготрајни. Жртвите вообичаено ќе имаат потреба од специјализирани услуги за поддршка, прилагодени на нивните индивидуални потреби.

Полициските службеници имаат клучна улога во првата линија на заштита и упатување на претпоставените жртви на трговија со луѓе. Суштината е дека ПС мора да постапуваат како заштитници на човекови права, а не само како органи за спроведување на законот. Заштитата и упатувањето не се административна формалност, туку првиот чекор кон спасување и рехабилитација на жртвата.

Во оваа насока, за постапувањето на ПС најважно е:

- <u>Претпоставените жртви на ТЛ да се заштитат</u>

Преку заштитата на ПЖТЛ, целта е да се обезбеди физичка безбедност на жртвата и адресирање на итните потреби на жртвата, како и споделување на неопходни ин-

формации со ПЖТЛ во однос на натамошните мерки. Во однос на адресирање на итните потреби на ПЖТЛ, ПС остваруваат соработка со ЦСР и ЗГ.

Што подразбира заштитата:

✓ *Обезбедување на итна физичка безбедност:*

- Физичко одвојување од трговците,
- Обезбедување на сигурно (безбедно) сместување (преку НМУ).

✓ *Задоволување на основните потреби (преку НМУ и ЦСР):*

- За храна (жртвите често добиваат храна која е со низок квалитет и во недоволни количини или храна која е остаток од јадењето на лицата кои ги експлоатираат. Во некои случаи, еден од начините на казнување на жртвите е и недавањето на храна на жртвите),
- Облека (особено во случаите на сексуална експлоатација, каде жртвите носат оскудна провокативна облека, при трудова експлоатација или преку питачење, каде жртвите имаат на себе дотраена, искината или валкана облека или облека која не соодветствува на временските услови),
- Медицинска грижа (заради живеење во супстандардни услови, со лоша исхрана и изложеност на временски неприлики или на тешка физичка работа или заради давање на сексуални услуги без заштита, на жртвите им е потребна и конкретна медицинска помош и грижа),
- Психосоцијална поддршка (неопходна за рехабилитација и реинтеграција на жртвите, преку навремено ангажирање на стручни лица).

✓ *Обезбедување на правна заштита (ПС, ЦСР, ЗГ - МЗМП):*

- Навремено и целосно информирање за правата на жртвата,
- Информирање за можноста за добивање статус на жртва и за бенефициите од таквиот статус,
- Овозможување на пристап до адвокат, односно до правен застапник.

✓ *Постапување со жртвите по принцип на доверливост:*

- Заштита на личните податоци,
- Заштита на приватноста на жртвата,

- Неоткривање на податоци кои би можеле да ја загрозат безбедноста на жртвата или на нејзини блиски лица или податоци со кои би се нанела штета (психолошко - емоционална, материјална, и сл.).

✓ *Чувствителност:*

- Посветување на должно внимание на културните разлики, како кога станува збор за ПЖТЛ странец, така и за припадник на разните етнички групи во Република Северна Македонија, кои имаат свои културолошки особености,

- Остварување на чувствителна, емпатична комуникација.

✓ *Доброволност, односно информирана согласност* - секоја мерка што се планира или што се презема мора да биде доброволна, без притисок врз жртвата и секогаш со нејзина согласност, која што ќе биде добиена врз основа на претходна информираност на жртвата за целите заради кои одредена мерка се презема.

- Упатување на ПЖТЛ (Referral)

Упатувањето е формализиран процес на „пренасочување“ на жртвите кон надлежни институции (ЕТЛКМ / НЕСКМТЛ, ЦСР) и организации (ЗГ) и активирање на националниот механизам, кој во Република Северна Македонија е *Национален механизам за упатување* (НМУ), кој ги координира надлежните субјекти во однос на обезбедувањето заштита, помош и поддршка на жртвите.

Надлежноста на НМУ во однос на (П)ЖТЛ е:

- Проценка на потребите на жртвите,

- Упатување на жртвите на организации, односно институции и лица задолжени за давање на директна помош на жртвите,

- Координација на заштитата на жртвите,

- Информирање на жртвите за нивниот статус и права,

- Следење на процесот на давање на помош и поддршка.

При упатувањето, многу е важно ПС да ја информира ПЖТЛ за тоа каде и зошто се упатува¸ и секако да обезбеди согласност (информирана согласност) од ПЖТЛ за истото.

Понатамошното постапување со ПЖТЛ во поглед на координираната помош и поддршка е во согласност со СОПи за постапување со ЖТЛ и е во надлежност на НМУ / ЦСР и одговорно лице од ЦЖТЛ, кои соработуваат со здравствени работници, ЗГ, итн.

ПРЕПОРАКА:
Доколку обучувачот или демонстраторот констатира дека постои интерес кај слушателите да добијат повеќе информации за координираната помош и поддршка на жртвите, би можел да организира на некое од предавањата да повика стручно лице од ЗГ (на пример: Ла Страда - Отворена Порта) кои имаат долгогодишно искуство од работа со (П)ЖТЛ и кои низ практични примери можат да им ги доближат термините: „траума", односно „трауматска состојба на ЖТЛ", која состојба е последица од подложноста на ЖТЛ на експлоатација, како и на кој начин им помагаат на ЖТЛ во процесот на рехабилитација и ресоцијализација.

Воедно, може да се повика и лице од ГЗ на МЗМП кое низ практични примери ќе ги запознае слушателите со видовите и начините на давање на правна помош на ЖТЛ.

3.3 Интервју со ПЖТЛ (форензичко интервју, користење на „РЕАСЕ" модел)

А) Општа цел на учењето:
- Слушателите да се запознаат со основните упатства (насоки) и техники кои се важни при спроведувањето на интервју со ПЖТЛ и со т.н. „РЕАСЕ" модел кој е појдовна основа за спроведување на квалитетно интервју со ПЖТЛ

Б) Резултати кои се очекуваат:
- Слушателите имаат знаење за техниките неопходни за водење на интервју со ПЖТЛ
- Слушателите се запознати со „РЕАСЕ" моделот, ја знаат важноста која ја има и во пракса секое интервју би го реализирале имајќи го во предвид овој модел

В) Целна група:
- ПС кои посетуваат континуирана обука

Г) Претходни знаења:
- Претходни знаења се предуслов

Д) Време потребно за презентирање на содржината:
- Времето потребно за презентирање на содржината се три училишни часа (120 мин.)

Ѓ) Начин на презентација на содржината:
- „Бура на идеи" за важните принципи при водење на интервју со ПЖТЛ
- Дидактички со користење на ППП (Power Point Presentation)

Е)Начин на проверка на знаењата
- Преку куси симулации на интервју со ПЖТЛ (за што би можело да се повикаат и лица од ЗГ или студенти од Факултетот за драмски уметности во Скопје)

СОДРЖИНА:

Форензичко интервју со ПЖТЛ се спроведува заради: утврдување на постоење на елементи на КД ТЛ / ТД; добивање на информации во однос на начините на врбување и експлоатација; податоци и информации кои би помогнале во насока на идентификување на сите лица инволвирани во сторувањето на делото; како и информации и податоци кои би биле своевидна насока за тоа каде и како би можеле да бидат обезбедени докази, неопходни за понатамошната кривична постапка.

Според СОПи за постапување со ЖТЛ, ова интервју треба да се спроведе најдоцна до истекот на периодот на закрепнување и рефлексија, односно за време на периодот на размислување и одлучување. Согласно член 121 од Законот за странци, периодот на закрепнување и рефлексија е во траење *до два месеца*. Овој период ѝ се овозможува на ПЖТЛ заради укажување заштита и помош во закрепнувањето и избегнување на влијанието на сторителите на КД ТЛ / ТД. За време на овој период (на закрепнување и рефлексија), странецот кој е ПЖТЛ треба да донесе одлука дали ќе соработува со надлежните државни органи во откривањето на кривичните дела и гонење на нивните сторителите или ќе се врати во државата чиј државјанин е или во државата во која има законски престој.

Периодот на закрепнување и рефлексија *не е условен од соработката* на ПЖТЛ со надлежните државни органи.

Кога се работи за деца, овој период може да се продолжи!

Согласно горенаведеното, интервјуто со ПЖТЛ се води, во одреден период по сместувањето на ПЖТЛ во сигурна и безбедна средина, кога жртвата се чувствува подготвена и кога е согласна за спроведување на интервјуто.

Според СОПи за постапување со ПЖТЛ, интервјуто го водат обучени ПС од специјализираната единица при МВР (ЕТЛКМ / НЕСКМТЛ) и СР при ЦСР.

Пред подетално да го разработиме PEACE моделот и да се запознаеме со основните техники и упатства за водење на интервјуто за идентификација на ПЖТЛ, да објасниме што значи акронимот на PEACE моделот:

Planning and preparation (планирање и подготовка)
Engaging and explaining (посвети внимание и објасни)
Account (Изјава / раскажување)
Closure („Затворање“ на интервјуто)
Evaluation (Евалуација)

„Планирањето и подготовката“ за интервјуто е важен чекор пред пристапување кон спроведувањето на самото интервју. Планирањето и подготовката подразбираат минимум планирање за тоа *каде* интервјуто ќе се спроведе (локација, просторија), *кој* ќе го спроведе (се препорачува да биде ПС и(ли) СР од ист пол како и ПЖТЛ) и кои и *какви прашања* ќе ѝ бидат поставени на ПЖТЛ (притоа да се внимава ПЖТЛ да не се ревиктимизира со прашањата, а да се исполни целта заради која се спроведува интервјуто).

„Посвети внимание и објасни“, се однесува на внимателното и професионално пристапување кон интервјуто, имајќи го во предвид психо-физичкиот развој на ПЖТЛ, со соодветно објаснување на целите за спроведување на интервјуто.

„Изјавата или раскажувањето“, се однесува на главниот дел од интервјуто, каде ПЖТЛ со свои зборови, слободно, раскажува за околностите поврзани со врбувањето и експлоатацијата.

„Затворањето“ на интервјуто, се однесува на појаснување на одредени делови од раскажувањето и објаснување на следните „чекори“.

„Евалуацијата“ на интервјуто, значи дека се врши анализа на добиените податоци и информации врз основа на кои ќе се донесе одлука за планирање и спроведување на следните активности.

При спроведувањето на форензичкото интервју со ПЖТЛ во пракса секогаш се внимава на бројот на ПС и(ли) СР кои ќе бидат присутни. Вообичаено тоа е еден или двајца ПС од ЕТЛКМ / НЕСКМТЛ и еден СР, лице преведувач или толкувач доколку има потреба, како и лице во кое ПЖТЛ има доверба (психолог или друго стручно лице), како и правен застапник. ПС со себе не носат (видливо) оружје, беџови (легитимации), и сл., што би можело да предизвика вознемиреност кај ПЖТЛ.

Од особена важност е што овие ПС, односно СР, поседуваат стручни знаења во однос на препознавање на елементите на КД ТЛ / ТД, но и во однос на сродните и други дела од КЗ, како и стручни знаења од други релевантни закони кои би биле во врска со истрагата или со натамошното обезбедување на заштита на ПЖТЛ (ЗКП, Закон за странци, Закон за следење на комуникации, Закон за паричен надомест на жртвите на кривични дела со насилство, Закон за заштита на сведоци, и сл.). Особено е важно истите да поседуваат стручни знаења и вештини во однос на техниките на водење на разговор прилагодени на жртвите, свесност и внимателност во однос на културните разлики, а притоа, ставајќи ја благосостојбата на жртвата во центарот на нивното внимание.

Преземањето на сите активности во случаите на спроведување на интервју со лица-

та со посебни потреби, како и во однос на децата - жртви, е секогаш на многу повисок степен на внимателност и бара многу поголема стручност (поседување на посебни знаења и вештини за спроведување на интервју).

Постојат повеќе насоки до кои треба да се придржува секој ПС и СР при спроведување на интервју со ПЖТЛ за да се исполнат основните цели заради кои и се планира односно спроведува интервјуто (да се минимизира повторното трауматизирање на жртвата, а да се добијат што е можно повеќе информации од неа, кои би биле од корист за истрагата). Овие насоки се однесуваат на следното:

- *Интервјуто да се спроведе во средина што обезбедува приватност.*

Тоа е вообичаено средина во која жртвата не се чувствува загрозено, каде жртвата има приватност и комфор. Затоа треба да се земе предвид како жртвата го перципира местото. Во овој контекст, не се претпочитаат места како хотели, засолништа, приватни канцеларии, верски објекти, итн., и секако не на локација или на местото каде што жртвата била експлоатирана.

- *Пред да се започне со интервјуто потребно е лицата кои ќе го спроведат интервјуто да се претстават, да ја опишат својата улога и да ја објаснат целта зошто ќе се спроведе интервјуто на начин приемчив за жртвата (со оглед на нејзината возраст и степенот на интелектуален развој).*

Зошто е ова важно?

Од тука почнува да се гради односот на доверба меѓу жртвата и лицето што го спроведува интервјуто. Кога се објаснува својата улога (на пример: „Јас сум тука за да слушнам и да помогнам“), жртвата добива чувство дека не е доведена на испрашување, туку во процес на поддршка.

Инаку, односот на доверба се гради во текот на целиот разговор!

Воедно, жртвата веднаш добива информација кој е пред неа и зошто е таму. Тоа ја намалува неизвесноста и стравот, а развива и чувство дека е почитувана, добива впечаток дека нејзиното време и искуство се ценети.

Објаснувањето на целта, од една страна овозможува жртвата да добие одредена претстава за тоа што може да очекува, а од друга страна ја намалува анксиозноста кај жртвата. Таа е повеќе подготвена да сподели информации кога знае дека тие ќе се користат за нејзина заштита.

Ако не се објасни улогата, жртвата може да стекне убедување дека ПС е инспектор

кој дошол со намера да ја казни или дека е некој службеник кој по разговорот ќе ја депортира.

- *Пред да се започне со интервјуто треба да се утврди и дали има потреба од преведувач или толкувач.*

Доколку жртвата не го зборува македонскиот јазик или друг јазик со кој може лицето кое го води интервјуто да разговара со жртвата, јасно е дека не постојат едни од основните предуслови за спроведување на интервју со ПЖТЛ.

Затоа, доколку има потреба од преведувач или толкувач (во понатамошниот текст само „преведувач“) треба да се има во предвид следното:

- Преведувачот, треба *да биде неутрален*. Тоа значи дека преведувач не смее да биде лице кое било со жртвата на местото на експлоатација, па дури тоа лице да било и друга жртва. Исто така, преведувач не смее да биде роднина, ниту пак лице кое е во некаква врска со жртвата;

- Преведувачот, треба течно да ги говори и македонскиот и јазикот на кој говори жртвата;

- Да се направат претходни проверки дека преведувачот не е на било каков начин поврзан со лицата кои биле вклучени во врбувањето, транспортот и(ли) експлоатацијата на жртвата;

- Неопходно е да се направи претходна средба со преведувачот со цел да се утврди дали преведувачот е емотивно подготвен да „се избори“ со одредени искази на жртвата. Ова од причина што во пракса имало случаи во кои преведувачот (кој имал дете на возраст на жртвата за која преведувал) слушајќи што сè преживеала жртвата, не бил во состојба да продолжи со преведувањето. Исто така, потребно е и да му се објасни на преведувачот што точно се очекува од него за време на разговорот. Тоа значи: толкувањето треба да биде буквално и точно (не смее да парафразира, ниту да внесува негови мислења или ставови во исказот на жртвата); да ги прифати насоките што му се дадени или што му се даваат, односно да го води разговорот на начин на кој бара тимот што врши истрагата.

- *„Поставување на правила“ за текот на интервјуто.*

Ова значи дека жртвата треба да се информира за:

- Можноста да побара пауза или да го прекине интервјуто во било кој момент, без да наведе причина за тоа или да одбие да одговори на некое прашање. Ова кај жртвата предизвикува чувството на контрола;

- Дека може да побара да ѝ се појасни некое прашање, ако не го разбира или е нејасно поставено;

- Воедно, и дека лицето што го спроведува интервјуто може да повтори што жртвата кажала, во насока да потврди дека е добро разбрано тоа што жртвата сакала да го каже, како и дека притоа жртвата може да го коригира лицето што го спроведува интервјуто, ако каже нешто што не е точно, односно што погрешно го разбрал;

- Дека може и таа да постави прашања на кои треба да добие соодветен одговор;

- Дека треба да ја зборува вистината, и доколку не го знае одговорот или не може да се присети да не одговара на прашањето;

- Да се изјасни дали чувствува потреба некое од присутните лица да не присуствуваат на самото интервју (може да чувствува нелагодност да зборува за детали поврзани со сексуалната експлоатација пред лице од машки пол).

- *Секогаш да се внимава на висината на тонот, контактот со очи и држење на телото.*

Тонот треба да биде „мек и топол", ниту премногу висок, ниту премногу низок, доволно силен да може нормално да се комуницира, а да не ја застрашува жртвата. Тонот никако не смее да биде строг или заканувачки, а држењето на телото не смее да биде како да се испитува сторител на КД, а не жртва.

Се препорачува и да се одржува контакт со очи, но не постојано, кусите паузи се нормални и создаваат удобност. Контактот со очи, исто така, покажува дека активно се внимава што кажува жртвата и дека кажаното е важно. Се разбира, контактот со очи не треба да предизвика чувство на доминација, односно не треба да се „фиксира" погледот врз жртвата, што може да се доживее како испрашување, а не разговор. И секако, треба да се има во предвид и културната разлика, односно треба да се има во предвид дека во некои култури директниот контакт со очи може да се доживее како непристоен или непријатен. И особено важно: ако се забележи дека жртвата избегнува контакт со очи, не треба да се инсистира на ваквиот контакт, тоа може да биде знак и на траума или чувство на голем срам.

- *Да се посвети внимание никако да не се навлезе во т.н „приватна зона".*

Важно е да се биде на примерно растојание од ПЖТЛ, ниту преблизу, ниту далеку, и секако, да се избегнува физички контакт со жртвата (како на пример утешување со прегрнување и сл.), што може да предизвика спротивен ефект, односно ефект на загрозеност, вознемиреност или страв кај жртвата.

Исто така, треба да се избегнуваат и физички препреки (во вид на мебел) помеѓу лицето што го спроведува интервјуто и жртвата. Секоја физичка бариера, особено „седење зад работно биро", седење на позиција повисока од позицијата на жртвата, би можело да има негативен психолошки ефект врз жртвата, во смисла на:

- Предизвикување на чувство на нерамноправност: жртвата може да се почувствува инфериорно, како да е во позиција на „обвинет" или испрашуван, наместо заштитен;

- Зголемена анксиозност: физичката бариера (биро) или визуелната доминација (повисока позиција) може да предизвика страв и недоверба;

- Потсетување на траума: многу жртви биле контролирани од сторители кои физички и психолошки доминирале над нив. Ваквата поставеност може да ја асоцира жртвата на таквиот однос;

- Намалена отвореност: жртвата е помалку веројатно да сподели информации искрено ако чувствува дека е во „подредена" позиција.

Ако не се внимава на овие и вакви детали, лицето што го спроведува интервјуто „испраќа" погрешна порака, наместо да се пренесе емпатија и поддршка, несвесно испраќа порака дека е во позиција на авторитет. Со тоа наместо да се гради однос на доверба, се создава чувство на дистанца и отпор кај жртвата.

Затоа препораката е:

- Седење на иста висина, без физички бариери меѓу лицето што го спроведува интервјуто и жртвата;

- Користење „отворен простор" или пријателска средина, а не разговор во формално службена канцеларија;

- Позиционирање што пренесува рамноправност и достапност, а не моќ.

Со други зборови, поставеноста на мебелот (и на лицата вклучени во спроведување на интервјуто) во просторот, е значаен дел од невербалната комуникација.

- *Да се внимава жртвата да се чувствува „слободно".*

Емоциите и стресот играат голема улога во секаков вид интервју. Започнувањето на интервјуто лежерно, без заканувачки разговор може да има смирувачки ефект. Со смирување на негативните чувства и зајакнување на позитивните, ПС може да се справи со емоциите што ги покажува ПЖТЛ.

- *Со оглед на фактот дека ПС или СР може да немаат на располагање соодветни простории опремени со техника за аудио и видео документирање на искази на жртви, може да постои потреба од прибележување на делови од разговорот.*

Затоа, доколку има потреба да се фаќаат прибелешки во текот на спроведување на интервјуто, ПЖТЛ треба да биде информирана за тоа, како и за целта зошто се фаќаат прибелешки, и секако, треба за истото да се добие согласност од ПЖТЛ.

Фаќањето прибелешки за време на интервју со жртва е многу чувствителен акт, бидејќи може да влијае врз довербата и чувството на безбедност.

Затоа се препорачува:

- Пред да се започне со интервјуто и фаќањето прибелешки, да ѝ се објасни на жртвата дека со нејзина согласност ќе се водат прибелешки само за да не се заборават важни детали, како и тоа дека прибелешките ќе останат доверливи;

- Да се запишуваат само суштински факти, никако не емоционални реакции или лични проценки;

- Да не се пишува постојано додека жртвата зборува. Тоа може да создаде впечаток дека таа се „оценува". Секогаш се запишуваат кратки белешки по клучни моменти или по завршување на дел од разговорот. И не се препорачува користење на диктафон.

Доколку лицето кое го спроведува интервјуто **не** ја извести жртвата за целта за која ќе води прибелешки или не побара и добие согласност од жртвата за тоа, ефектите се:

- Чувство на набљудуваност: жртвата може да се почувствува дека секој збор е „оценуван" или документиран *против* неа;

- Намалена доверба: ако не е објаснето однапред, запишувањето може да создаде впечаток кај жртвата дека фокусот е ставен повеќе на документот отколку на неа и на нејзината приказна;

- Асоцијација на испрашување: многу од жртвите имале претходни искуства со формални испрашувања или контрола, гледањето како некој пишува може да ја побуди, односно да ја репродуцира таа атмосфера;

- Зголемена анксиозност: жртвата може да чувствува реален страв дека белешките ќе бидат споделени со сторителите или институции што нема да ја заштитат.

- *Користење на добри техники на водење на интервју.*

Знаењето и вештината како да се поставуваат прашања е исто толку важно како и знаењето кои прашања да се постават. При разговорот, треба да се користи едноставен и разбирлив јазик, без правни или технички термини. Притоа се користи техниката на т.н., „инка".

Во овој контекст, се започнува со прашањата кои се „отворени", кои се јасни и лесни за разбирање. Со овие прашања се поттикнува потсетување без притисок и се поттикнува слободно раскажување. Жртвата има можност да ја раскаже приказната со свои зборови. Ваквиот тип на прашања најлесно се бранат во кривичната постапка, а секако дека е голема можноста да се дојде до најпрецизни информации, бидејќи жртвата може да се потсети без притисок. Овие прашања се правно издржани и со ваквите прашања најмалку се наведува жртвата. (Пример: „Опишете ми како дојдовте во Република Северна Македонија?" или „Опишете ми каде живеете?").

Потоа се преоѓа на „фокусирани" прашања. Овие прашања ја насочуваат жртвата на конкретно поле на интерес. Станува збор за „благи насоки" од кои може да се добијат најразлични одговори. Преку овие прашања сè уште се поттикнува потсетување без притисок и преку слободно раскажување (Пример: „Ми рековте дека некој ви ги обезбедил патните исправи. Можете ли да ми објасните подетално?").

Во понатамошниот тек од интервјуто „инката сè повеќе се стеснува", се преоѓа на конкретни или директни прашања. Со нив може да се бара појаснување, се собираат детали, а притоа, може, но не мора да се воведат и нови информации (Пример: „Можете ли да ми кажете колку ви наплати лицето за документите кои ви ги обезбеди?").

Притоа, треба да се избегнуваат „наведувачки" прашања. Со наведувачкото прашање, до одреден степен, се бара конкретен одговор од жртвата. Со нив се добиваат информации кои се помалку сигурни (Пример: „Ви рече да ја лажете полицијата, нели?" или „Ви се заканувaше дека ќе ве повреди ако си заминете од кај него, така?"). На овие прашања, често одговорот на жртвата е со „да" или „не" (почесто „да", од причина што жртвата прашањето го доживува како притисок да даде позитивен одговор, одговор кој лицето што ја прашува, очекува да го добие од неа).

Никогаш не треба да се поставуваат „принудувачки" прашања, прашања на кои жртвата се принудува да каже нешто. Овие прашања никогаш не се соодветни и не мора да значи дека ќе бидат и вистинити, заради што и во самата судска постапка те-

шко ќе се бранат. Принудувачките прашања може да бидат: *Со „условување“ на жртвата* (пример: „Ќе ти помогнам со имиграциониот статус ако ми кажеш што ти стори“), *Со посрамување на жртвата* (пример: „Доволно си возрасен / возрасна за да го знаеш одговорот“) или *Со закана* (пример: „Ако не ми кажеш што ти се случило, нема да ти помогнам“).

Прашањата секогаш треба да се поставуваат едно по едно, никако не повеќе прашања одеднаш, зошто во тој случај или нема да се добие одговор на ниту едно прашање или од повеќето одеднаш поставени прашања ќе се добие одговор само на последно поставеното. И секогаш треба на жртвата да ѝ се остави доволно време за даде одговор. Ова од причина што одредени прашања вознемируваат и не е лесно да се одговорат, а за одредени прашања може да ѝ треба на жртвата време за да се присети и да одговори или да го „преработи“ (разбере) прашањето. Ова не значи дека треба да се чека „цел ден“ за одговор на поставеното прашање. Може едноставно да се каже: „Во ред е, ќе се навратиме подоцна на тоа“.

- *Да се посвети особено внимание да се избегне секундарна виктимизација.*

Тоа значи дека никако не смее да се осудуваат или да им се упатувааат прекори на жртвите, тие и така самите се осудуваат и се сметаат за виновни за тоа што им се случило. (пример: „Зошто отиде таму? Зошто не размисли убаво?“).

Како што беше веќе кажано - не треба во никој случај да се врши притисок врз жртвата за да се добие информација по секоја цена (ќе се добие спротивен ефект - лицето ќе се затвори, нема да сака да зборува, ќе помисли дека тој или таа не ви се важни, дека не сте искрени, дека не сакате да им помогнете, односно дека целта ви е само да добиете информација за сторителите).

- *При спроведување на интервјуто на жртвата треба да ѝ се покаже емпатија, но треба да се избегнува и прекумерна емпатија.*

Да се покаже емпатија кон ПЖТЛ значи да се демонстрира човечко разбирање, почит и грижа за нејзината состојба, без осуда и без притисок. Тоа не е само емоционална реакција, туку и професионален пристап кој создава доверба и чувство на безбедност.

Клучни елементи на емпатијата се:

- Чувство на набљудуваност: жртвата може да се почувствува дека секој збор е „оценуван“ или документиран *против* неа;
- Намалена доверба: ако не е објаснето однапред, запишувањето може да создаде впечаток кај жртвата дека фокусот е ставен повеќе на документот

отколку на неа и на нејзината приказна;

- Асоцијација на испрашување: многу од жртвите имале претходни искуства со формални испрашувања или контрола, гледањето како некој пишува може да ја побуди, односно да ја репродуцира таа атмосфера;

- Зголемена анксиозност: жртвата може да чувствува реален страв дека белешките ќе бидат споделени со сторителите или институции што нема да ја заштитат.

Треба притоа на жртвата да ѝ се упати и јасна порака за безбедност - жртвата треба да знае дека е заштитена и дека постојат институции и луѓе кои се тука до неа и дека се подготвени, дека сакаат и дека ќе ѝ помогнат на неа, на нејзиното семејство и на нејзините блиски лица. Потребата од покажување на емпатија, не значи дека треба да се отиде во друга крајност - во прекумерна емпатија (како во случај кога жртвата од наплив на емоции започнува да плаче, па и лицето што го води интервјуто почнува да плаче со неа).

- *Да се демонстрира однос со кој ќе се покаже дека жртвата е почитувана и дека се почитуваат нејзините права.*

Императив е жртвата да се почувствува почитувано, дека нејзиниот став, нејзиното мислење, нејзиниот избор се респектираат. Со тоа се придонесува во градењето на однос на доверба, но и чувство на сигурност кај жртвата, што е предуслов за прифаќање на мерките насочени кон нејзината понатамошна заштита, помош и поддршка, и сигурно помага во креирањето на убедување дека е вистинска и искрена намерата да ѝ се помогне.

- *Внимателно да се следи „говорот на телото".*

Невербалните знаци или т.н. „говор на телото" на жртвата може да даде одредени индиции дали да продолжите или да направите пауза или едноставно да го прекинете натамошното интервју.

Преку говорот на телото, жртвата може да покаже чувствува на нелагодност, да покажува знаци на вознемиреност или знаци на замор.

- *Никогаш не треба да се конфронтираат добиените одговори.*

ПС мора да ги чува емоционалните реакции за себе и не треба да дозволи личните чувства да се мешаат во интервјуто. Тие не треба да покажуваат гадење или неверица доколку некои од информациите се непријатни или едноставно неверојатни.

Жртвите честопати преживеале ситуации кои се надвор од нормалната перцепција на луѓето.

- *Никогаш да не ѝ се ветува нешто на жртвата, што не може да се исполни.*

Доколку нешто ѝ се вети на жртвата, а истото не биде исполнето, повлекува како последица губење на довербата на жртвата, и тоа не само кон оние што го спроведуваат интервјуто, туку генерално кон државните институции и другите субјекти надлежни за давање на помош и поддршка на жртвите. Тоа значи, губење на доверба во искрените намери да се помогне, поддржи и заштити. Во крајна линија, тоа ќе значи и губење на можноста жртвата да се согласи да соработува со органите на прогонот во докажувањето на вината на сторителите на КД ТЛ.

- *На крајот од интервјуто треба да ѝ се заблагодари на жртвата за соработката и одвоеното време.*

Со тој чин се оддава респект и кај жртвата се развива чувство дека е почитувана и дека се цени нејзината одлука за соработка.

Доколку се заклучи дека има потреба од друго интервју за доразјаснување на одредени моменти или доколку има уште информации за споделување, а потребен е подолг одмор на жртвата, потребно е да ѝ се каже на жртвата дека е можно да има други разговори.

Со ваков пристап, интервјуто станува простор на поддршка, а не на испрашување.

Кога се работи за случај на ТД и идентификација на ПЖТЛ - дете, пристапот мора да биде уште посензитивен и строго усогласен со принципите на детска заштита и најдобар интерес на детето. Во овој контекст, потребно е покрај на веќе горенаведените насоки и техники, да се внимава и на:

- *Постапување кое е во најдобар интерес на детето.*

Тоа значи дека, при секој „чекор“ во спроведувањето на интервјуто, мора да се внимава на тоа што е најдобро за неговата безбедност, здравје и развој, во согласност со неговата возраст и степен на интелектуален развој.

- *Задолжително присуство на старател / социјален работник.*

Интервјуто никогаш не смее да се води самостојно со детето, задолжително е присуство на овластен возрасен кој обезбедува поддршка.

- *Заштита од повторна траума.*

Прашањата мора да бидат внимателно поставени, без детално навлегување во болни искуства, освен ако тоа е навистина неопходно.

- *Јазикот да биде соодветен на возраста и интелектуалниот развој на детето.*

Тоа значи, користење на едноставни зборови и(ли) термини, со употреба на примери и објаснувања што детето може да ги разбере.

- *И секако - без притисок.*

Во никој случај детето не смее да се чувствува виновно или принудено да зборува.

- *Разговорот да се води во сигурна и пријателска средина.*

Тоа значи дека разговорот со детето не треба да се води во формална канцеларија, туку во соодветно прилагодена просторија за деца.

- *Да се избегнува повторно интервјуирање.*

И според меѓународните стандарди и според судската практика, основно правило е еднаш собраните информации да се користат координирано од сите институции. Но, ова е можно дури по земањето на исказ од детето - жртва од страна на ЈО (за ова повеќе во делот на истрагите и постапувањето на ЈО).

Кога се работи за интервју со дете - жртва, емпатијата и заштитата се пред сè. Правните и истражните аспекти доаѓаат подоцна и секогаш преку институции што имаат искуство во работа со малолетници (деца).

Со други зборови, интервјуто со дете - *жртва не е класично испрашување, туку поддржувачки разговор*, чија цел е да обезбеди безбедност и доверба, а не доказ.

Согласно СОП за постапување со жртви на трговија со луѓе, ПС и СР при спроведување на интервју за идентификација на ПЖТЛ, треба да се користат и со формуларот за идентификација на ПЖТЛ (Анекс 17).

ПРЕПОРАКА:
Во однос на оваа тема, корисно е да се спроведе практична вежба со слушателите, од кои дел треба да бидат во улога на лица кои спроведуваат интервју, а дел да набљудуваат како нивните колеги го спроведуваат интервјуто. Корисно е потоа, да се ротираат во улогите, по што би се извршил соодветен „де - брифинг“ за тоа како самите тие го доживеале спроведувањето на интервјуто, како било истото спроведено од нивните колеги и да се дискутираат насока за подобрување, односно, што тие би смениле следниот пат.

Исто така, практичари, кои имаат повеќегодишно искуство од водење на интервјуа со жртви, може да бидат повикани на вакви сесии и истите практично да демонстрира-

ат како се спроведува интервју со ПЖТЛ. (Во оваа насока, може да бидат повикани ПС од ЕТЛКМ / НЕСКМТЛ, или, СР од ЦСР, или, припадници на МТ, или, претставници на ЗГ кои работат со жртви).

3.4. Формална идентификација на ЖТЛ

А) Општа цел на учењето:

- Слушателите да се запознаат со телото кое ја врши формалната идентификација на жртвите, со неговиот состав и постапката за идентификација на ЖТЛ

Б) Резултати кои се очекуваат:

- Слушателите имаат знаење за тоа кој ја врши формалната идентификација на ЖТЛ
- Слушателите имаат знаење за составот на ОТ кој ја врши формалната идентификација на ЖТЛ
- Слушателите имаат знаење за постапката за формалната идентификација на ЖТЛ

В) Целна група:

- ПС кои посетуваат континуирана обука

Г) Претходни знаења:

- Претходни знаења не се потребни

Д) Време потребно за презентирање на содржината:

- Времето потребно за презентирање на содржината е еден училишен час (45 мин.)

Ѓ) Начин на презентација на содржината:

- Дидактички

Е)Начин на проверка на знаењата

- Повторување на делови од презентираната содржина преку испитни прашања или проектна работа

СОДРЖИНА:

Формалната идентификација на жртвите на трговија со луѓе е последниот стадиум од процесот на идентификација.

Во претходните периоди, во Република Северна Македонија, формалната идентификација беше - би рекле „едноставна процедура“. Формалната идентификација ја вршеа ПС и(ли) СР преку интервју со потенцијална жртва на ТЛ[30], при што се утврдуваше постоење на елементи на КД ТЛ / ТД. Преку индикаторите и околностите во кои беше откриена жртвата се развиваше сомнение дека се работи за ЖТЛ и со тоа, истото веднаш добиваше статус на идентификувана ЖТЛ. Вака иденти-

[30] Претходно се користеше терминот „потенцијална“ ЖТЛ, но од причина што терминот е доста широк (секој е потенцијална ЖТЛ), како и од причина што не ја одразуваше соодветно фактичката состојба во која (според одредени индикатори и околностите во кои се наоѓа одредено лице) постои голема веројатност дека тоа лице е ЖТЛ, а кое сеуште не е формално идентификувано како ЖТЛ, се прифати терминот „претпоставена ЖТЛ“ кој е посоодветен за лице кое било експлоатирано, но сеуште нема формален статус на идентификувана ЖТЛ.

фикуваната жртва се сместуваше во ЦЖТЛ (странските ЖТЛ според СОПи времено се сместуваат во ПЦС). Формалната идентификација ја вршеа самостојно, независно и со *единствена надлежност* ПС од ЕТЛКМ / НЕСКМТЛ или СР од ЦСР. Со тоа одредено лице добиваше статус на жртва и тој статус не беше условен (како што не е ниту сега) од тоа дали ќе се поднесе КП против некое лице и дали воопшто ќе има доволно елементи за да се поведе истрага.

Сепак, ова единствено овластување да може само ПС и(ли) СР да донесе самостојно одлука дали некое лице ќе биде идентификувано како ЖТЛ или не, имаше одредени слабости, се случуваа пропусти, па донекаде и одредени злоупотреби.

Од овие причини, се пристапи кон формирање на едно тело - ОТ, кое ќе биде составено од припадници на најповиканите (надлежни за постапување) државни институции, како и еден претставник на ЗГ.

Во овој контекст во 2022 година беше формиран „Оперативен тим за координација, следење и управување со случаи на трговија со луѓе, формална идентификација на жртвите и нивен статус".

Согласно Деловникот за работење и постапување на оперативниот тим (ОТ), задачите на ОТ се:

- да изврши формално идентификување на жртва за која, според претходно прибавените информации во контекст на индикаторите за идентификација се претпоставува дека е жртва на трговија со луѓе (или со дете); и

- да ги координира и следи случаите на жртвите на трговија со луѓе и дете, чијашто формална идентификација е извршена од страна на Оперативниот тим.

ОТ е составен од четири (4) членови и тоа по еден претставник од: ЕТЛКМ / НЕСКМТЛ, ЈО од ОЈО ГОКК, НМУ при МСПДМ и ЗГ - „Отворена Порта - Ла Страда". Секој член има свој заменик, кој учествува во работата и постапувањето на ОТ на состанок кога членот не е во можност да присуствува. Секој член на ОТ има еднакви права и обврски.

ОТ одржува состаноци според потребите, а најмалку еднаш месечно. Предлогот за одржување состанок може да даде било кој член на ОТ.

Според Деловникот, по добиениот Предлог, ОТ одржува состанок во најкраток можен рок, а не подоцна од 15 дена од добиениот Предлог за одржување состанок. Состаноците се затворени за јавност, а одлуките, членовите на ОТ ги донесуваат со мнозинство гласови и со јавно гласање.

Оперативниот тим може да донесе два вида одлуки:

- Одлука со која лицето се идентификува како жртва на трговија со луѓе или трговија со дете по што се пополнува соодветен образец; или

- Одлука со која лицето нема статус на идентификувана жртва на трговија со луѓе или трговија со дете.

ОТ врз основа на новодобиени сознанија може да донесе нова одлука, а одлуката што е претходно донесена да ја стави вон сила. ОТ може да ја смени својата претходна одлука за признавање статус на жртва само врз основа на нови информации, кои може да бидат:

- *Нови докази од истрагата* (полициски извештаи, материјални докази или сведоштва што покажуваат дека немало експлоатација над лицето),

- *Сведоштва* (од други жртви или сведоци кои потврдуваат дека лицето не било експлоатирано, туку имало друга улога на пример: посредник или член на ОКГ задолжено за врбување на ЖТЛ),

- *Медицински проценки* (нови извештаи од извршени вештачења кои што не покажуваат индикатори на експлоатација или траума),

- *Податоци добиени од меѓународна соработка* (податоци од странски институции дека лицето во таа или во тие земји претходно било идентификувано како сторител на КД на ТЛ),

- *Утврдена злоупотреба на статусот* (докази кои укажуваат на тоа дека лицето намерно се претставувало како жртва со цел да добие одредени бенефиции како: престој, финансиска помош, итн.), или

- *Изјави од самото лице* (промена на изјавата со која признава дека не било жртва, туку лице кое било инволвирано во некоја од фазите на ТЛ како извршител).

На овој начин, со можноста ОТ да ја промени својата првична одлука се обезбедува баланс: од една страна се дава заштита на секое лице кај кое постојат основи да се верува дека е ЖТЛ, а од друга страна институциите имаат на располагање механизам да ја коригираат одлуката ако се појават нови факти.

Како се одвива самата постапка:

Како што веќе напоменавме, одлуката врз основа на сите расположливи материјали, информации и податоци се носи со гласање на сите членови на ОТ. Со Деловникот е

предвидено дека, ако при првото гласање гласовите се поделени, повторно се разгледуваат прибавените документи и списи, па се повторува гласањето. Ако гласовите и по повторното разгледување останат поделени, ќе се задолжи предлагачот на состанокот во рок не подолг од 30 дена, да обезбеди и достави дополнителни информации, кои на наредено состанок ќе бидат оценувани од страна на ОТ. Ако гласовите и по овој рок повторно останат поделени, ќе се побара мислење од судија при Основен кривичен суд Скопје (Одделение за организиран криминал), кој е член на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција.

Се разбира секој член на ОТ е должен да се однесува професионално, согласно начелата за етичко однесување, а во случај на судир на интереси со лицето за чијшто статус на жртва треба да се одлучува, должен е да се изземе. Исто така, секој член на ОТ што учествувал во постапувањето и одлучувањето, должен е во јавност да се воздржува од изнесување детали, со кои би можело да се отежне и осуети натамошното постапување, да се открие идентитетот на жртвата, да се открие локацијата каде што е сместена жртвата и други аспекти, со кои жртвата може да биде загрозена или изложена на секундарна виктимизација.

3.5 Истраги, докази, улогата на ЈО и судија на претходна постапка и кривична постапка

А) Општа цел на учењето:

- Слушателите да се запознаат со видовите истраги, видовите докази, како и нивното обезбедување и соодветно ракување[31]
- Слушателите да се запознаат со улогата и надлежностите на ЈО во истрагите поврзани со КД ТЛ / ТД, како и со улогата и надлежностите на судија на претходна постапка
- Слушателите да имаат основни познавања за кривичната постапка и за ЖТЛ во кривичната постапка

Б) Резултати кои се очекуваат:

- Слушателите имаат знаење за *видовите на истраги и мерките кои може да ги применат*
- Слушателите имаат знаење за *улогата и надлежностите на ЈО и судија на претходна постапка во истраги за КД ТЛ / ТД*
- Слушателите имаат знаење за *улогата на ЖТЛ во кривичната постапка, како и за одредени аспект поврзани со постапувањето на субјектите во кривичната постапка.*

В) Целна група:

- ПС кои посетуваат континуирана обука

[31] Види Љ. Маркудов и др., Проактивни истраги, ефикасно кривично гонење и пресудување на случаи на трговија со луѓе и деца со особен фокус на мигранти во ризик од трговија со луѓе, 2024 https://rm.coe.int/research-on-proactive-investigation-adjudication-of-thb-cases-in-nm/1680b2669b

Г) Претходни знаења:
- Претходни знаења се потребни

Д) Време потребно за презентирање на содржината:
- Времето потребно за презентирање на содржината е 5 училишни часови (225 мин.)

Ѓ) Начин на презентација на содржината:
- „Бура на идеи“ (поврзано со претходни предавања кои ги посетувале за видовите на истраги, како и за улогата на ЈО во водењето на истраги)
- Дидактички

Е) Начин на проверка на знаењата

- Практична проверка на знаењата преку симулација на реален случај (може да се искористат материјалите од симулацијата реализирана 23-26 Септември 2025)
- Примена на документите во анекс
- Анализа на случаи во анекс (во група или индивидуално).

СОДРЖИНА:

А. Истраги

За полициските службеници, покрај постапувањата насочени кон навремената идентификација, заштитата и давањето помош на жртвите на ТЛ, особено важно е спроведувањето на навремени, плански истраги за КД ТЛ и ТД, насочени кон идентификација на сите лица инволвирани во сторување на КД ТЛ / ТД, како и обезбедување на докази за кривично гонење на сторителите на тие КД.

Кога станува збор за истрагите, генерално истите се делат на реактивни и проактивни истраги.

Реактивни истраги, се оние истраги кои се водат врз основа на неочекувано добиена информација дека е сторено некое КД. Тоа се ситуации во кои е неопходно да се постапи веднаш по добивањето на информацијата, ситуации во кои *се постапува по веќе сторено КД*. Во случаите на ТЛ, тоа би била истрага која би била поведена по пријава добиена од самата жртва.

Во однос на реактивните истраги, треба да ги напоменеме и методите кои се на располагање на ПС при преземање на полициски овластувања. Тоа се пред сè „отворени“ методи кои опфаќаат:

- ✓ Обезбедување на сведоци и земање на изјави од сведоци;
- ✓ Земање на изјава од самата жртва или од друга жртва присутна/и на местото на експлоатација;

- ✓ Лишување од слобода на осомничени лица и земање на нивни изјави;
- ✓ Рации;
- ✓ Анализирање на материјалот кој е обезбеден од самите осомничени (кои тие го поседувале со себе) или кој е обезбеден при постапувањето во одреден простор или на одредено место.

За преземање на некои од споменатите методи, иако се работи за истрага во која треба веднаш да се постапува, потребно е сепак да се направи детална и сериозна подготовка во краток временски период, како би:

- ✓ Се обезбедиле докази (кои по извесен проток на време би било невозможно да се обезбедат - би биле уништени или би станале на друг начин недостапни или би биле непогодни за анализа);
- ✓ Да се обезбедат лица како сведоци (кои би можеле да напуштат одредена локација поврзана со жртвата или да заминат од територијата на Република Северна Македонија и со тоа да не може да се земе од нив изјава или исказ. Ова особено ако не е познат нивниот идентитет, што значи дека нема да биде познато ниту нивното престојувалиште, а тие самите од одредени причини не би се пријавиле како сведоци);
- ✓ Обезбедување на лица за кои постои сомнение дека се сторители на КД. Доколку се пропушти нивното обезбедување, постои реална опасност истите да станат недостапни на органите на прогонот, особено ако се работи за странски државјани. Ова посебно се однесува на предизвиците со кои подоцна би се соочиле во однос на нивната екстрадиција или во однос на меѓународната соработка во докажување на нивната кривична одговорност.

Проактивни истраги, се истраги кои ги иницираат самите ПС, врз основа на расположливите разузнавачки податоци. Во овие истраги вообичаено се користат и посебни истражни мерки заради обезбедување на докази.

Проактивните истраги поврзани со ТЛ, имаат особено значење за раното откривање на КД и неговите сторители, и што е особено значајно за раната идентификација на ЖТЛ и за обезбедување на докази за кривично гонење на сторителите на КД ТЛ, без потреба од поголемо инволвирање на жртвата, особено имајќи го во предвид фактот дека кривичното гонење засновано исклучиво на исказот на жртвата може лесно да доживее неуспех. Од овој аспект, една од основните цели на водење на проактивните истраги е - обезбедување на докази за сторителите на КД, без или со минимално ангажирање на ЖТЛ, со што се сведува на минимум можноста од повторна трауматизација на жртвите, како и обезбедување на основа за полициско постапување и без претходна пријава или земена изјава од жртвата.

Проактивната истрага за да биде успешна, односно да го даде очекуваниот резултат, (а тоа е обезбедување на доволно законски прибавени (одржливи) докази за кривично гонење на осомничените лица, како и за откривање, заплена или конфискување на имотот што овие лица незаконски го прибавиле), неопходно е полициските службеници да располагаат со одредени знаења и вештини, односно, потребно е:

- ✓ Да знаат *каде и како* ќе ги обезбедат потребните информации;
- ✓ Да знаат да проценат *дали во моментот постојат доволно човечки и материјално - технички капацитети*, за да се спроведат планираните мерки и активности врзани со истрагата; и
- ✓ Да знаат да проценат во кој момент е најпогодно да се обезбедат материјални докази потребни за кривично гонење на сторителите

За да се реализира горенаведеното особено е корисно да се изготви соодветен *Оперативен план за спроведување на истрага* (види Анекс бр. 21). Овој План минимум треба да опфати:

1. Субјекти (соодветен профил, со соодветна експертиза) кои ќе бидат вклучени во истрагата, нивниот број, нивните обврски за извршување на конкретни задачи и одредување на временски рок потребен за реализирање на обврските;

2. Опфаќање на материјално-техничките средства кои се на располагање и нивна соодветна примена (пример: не може да се планира користење на хеликоптер или дрон, а тие за конкретниот случај или во тој временски период да не се на располагање заради лоши временски услови; немање на дозвола за нивно користење; ангажираност на друг приоритетен случај или заради неможност од нивна примена заради дефект или заради опасност од компромитација на истрагата преку нивната примена);

3. Разузнавачки податоци и информации со кои моментно се располага;

4. Идентификување на потребата од пополнување на одредени разузнавачки празнини; и сл.

Во овој контекст треба да се потенцира дека еднаш изготвениот План треба редовно да се дополнува и по потреба да се менува, согласно новодобиените податоци и информации или согласно ненадејна / непланирана промена во модусот операнди на лицата кои се предмет на истрагата.

Поврзано со истрагите, треба да ги споменеме и *дисруптивните тактики*, кои се особено корисни во случаите на ТЛ. Истите се насочени кон конкретен поединец

или кон конкретна група за кои постојат разузнавачки податоци дека се инволвирани во сторување на КД ТЛ, со цел да се попречат во преземањето на одредени криминални активности. На пример: поставување на обележано полициско возило пред УО за кој има разузнавачки податоци дека се користи како параван за нудење на сексуални услуги на клиенти. Самото поставување на ПС со возило во непосредна близина на УО, ќе има ефект на одвраќање на потенцијалните гости во УО, со што се попречува активноста на ОКГ, што пак обезбедува доволно време за планирање и координирање на следните активности. Но, дисруптивните тактики не треба да се преземаат самите за себе, туку заедно или како составен дел на планот изготвен за конкретна истрага, во спротивно, како што наведовме во примерот, само ќе ги успорат активностите на трговците, а нема да доведат до обезбедување на докази за нивно гонење и казнување.

Водењето на проактивна истрага за случај на ТЛ подразбира користење и на посебни истражни мерки. Посебните истражни мерки (ПИМ) во истраги на КД ТЛ се применуваат кога е веројатно дека ќе се обезбедат податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка, а кои на друг конвенционален начин не може да се обезбедат или нивното обезбедување би било сврзано со поголеми тешкотии.

Видовите на ПИМ се таксативно наведени во ЗКП, во членот 252 став 1, и тоа се:

1. следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации во постапка утврдена со посебен закон;
2. следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање на услови за следење на комуникации;
3. тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен;
4. таен увид и пребарување во компјутерски систем;
5. автоматско, или на друг начин, пребарување и споредување на личните податоци;
6. увид во остварени телефонски и други електронски комуникации,
7. симулиран откуп на предмети;
8. симулирано давање и примање поткуп;
9. контролирана испорака и превоз на лица и предмети;
10. користење на лица со прикриен идентитет за следење и собирање на информации или податоци;
11. отворање симулирана банкарска сметка и
12. симулирано регистрирање на правни лица или користење на постојни правни лица за собирање на податоци.

Мерките од членот 252 став 1 точките 1, 2, 3, 4 и 5 од ЗКП врз основа на образложено барање на ЈО ги определува судија на претходна постапка со писмена наредба. Мерките од членот 252 став 1 точките 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12 ги определува ЈО со писмена наредба.

Во контекст на истрагите за ТЛ / ТД, најчесто се применуваат следните мерки:

- следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации во постапка утврдена со посебен закон (т.1). Во однос на примената на оваа мерка треба да се споменат предизвиците поврзани со: честото менување на телефонските броеви и на телефонските апарати од страна на сторителите на КД, како и нивната меѓусебна комуникација која задолжително се одвива „во шифри";
- следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање на услови за следење на комуникации (т.2);
- тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен (т.3);
- таен увид и пребарување во компјутерски систем (т.4);
- увид во остварени телефонски и други електронски комуникации (т.6); и
- користење на лица со прикриен идентитет за следење и собирање на информации или податоци (т.10). Во однос на примената на оваа мерка потребно е да се потенцира дека лицето со прикриен идентитет во никој случај *не смее да користи услуги од ЖТЛ (инаку и самиот би бил сторител на КД).*

Што е важно да се знае при примената на ПИМ.

Покрај задолжителното познавање на:

- законски предвидените рокови за нивна примена;
- должното внимание при примената на мерките да не се поттикне извршување на КД;
- надлежност на субјектите кои имаат овластувања да ги применат;
- актите кои се изготвуваат во врска со примената на ПИМ;
- ракувањето со обезбедените докази добиени од примената на ПИМ итн., *особено е важно да се внимава **при примената на ПИМ секогаш во фокусот на истрагата да бидат ПЖТЛ.***

Што значи ова? Тоа значи дека, кога од примена на мерките се доаѓа до податок дека лицата кон кои се применува мерката вршат експлоатација над други лица, не смее да се дозволи трговците да продолжат да вршат експлоатација на жртвите, иако примарно, примената на ПИМ е побарана заради обезбедување на докази за кривично гонење на осомничените лица. Истото се однесува и на ситуации во кои, доколку во текот на примената на ПИМ во проактивна истрага за некое друго КД се дојде до податок дека се подготвува извршување на КД на ТЛ / ТД, не смее да се дозволи одредено лице да биде предмет на експлоатација, само за да се обезбедат докази дека тоа лице било експлоатирано. Во вакви случаи веднаш се пристапува кон интервенирање, односно ослободување на жртвата од трговците и лишување на сторителите од слобода. Дури потоа ќе се проценува квалитетот на обезбедените докази и ќе се планираат мерки и активности за нивно дополнување со нови, иако праксата докажала дека и при самата интервенција, односно поврзано со неа, при преземање на истражно дејствие „Претрес на дом и други простории“ може да се обезбедат дополнителни докази за поведување на кривична постапка против сторителите.

Жртвата, нејзиниот психо-физички интегритет и нејзиното достоинство мора секогаш да бидат ставени во преден план - пред основниот „инстинкт“ и желба на секој ПС да обезбеди квалитетни докази !!!

Тоа е и основната цел при примената на ПИМ *во проактивните истраги за ТЛ.*

За разлика од примената на ПИМ во проактивни истраги за други КД, каде се документираат сите криминални дејствија на лицата кон кои се применуваат мерките, од самото планирање и подготовка, па сè до самата реализација на КД (освен во делата на тероризам), во истрагите за КД на ТЛ примарната цел е - да се обезбедат докази преку кои *ќе се докаже намерата* на трговците за експлоатација на лица, без да се дозволи и фактички тие лица да станат предмет на некој вид на експлоатација[32].

Во истрагите за ТЛ особено е важна и корисна соработката помеѓу државните институции (полиција, ЦСР, ДИТ, УЈП, УФР, ФП, здравствени и просветни работници, педагози и сл.) и ЗГ, каде преку навремена размена на информации или преку преземање на координирани активности, се постигнува саканиот ефект - навремена, рана идентификација на ПЖТЛ (нејзина заштита и упатување), идентификација на сите лица инволвирани во извршувањето на КД и обезбедување на материјални докази за гонење на сторителите на КД.

[32] Пример: Од примена на ПИМ т.1 добиени се информации дека НН трговец нуди дете на НН педофил кој треба да користи сексуални услуги од детето. Со примена на ПИМ т.3 се документира дека трговецот го доведува детето на договорена локација, педофилот го презема детето, а на трговецот му ги дава договорените парични средства. Со тоа, со примената на ПИМ т.3, се потврдуваат податоците добиени од т.1 и на овој начин се обезбедени доволно докази со кои се потврдува намерата на: трговецот (да дојде до заработка преку експлоатација на дете присилено да дава сексуални услуги), а на педофилот (да користи сексуални услуги од дете, за кое знае или бил должен да знае дека е жртва).

Самата соработка може да се спроведе на локално, државно или меѓународно ниво.

Зошто е важно да се остварува соработка?

Со остварувањето на соработката во областа на ТЛ, се овозможува:

- ✓ Зголемување на човечките и материјално - техничките ресурси;
- ✓ Зголемување на нивото на ефикасност;
- ✓ Намалување на преклопувањата во водење на иста истрага против исти лица од разни органи;
- ✓ Имплементирање на специјализација на субјектите кои постапуваат, базирана на нивните силни страни;
- ✓ Идентификување и навремена соодветна реакција за пополнување на евентуалните разузнавачки „празнини“;
- ✓ Промовирање на одговорност за секој еден надлежен субјект;
- ✓ Дефинирање и спроведување на заедничките цели и стратегии;
- ✓ Воспоставување на заеднички или унифицирани критериуми за дејствување;
- ✓ Водење на заеднички истраги и употреба на специјални истражни техники.

За реализација на соработката, на субјектите надлежни за постапување на располагање им се:

- ✓ Воспоставените механизми за комуникација;
- ✓ Помош и поддршка за реализирање на работни состаноци;
- ✓ Усвоените кодекси на однесување;
- ✓ Стандардните оперативни процедури; и
- ✓ Неопходните мониторинг и евалуација на резултатите од практичната примена на соработката.

Бидејќи соработката на национално и локално ниво, како и задачите на секој еден субјект вклучен во борбата против ТЛ и во постапувањето со (П)ЖТЛ е веќе предвидена и опишана во СОПи за постапување со ЖТЛ, во овој дел акцентот малку повеќе ќе го ставиме на меѓународната соработка од аспект значаен за постапувањето и остварувањето на соработката на ПС и ЈО со нивните соодветни „партнери“ од други држави, која соработка е особено нужна за истрагите во кои има меѓународен или транснационален елемент.

Во овој контекст, меѓународната соработка се одвива во насока на:

- Соработка помеѓу извршните органи, односно органите на прогонот, која вклучува меѓусебна размена на информации при спроведување на истрагата;
- Спроведување на заеднички истраги (паралелни истраги или формирање на заеднички истражни тимови);
- Соработка во користењето на ПИМ;
- Соработка во постапка за замрзнување или одземање на имот кој се наоѓа на територијата на друга држава, а кој е во сопственост на сторителите на КД, стекнат со извршување на КД.

Меѓународната соработка секако носи и одредени предизвици и секако бара знаење, планирање и свесност за практичните прашања кои би произлегле, а се во врска со нејзиното реализирање. Овие прашање се поврзани со:

- Трошоците за истрагата;
- Примена на законските одредби (сообразност или усогласеност на законските одредби од КЗ и ЗКП во земјите кои соработуваат во истрагата);
- Начинот на обезбедувањето на докази и нивната валидност или прифатливост согласно законските решенија;
- Местото, државата во која ќе се одржи судењето (надлежност на суд).

Самата соработка помеѓу органите на прогонот, може да се одвива на повеќе начини, но најкарактеристични се:

- ✓ Соработка преку офицерите за врска во земјите кои соработуваат;
- ✓ Соработка во рамките на склучените билатерални договори или спогодби за соработка[33];
- ✓ Соработка во рамки на меѓународни организации како што се: Интерпол (Interpol), Европол (Europol), Еуроџаст (Eurojust), СЕЛЕК (SELEC).

За реализирање на меѓународна соработка, основа за легитимноста, покрај билатералните спогодби кои ги има склучено Република Северна Македонија, својата правна рамка ја има и во:

[33] Пример: Од примена на ПИМ т.1 добиени се информации дека НН трговец нуди дете на НН педофил кој треба да користи сексуални услуги од детето. Со примена на ПИМ т.3 се документира дека трговецот го доведува детето на договорена локација, педофилот го презема детето, а на трговецот му ги дава договорените парични средства. Со тоа, со примената на ПИМ т.3, се потврдуваат податоците добиени од т.1 и на овој начин се обезбедени доволно докази со кои се потврдува намерата на: трговецот (да дојде до заработка преку експлоатација на дете присилено да дава сексуални услуги), а на педофилот (да користи сексуални услуги од дете, за кое знае или бил должен да знае дека е жртва).

- *Европската Конвенција* за меѓусебна помош во кривичната материја од 1958 година (член 13: „Договорните страни, во согласност со одредбите од оваа Конвенција, се обврзуваат меѓусебно да си обезбедуваат најширока можна меѓусебна помош во постапките во врска со кривични дела чие казнување спаѓа во надлежност на судските органи на страната барател"), Протоколот кон Конвенцијата од март 1978 година (член 1: „Договорните страни, во согласност со одредбите од оваа Конвенција, се обврзуваат меѓусебно да си обезбедуваат најширока можна меѓусебна помош во постапките во врска со кривични дела чие казнување спаѓа во надлежност на судските органи на страната барател"), Вториот Протокол кон Конвенцијата од ноември 2001 година[34] (член 1: „Страните се обврзуваат веднаш да си обезбедат една на друга, во согласност со одредбите од оваа Конвенција, најширока мерка на заемна помош во постапките во врска со кривични дела чие казнување, во времето на барањето за помош, спаѓа во надлежноста на судските органи на Страната барател" и член 3: „ Меѓусебна помош може да се обезбеди и во постапки покренати од страна на административните органи во врска со дела кои се казниви според националното законодавство на страната барател или на замолената страна поради прекршување на правилата на правото, каде што одлуката може да доведе до поведување постапка пред суд кој има надлежност, особено во кривични предмети") и Третиот Протокол кон Конвенцијата, септември 2025 година (член 1 - Цел и примена. Го проширува опсегот на меѓусебна помош, вклучувајќи нови форми на дигитална комуникација и современи истражни техники; член 2 – Канали за комуникација. Воведува можност за директна електронска комуникација меѓу надлежните органи, со гаранции за автентичност и безбедност; член 3 – Видео конференции и телекомуникации. Ја формализира употребата на видео конференции за сослушување сведоци и експерти, со јасни правила за надлежност и согласност; член 4 – Технички средства за надзор. Регулира употреба на GPS следење, пресретнување телекомуникации и други технички средства, со услови за законитост и пропорционалност; член 5 – Рокови и ефикасност. Воведува обврска државите да постапуваат во разумни рокови и да ·известуваат за напредокот; член 6 – Однос со претходните протоколи. Јасно дефинира дека овој протокол ги надополнува, а не ги заменува Првиот и Вториот дополнителен протокол);
- *Конвенцијата на ООН за транснационален организиран криминал,* од 2000 година (види фуснота 3);
- *Конвенцијата на ООН против корупција,* од 2003 година[35];
- *Договорот меѓу ЕУ и САД за меѓусебна правна помош*, од 2003 година[36]*;*
- *Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа*, од 2008 година[37].

[34] Втор Протокол кон Европската Конвенција за соработка во кривичната материја, ноември 2001
[35] Конвенција на ООН (UNODC) против корупцијата, 2003
[36] Договор за меѓусебна правна помош меѓу Европската Унија и Соединетите Американски Држави, 2003
[37] Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа, од 2008 година

Кога станува збор за соработка помеѓу истражни тимови составени од ПС и ЈО од две или повеќе земји, најчест начин на остварување на непосредна соработка помеѓу самите истражни тимови е преку:

- ➢ Водење на паралелни истраги, или
- ➢ Формирање на заеднички истражни тимови (ЗИТ).

Паралелните истраги се истраги што се водат истовремено во две или повеќе земји против исти лица. Доказите што се обезбедуваат притоа се користат во две или повеќе кривични постапки и се разменуваат преку меѓународна правна помош.

Тоа подразбира:

- Директна соработка меѓу полициски службеници со вклучување и на ЈО во две или повеќе земји;
- Соработка што се темели на изграден однос на доверба меѓу полициски службеници и(ли) нивно лично познанство;
- Реализирање на чести меѓусебни контакти (заради согледување на сите аспекти од текот на истрагата);
- Истрага која е дефинирана со заеднички план за спроведување на истрагата.

Целта што се сака да се постигне со водењето на паралелните истраги е:

- Идентификација на сите членови на меѓународната ОКГ, која делува на територијата на неколку земји, како и обезбедување на докази за лишување од слобода на сите идентификувани членови на ОКГ и нивно успешно кривично гонење;
- Постигнување на взаемна согласност за спроведување на истрагата (истовремено отпочнување и завршување);
- Размена на информации за собраните докази, факти, записи итн. за сите идентификувани членови на ОКГ, како и за нивните соработници и за корисниците на услуги од жртвите, во текот на траењето на паралелната истрага;
- Координирано постапување во однос на преземање на мерките предвидени со заедничкиот план за истрагата;
- Заедничко одредување на должината на истрагата во зависност од националното законодавство, но и од текот на истрагата.

За формирање на заедничките истражни тимови (ЗИТ) како начин на меѓународна соработка, правната рамка е содржана во рамковната одлука на Советот на Европската Унија од 13ти Јуни 2002 година[38] и член 17 од Вториот дополнителен Протокол.

Заеднички истражен тим (ЗИТ) е истражен тим формиран врз основа на договор меѓу надлежните органи на две или повеќе земји, со специфична цел и ограничен временски рок за спроведување на кривична истрага. Под „надлежни органи" се мисли пред сè на правосудните органи. Во Република Северна Македонија тоа се: Републичкото јавното обвинителство (како носител на истрагата), и Министерството за правда (како централна власт за меѓународна правна помош). Во пракса, иницијативата за формирање на ЗИТ ја дава Јавното обвинителство, а договорот се склучува преку Министерството за правда, кое обезбедува формална рамка и меѓународна валидност.

Заедничките истражни тимови вообичаено се формираат за најтешки кривични дела, како што се: тероризам, трговија со луѓе, криумчарење мигранти, недозволена трговија со дрога, односно кога за овие КД:

- ✓ Се поведуваат една или повеќе истраги во најмалку две земји (од кои барем една е членка на ЕУ) против истите лица за кои постојат разузнавачки податоци дека го сториле КД;
- ✓ Во случај на комплицирана истрага што укажува на врска со неколку други земји - од кои барем една членка на ЕУ;
- ✓ Кога Europol или Eurojust бараат формирање на ЗИТ.

ЗИТ се формира за период од 6 месеци до 1 година (во зависност од договорот кој е потпишан од надлежните органи), кој период може да биде и продолжен во зависност од комплексноста на истрагата за која е формиран.

Без оглед на тоа дали се работи за паралелни истраги или за ЗИТ, покрај сето горенаведено, за успешно спроведување на истрагите потребно е да се разменуваат информациите во „реално време". Што значи размена на информации во реално време? Тоа значи дека членовите на истражните тимови кои ја спроведуваат истрагата ги разменуваат информациите веднаш по нивното сознавање. Ова овозможува преземање на заеднички мерки и активности во континуитет од една земја во друга. Секоја ненавремена размена на информација за последица има пропуштање на преземање на активност преку која би се обезбедил доказ или би се попречила или пресекла нелегалната активност на ОКГ.

[38] Рамковна одлука на Советот на Европската Унија за формирање на ЗИТ

Б. Докази

Водењето на истраги, како што веќе напоменавме, има за цел и обезбедување на докази за кривично гонење на лицата инволвирани во сторување на КД ТЛ.

Што е доказ?

Доказот може да се дефинира како: „материјална или психичка промена што се случила во врска со извршувањето на кривично дело, која промена содржи информации за кривичното дело, сторителот и други релевантни кривично-правни факти, обезбедена, фиксирана и евидентирана во форма и начин пропишани со Законот за кривична постапка,од страна на овластен субјект согласно ЗКП".

Покрај доказите, зборуваме и за „доказен извор" (изворот на доказот), тоа е носителот на доказни информации, кој може да биде од материјална природа (како: трага или предмет на кривично дело) или од психолошка природа (пример: сведок).

Доказите може да бидат:

- ✓ Вербални;
- ✓ Материјални;
- ✓ Писмени;
- ✓ Докази прибрани со примена на ПИМ; и
- ✓ Докази прибрани со барање за меѓународна права помош.

Во глава 18 од ЗКП се наведени доказните средства преку кои може да се дојде до соодветен доказ, а тоа се:

1. Исказ на обвинетиот;
2. Испитување на сведоци (со посебни одредби за заштита на сведоци и испитување на посебно ранливи жртви и сведоци);
3. Увид и реконструкција;
4. Вештачење;
5. Снимки и електронски докази.

Покрај овие таксативно наведени средства, во пракса доказите се обезбедуваат и со преземање на одредени дејствија:

- ✓ претрес (на лица, простории, возила),
- ✓ привремено обезбедување и одземање на предмети или имот,
- ✓ испитување на осомничениот,
- ✓ употреба на посебни истражни мерки.

Кога станува збор за КД ТЛ, доказите за КД, постојат и може да се обезбедат во сите негови три фази, без оглед на тоа дали се работи за прекугранична ТЛ или за ТЛ на локално, односно национално ниво. Ова произлегува од фактот дека, лицата инволвирани во извршувањето на КД, неминовно мораат да се впуштат во преземање на некоја од следните активности: огласување; изнајмување на објекти или простории; изнајмување на превозни средства, итн.

Во овој контекст,

- Докази од фазата на врбување / регрутирање, може да бидат:

  - Фалсификувани или манипулативни договори за работа, брак, студии;
  - Комуникација со лажни ветувања остварена преку СМС, пораки на социјални мрежи, е-пошта, видео игри, онлајн платформи за комуникација (Discord, Tik-Tok, и сл.);
  - Финансиски трансакции поврзани со „агенции“ или посредници;
  - Записи од телефонски разговори или реклами / огласи кои нудат сомнителни можности (за вработување, патувања, познанства, и сл.); како и
  - Сведочења од жртвата или други сведоци за начинот на регрутирање.

- Во фазата на транспорт:

  - Фалсификувани патни исправи, визи или дозволи;
  - Записи за патувања (автобуски или авионски билети, билети за воз, брод, такси сметки);
  - GPS податоци (екстрахирани од електронски уреди), видео записи од камери за надзор, записи од ГП за влез / излез на патници и возила, листинзи од остварена комуникација (базни станици);
  - Изјави од службеници вработени на ГП или од превозници;
  - Документи за сместување или резервации кои го посочуваат движењето на жртвата;
  - Договори за изнајмување на простории / објекти т.н. „сигурни куќи“ (за времено засолнување / сместување на жртвите);
  - Документи за користење на „rent - a - car“ и сл.

- Во фазата на експлоатација:

  - Фотографии или видео записи од местата на кои се вршела експлоатацијата на жртвите (стан, фабрика, клуб), а кои се однесуваат на условите за сместува-

ње или условите за работа;

- Финансиски докази за профит остварен од експлоатацијата на жртвите (своерачно забележани приходи, реализирани трансакции, разноразни книги за евиденција на сметки и сл.);

- Документи или предмети кои укажуваат на контрола (задржани пасоши, долгови, закани);

- Обезбеден материјал за криминалистичко вештачење (биолошки траги, предмети);

- Вештачење на жртвата - медицински извештаи за физички или психолошки последици;

- Сведочења од жртвата или други лица кои биле во контакт со неа.

Во врска со доказите, нивното обезбедување и ракување, малку подетално би се задржале на електронските докази, со оглед на сè позачестената примена на ИКТ во извршување на КД ТЛ.

Електронските докази се однесуваат на какви било информации или податоци што се складираат или пренесуваат во дигитална форма и може да се користат како доказ во кривичните постапки. Тие опфаќаат широк опсег на електронски информации, вклучувајќи текст, слики, видеа, аудио снимки, метаподатоци и друго, кои се собрани од различни дигитални извори.

Во оваа насока можеме да кажеме дека - *„Електронските докази се всушност материјални докази во кои податоците и информациите (фотографии, видеа, аудио снимки, текст и сите други форми на информации) се чуваат, примаат и пренесуваат во бинарна форма преку електронски уреди, и кои, доколку се соберат и обезбедат на законски начин, можат да се користат во кривична постапка".*

Електронските докази имаат и свои специфичности. Тие постојат во електронски или дигитални формати. Обично се складираат на електронски уреди, сервери или се наоѓаат во т.н. „облак" ("cloud"). Овие докази може да се екстрахираат од мноштво извори, вклучувајќи: компјутери, мобилни уреди, платформи за социјални медиуми, онлајн услуги, камери за надзор, итн. Кога се соодветно обезбедени, треба да бидат и соодветно зачувани, односно, треба да останат непроменети и да го задржат својот интегритет за да се обезбеди нивна прифатливост пред судот. Во оваа насока, важно е да се има и да се одржува документиран синџир на ракување со нив ("chain of custody"). Ова е од клучно значење за следење на ракувањето со дигиталните докази, од нивното првично собирање до нивното презентирање на суд, обезбедувајќи ја нивната веродостојност и кредибилитет.

Но, обезбедувањето на електронските докази има и свои предизвици, пред сè заради:

- *Нивната непостојаност* (можат лесно да бидат манипулирани, односно да бидат изменети, избришани или оштетени);

- *Не траат долг временски период* (пример: пуштена порака со тајмер за самобришење која по одреден временски период или по прегледување од лицето на кое е наменета самата се брише);

- *Локацијата на која се наоѓаат.* Порано истите се чуваа на флопи дискови, потоа на ЦД-а, на МП3 плеери, на УСБ-а, а сега со развојот на технологијата се наоѓаат на разни „стриминг" сервиси („облачиња" - cloud), што значи дека може (а најчесто и се) наоѓаат надвор од јурисдикцијата на државата. Тоа повлекува, потреба од поднесување соодветни барања за меѓународна правна помош или барања за добивање информации, во соодветна постапка, од страна на приватни компании, како што се META или, пак, одржувачи на апликации Telegram, Signal, Skype, Viber, WhatsApp, Twitter и др.;

- *Непостоење заедничка генерална правна рамка.* Бидејќи електронските докази се материјални докази во кои податоците и информациите (фотографии, видеа, аудио снимки, текст и сите други форми на информации) се чуваат, добиваат и пренесуваат во бинарна форма преку електронски уреди, вистински предизвик е изготвувањето на пишани правила и процедури за начинот на подигнување, заштита од надворешни влијанија, соодветно складирање / чување, обработка и анализа за потребите на кривичната постапка, како и нивно правилно толкување;

- *За нивно екстрахирање потребна е соодветна стручност и знаење.* Не секој е обучен како правилно да подигне, обезбеди, складира или чува електронски доказ, како и да изврши обработка и анализа на истите за потребите на кривичната постапка. За истото е потребна посебна обука, знаење и вештини, како и поседување на соодветни софистицирани уреди и софтвер;

- *Недоволен број на обучени човечки ресурси, недоволен број или непостоење на технички и материјални ресурси и капацитети.* Недоволната обученост, односно малиот број на обучени ПС, како и недостатокот на соодветна техничка опрема е дополнителен предизвик во обезбедувањето на електронските докази.

Во последниве години, употребата на ИКТ станува сè позастапена во случаите на ТЛ, односно во случаите на ТД.

Притоа, on - line предаторите се користат со следните техники:

- *Doxing (таргетирање)* - вклучува однесување во кое едно лице (лицето што таргетира друго лице) собира информации за другото лице, ги анализира и ги

објавува на пристрасен начин. Таргетирањето исто така вклучува објавување лични информации, како што се домашна адреса или контакт информации (телефонски број) со цел да се вознемири или на друг начин да се наштети на лицето. Оваа техника им овозможува на трговците со луѓе да вршат притисок и да соберат што е можно повеќе информации за потенцијалната жртва;

- *Grooming* - Кога терминот се употребува во врска со ТЛ или ТД, најчесто значи: 1. Процес на нормализирање на несоодветното однесување меѓу малолетник и возрасно лице, или, 2. Процес на градење односи со дете или млада личност во подготовка за негова / нејзина злоупотреба (експлоатација), или 3. Процес на градење врска со возрасно лице кое е изложено на ризик да може да се злоупотреби и да се манипулира со него, т.е., да е подложно на експлоатација;

- *Cyberstalking* (сајбер следење) - се однесува на низа вознемирувачки однесувања кои се извршуваат постојано или редовно, што обично предизвикува жртвата да страда од страв, вознемиреност, понижување и екстремна емоционална штета. Ова вклучува испраќање пораки, јавување, испраќање гласовни пораки со цел лицето кое е цел на нападот да се држи во состојба на вознемиреност и страв. Важно е да се нагласи дека сајбер следењето не мора нужно да вклучува директни закани, туку се однесува и на оние активности што предизвикуваат чувство на беспомошност и континуиран стрес;

- *Hacking* (хакирање) - е неовластен пристап или упад во електронскиот уред или мрежа на друго лице. Често се извршува со намера да се нападне и инкриминира друго лице и да се предизвика штета преку кражба на податоци или повреда на неговата приватност. Кога станува збор за ТЛ / ТД, ова е еден од начините лицата задолжени за врбување на жртви на ТЛ преку користење на ИКТ да дојдат неовластено до повеќе податоци и информации за жртвата (семејна состојба, интереси, желби, животен стил и сл.);

- *Impersonization* (лажно претставување) - може да се однесува на креирање лажен профил, како и на користење на туѓ идентитет. Целта на лажното претставување е да доведе во заблуда ПЖТЛ во однос на возраста и полот, а да се сокрие вистинскиот идентитет;

- *Catfishing* (навлекување) - овој термин се користи за да се опише ситуација во која едно лице е намамено на состанок или врска од страна на лице кое користи фиктивен онлајн идентитет. Разликата со претходното лажно претставување е во тоа што во случај на навлекување, лицето е намамено на состанок (на средба) или на давање информации;

- *Revenge porn* (одмаздничка порнографија) - е вид злоупотреба што вклучува објавување експлицитна содржина без согласност на лицето на видеото или фотографијата. Сторителот го користи односот со жртвата, благодарение на кој ја добил предметната содржина, за дополнително да ѝ наштети на жртвата. Еден од подтиповите на овој облик на насилство е sextortion и претставува закана за објавување експлицитен материјал (информации, фотографии) со

цел да се изнудат пари или да се понижи жртвата или во случаите на ТЛ да се доведе во состојба на покорност, односно послушност.

Сите горенаведени техники се користат или во фазата на регрутирање или во фазата на експлоатација (како средство за принуда и контрола на жртвите), но може и да се комбинираат во двете фази.

Дигиталните технологии за жал особено придонесоа за зголемување на трендот на сексуална експлоатација, а особено експлоатацијата и злоупотребата на деца.

Кога станува збор за обезбедување на електронски докази, треба да се спомене дека постојат неколку форми за нивно обезбедување:

1. *Преку одземање на т.н. „мртво поштенско сандаче“* (тоа подразбира одземање на самиот електронски уред или електронски средства - медиуми за складирање (внатрешни или надворешни мемории); или доколку не може физички да се одземе средството за складирање - тогаш со копирање на целата содржина од меморијата или пак се врши одземање на резервни медиуми за складирање на т.н. back-up мемории. Овој термин се однесува и на копирање на содржина од електронска пошта, до која заеднички пристапуваат сторителите на КД на ТЛ преку една лозинка, како начин на договарање за извршување на одредена криминална активност, при што содржината меѓусебно не си ја праќаат како „меил“, туку содржината останува во „драфт“);

2. Форензичко екстрахирање на податоци со нивно селективно копирање (одбирање на содржина која е релевантна за докажување на делото); и

3. Одземање на докази од интернет кои се јавно достапни (објавени постови, огласи и сл.).

За дигиталните докази да бидат употребливи на суд, тие мора да бидат прифатливи (законски обезбедени), автентични, целосни, веродостојни, убедливи и разбирливи.

Во оваа насока, посебно треба да се внимава на основните принципи поврзани со процесот на собирање и анализа на дигиталните докази, а тоа се:

- ✓ *Принцип на зачувување на дигиталните докази / принцип на интегритет на доказите.* Ова значи дека со никакво дејство преземено од надлежните субјекти (ПС, ЈО, судски вештак) не смее да се менуваат податоците складирани на компјутер или друг носач на податоци, кои подоцна можат да бидат презентирани на суд;

- ✓ *Принцип на компетентност / експертиза.* Во околности кога е потребно да се пристапи до оригинални податоци на компјутер или друг медиум за складирање на податоци, лицето кое пристапува до оригиналните податоци, мора да биде компетентно за пристап до тие податоци и способно да даде темелно објаснување за значењето и последиците од неговите постапки, без разлика дали е ПС, стручно лице или судски вештак;

- ✓ *Принцип на т.н. „синџир на истрага".* Експертскиот извештај или записникот за сите постапки што се применуваат кај електронските докази треба да биде добро и темелно документиран. Тоа ќе овозможи, евентуално независна трета страна, да може да ги испита овие постапки и притоа да ги постигне истите резултати;

- ✓ *Принцип на законитост.* Лицето одговорно за истрагата (ПС, ЈО, судија на претходна постапка) има целосна одговорност за обезбедување усогласеност со законот и другите принципи.

Постојат одредени насоки во случаите кога се одземаат електронски уреди кои се користени од страна на сторителите на КД ТЛ, со цел обезбедување докази кои би се користеле во кривичната постапка:

- Уредот треба да се остави во состојбата во која е идентификуван, без оглед на тоа дали уредот е вклучен или исклучен. Треба да се избегнува непотребно ракување. Сите преземени дејствија треба да бидат целосно документирани;

- Во идеални услови, уредот би требало да се чува во т.н. „Фарадеева торба", за да се спречи поврзување со уредот од надвор, од која било мрежа (мобилна или Wi-Fi).

- Доколку уредот е вклучен, треба да се направат подготовки за да се стави во режим на „авион" за да се спречи модификација на податоците и(ли) далечински да им се пристапи, односно да се оневозможи нивно менување или бришење;

- Уредот треба да се чува наполнет, на пример: со користење на преносен полнач или со тоа што уредот ќе биде вклучен во штекер. Во случај да не е можно да се овозможи режим на „авион" на уредот, тогаш треба да се поврзе со преносен полнач и сè (вклучувајќи го и кабелот за полнење) треба да се стави во „Фарадеева торба", соодветно затворен;

- Во случај уредот да е исклучен, не треба да се вклучува заради пребарување на ИМЕИ (IMEI - се однесува на новите модели на телефонски апарати, кај кои до IMEI бројот не може да се пристапи со физичко отворање на апаратот, туку може да се види само на вклучен апарат). Овој параметар ќе биде идентификуван за време на форензичко испитување, односно при екстракцијата. Треба само да се забележат марката, моделот, одредени специфичности (налепници, оштетувања) и истиот да се фотографира и соодветно да се спакува и обележи;

- Полначот и поврзаниот кабел(и), мемориските картички, SIM картичките треба да се запленат заедно со телефонот;

- Треба да постои „синџир на чување“ или континуитет на докази, и тоа од моментот кога предметот е запленет. Примерок од потврдата за привремено одземени предмети со лични податоци на сопственикот, вклучувајќи го местото и времето на одземање на уредот, треба да се прикачи на уредот.

За да се обезбеди успешна форензичка обработка, следните податоци треба да се добијат секогаш кога е можно, преку поставување на прашање до корисникот или преку обраќање до мобилните оператори:

- Лозинка или ПИН код на уредот;

- Шема за отклучување на уредот;

- ПИН на SIM картичката.

Самата постапката за одземање на електронските докази се состои од следниве фази:

1. Подготовка за одземање (ангажирање на експерт од Одделот за компјутерски криминал или компјутерска форензика кој стручно ќе го одземе уредот, или, поседување на соодветна опрема: „Фарадеева торба“, траки за запечатување, итн.);

2. Обезбедување на местото за пребарување (спречување на надворешни влијанија кои би довеле до уништување на уредот или кои би го направиле уредот непогоден за вештачење);

3. Документирање на местото за пребарување (фотографирање или видео снимање и изготвување на соодветна документација);

4. Собирање на носителите на електронските докази (нивно соодветно одземање);

5. Пакување, транспорт и складирање.

В. Предистражна и истражна постапка

Предистражната постапка е постапувањето на ПС или ЈО врз основа на непосредно забележување, добиена информација или податок од криминалистичко разузнавање, по допрен глас или по примена кривична пријава, за КД кои се гонат по службена должност, во кои спаѓаат и КД на ТЛ.

Во делот на постапувањето на ПС спаѓаат *полициските извиди*.

Согласно член 276 од ЗКП на Република Северна Македонија, по приемот на кривичната пријава или добиеното сознание за сторено кривично дело за кое се гони по службена должност, полицијата е должна да ги преземе потребните мерки за пронаоѓање на сторителот на кривичното дело; сторителот или соучесникот да не се скрие или побегне; да се откријат и обезбедат трагите на кривичното дело и предметите што можат да послужат како доказ; како и да ги собере сите известувања што би можеле да бидат од корист за успешно водење на кривичната постапка. За извршување на наведените задачи, на ПС на располагање им се сите полициски овластувања од член 276 став 2 (да бараат потребни известувања од граѓани; да сопрат, легитимираат и да извршат потребен преглед на лица, превозни средства и багаж ако постојат основи на сомневање дека кај нив ќе се пронајдат траги на кривичното дело или предмети што можат да послужат како доказ; да пренасочат или ограничат движење на лица и превозни средства на определен простор; да преземат потребни мерки заради утврдување на идентитет на лица и на предмети; да спроведат потрага, да распишат распис по лицето и објава по имотот и имотната корист или по предметите по кои се трага; во присуство на службено или одговорно лице да изврши преглед на определени објекти и простории на државни органи, институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и да оствари увид во нивната документација; и да преземат други потребни мерки и дејствија предвидени со закон), како и да: земат отпечатоци, примерок за ДНК анализа (доброволно или со наредба од суд) и да извршат фотографирање (кога е тоа потребно заради утврдување на идентитетот на лицата и предметите или во други случаи од интерес за успешно водење на постапката); да извршат препознавање (во случаите кога се работи за осомничен чиј идентитет е познат на правосудната полиција, и кога осомничениот е достапен. Препознавањето секогаш се врши во присуство на ЈО); да повикува граѓани заради прибирање известувања.

Овде мора да се нагласи дека со предистражната постапка раководи ЈО. Во случаите на ТЛ / ТД, тоа е ЈО од ОЈО за ГОКК. Ова значи дека сите наведени полициски овластувања ПС ги презема во претходен договор или по насоки или наредби на ЈО.

Во предистражната постапка ЈО, може и самиот или преку правосудната полиција, односно други лица вработени во истражните центри на јавното обвинителство, да врши претходно прибирање на известувања, кои се неопходни за натамошното одлучување во однос на истрагата. Во оваа насока, и ЈО може да: повикува лица или да прибира известувања од лица кои се во притвор. Постои законска обврска - државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа, организации, правни и физички лица што вршат јавни овластувања или други правни лица, да му достават на ЈО податоци кои од нив ги бара.

Сите дејствија преземени во предистражната постапка од страна на ЈО или полицијата се сметаат за тајна!
За контрола на законитоста на сите преземени дејствија од страна на ЈО и(ли) ПС, надлежен е судија на претходна постапка.

Во контекст на горенаведеното, може да се заклучи дека:

1. Предистражната постапка се води со цел да се утврди дали постои основано сомнение дека е сторено кривично дело. Постигнувањето на оваа цел се остварува преку собирање на првични информации; вршење на проверки; разговори; и преку прибирање на известувања и материјали;

2. Јавниот обвинител е носител на постапката, а полицијата и другите органи постапуваат по негово овластување;

3. Ако се утврди основано сомнение, јавниот обвинител донесува наредба за започнување истражна постапка. Ако не, постапката се запира.

Истражната постапка се води со цел да се обезбедат докази за кривичното дело и за сторителот, кои потоа ќе бидат користени во судска постапка. Согласно член 291 од ЗКП, „Истражната постапка се поведува против определено лице кога постои основано сомневање дека сторило кривично дело за кое се гони по службена должност". Повторно, како и во предистражната постапка, ЈО ја води истражната постапка, при што на располагање ја има правосудната полиција. Истражната постапка започнува со донесување на Наредба за спроведување на истражна постапка, која ја донесува ЈО.

Улогата на судијата на претходна постапка, во истражната постапка, е да одлучува за мерки како што се на пример: одредување на мерка притвор по образложен предлог на ЈО; давање на наредби за претрес и наредби за примена на ПИМ (по основано образложен предлог на ЈО); да издаде некоја од мерките за привремено обезбедување на имотот или средствата што се во врска со кривично дело или да донесе решение за други ограничувања на правата на осомничените лица.

Во текот на истражната постапка, ЈО може согласно со одредбите од ЗКП да ги преземе следниве истражни дејствија: претрес; привремено обезбедување и одземање на предмети или имот; испитување на осомничениот; испитување на сведоци; определување вештачење; увид и реконструкција и посебни истражни мерки.

Ако доказите потврдат основано сомнение, ЈО поднесува обвинителен акт до судот. Ако не, истрагата се запира.

И истражната, како и предистражната постапка е тајна.

- **Предистражна постапка →** проверка дали има основа за поведување на кривична постапка.
- **Истражна постапка →** формално прибирање на докази за поднесување на обвинение и судење.

Која е „улогата" на жртвата во предистражната и во истражната постапка?

Во предистражна постапка, жртвата најчесто се појавува како „претпоставена жртва". ПС и другите субјекти имаат обврска да ја идентификуваат и упатат кон соодветни служби за заштита. Како што веќе беше претходно споменато, клучно е да се обезбеди безбедна средина, медицинска и психолошка помош, како и детални информации за правата на жртвата. Во однос на првичните изјави, јасно е дека жртвата може да даде основни информации кои ќе помогнат да се отвори предмет, но без притисок или формално сведочење. Во оваа фаза жртвата нема формална улога како сведок, туку е лице на кое му се обезбедува поддршка и привремена заштита.

Во истражна постапка, жртвата може да стане клучен сведок, чија изјава може да биде основа за кривичната постапка. Во оваа фаза, жртвата има право на заштита на идентитет, кон неа се применуваат посебни процесни мерки на заштита (анонимност, односно заштита на идентитетот на жртвата; процесна заштита, сведочење преку видео-линк; присуство на психолог, полномошник, правен застапник, итн.).

Со други зборови, жртвата е пред се носител на права и се заштитува, а потоа може да стане сведок и процесен субјект. Балансот меѓу овие две улоги е критичен за успешна постапка и за спречување на ревиктимизација и секундарна виктимизација.

Во предистражната и во истражната постапка, колку е важно професионалното и сензитивно постапување на ПС со ПЖТЛ, толку, ако не и повеќе, е важно и постапувањето на ЈО. Ова од причина што во рамките на истрагата доаѓа до првично испитување на ЖТЛ. Испитувањето на жртвата е комплексно процесно дејствие за кое е потребна темелна, суштинска и формална подготовка на сите учесници во процесот на испитување. Во овој контекст, потребно е ЈО, во корелација со психологот кој ја следи и подржува жртвата од самиот почеток на откривањето на настанот и идентификување како ПЖТЛ, да го определи најоптималниот термин за сослушување на жртвата. Денот кој е определен да се сослуша жртвата во просториите на обвинителството е денот кога жртвата е подготвена и сака да даде исказ, кога разбира која е нејзината улога и кои се нејзините права во рамките на кривичната постапка. Присуството на психологот, правниот застапник и социјалниот

работник не значи задоволување на формалност, напротив тие се активни чинители кои, секој од свој аспект допринесува жртвата да се чувствува безбедна, спокојна и со јасно манифестирана волја да даде исказ.

Жртвата, вклучително и детето жртва, како сведок во истражната постапка добива формална - процесна заштита која се базира на ЗКП, а за децата жртви и согласно на Законот за правда на децата. Затоа, кога се работи за првично испитување на жртва - дете, ЈО до судија на претходна постапка поднесува Барање за процесна заштита на жртвата со образложение. Откако ЈО ќе добие формално Решение за процесна заштита на жртвата - дете, и откако жртвата ќе биде поучена за своите права[39], може да се пристапи кон испитувањето. Психологот, правниот застапник, социјалниот работник и бранителот на обвинетиот се присутни кога во просториите за сослушување на обвинителството жртвата го дава сведочењето за настанот. Обвинителот, кој надлежно постапува во кривичниот предмет, со жртвата треба да развие однос на доверба, секако во рамките на професионалниот однос и постапување. Испитувањето на жртвата се снима, а примерок од снимката му се предава на судијата на претходна постапка кој донел Решение за процесна заштита на жртвата.

Во контекст на горенаведеното корисно е да се спомене и СОП за интервју на деца жртви и сведоци[40], со кој се воспостават унифицирани правила и процедури за законски, ефикасен и сензитивно - детски ориентиран пристап кон интервјуирање на деца жртви и сведоци.

Целта на овие СОП е да се обезбеди:

1. Најдобриот интерес на детето како примарен фактор.

Ова значи дека:

1.1 Сите дејствија на ЈО задолжен за случајот, треба да бидат водени од најдобриот интерес на детето како примарна грижа. Децата - жртви и децата - сведоци треба да бидат третирани со грижа и чувствителност во текот на целата претходна судска постапка и кривична постапка, земајќи ги во предвид нивните лични околности и непосредни потреби, согласно возраста, полот, евентуалната попреченост и нивото на зрелост, и обезбедување гаранции за целосно почитување на нивниот физички, ментален и морален интегритет.

[39] Членовите 53 - 55 од ЗКП на РСМ

[40] Наменети за постапување првенствено на сите ЈО, но и за ПС, психолозите, детските психијатри, педагозите, СР, ЗР, како и другите професионалци вклучени во подготовката и интервјуирањето на децата жртви и сведоци во просторијата прилагодена за деца. СОП се поддржани од регионалниот проект „Поддршка од ЕУ за зајакнување на борбата против шверцот и трговијата со луѓе со мигранти во Западен Балкан“ (EU4FAST).

1.2. При примената на овој СОП, приоритет се дава на заштитата, воспитувањето, образованието и правилниот раст и развој на детето, без да се нарушат барањата за утврдување на фактите и со целосно почитување на правата на одбраната.

1.3. Идентитетот, личните податоци и сведочењето на детето ќе бидат обработени исклучиво за целите на кривичната постапка и ќе бидат заштитени во сите фази од постапката. Пристапот до таквите податоци е ограничен на овластени лица директно вклучени во случајот.

1.4. Аудио и видео снимките од интервјуата со детето треба безбедно да се чуваат и да им се пристапува само по овластување од обвинителот или судот. Копирањето, репродукцијата или дистрибуцијата на снимки надвор од официјалните постапки е забрането.

2. Заштита на правата и достоинството на децата жртви и сведоци.

ЈО задолжен за случајот, но и вработените во ОЈО за ГОКК (и другите ОЈО) кои доаѓаат во контакт со детето - жртва или детето - сведок и сите други вклучени учесници, мора да обрнат посебно внимание на почитувањето на достоинството на детето и заштитата на најдобриот интерес на детето за време на сослушувањето, а исто така и за време на неговиот/нејзиниот престој во просториите на ОЈО за ГОКК (и другите ОЈО). Во присуство на детето, сите вклучени лица мора да одржуваат мирно однесување, да покажуваат став без осудување и да се воздржат од кревање на гласот.

3. Спречување на секундарна виктимизација.

3.1 Сите професионалци вклучени во подготовката и спроведувањето на интервјуто со детето жртва или сведок мора да ги преземат сите дејствија и мерки во согласност со нивните надлежности со цел да се избегне секундарна виктимизација на детето.

3.2 ЈО задолжен за случајот ќе се стреми да обезбеди детето - жртва да биде испрашувано само еднаш, преземајќи ги сите разумни и соодветни мерки за да се избегнат повторени испрашувања во рамките на правосудниот систем.

3.3 За да се избегне повторно испрашување на детето, ЈО задолжен за случајот треба да обезбеди, како минимум, следново:

- интензивна и тесна соработка со полицијата во претходната постапка;
- да оствари темелен преглед на сите достапни материјали и докази од случајот пред интервјуто;

- да се стреми сите фактички и потенцијални прашања да бидат разјаснети за *време на интервјуто*;

- да оствари тесна координација со сите професионалци кои учествуваат во интервјуто.

4. Собирање на сигурни, прифатливи и фер докази во кривичните постапки.

Во подготовките за земање на исказ од детето жртва од страна на ЈО, ПС ги преземаат следните мерки:

- тесно соработуваат со ЈО задолжен за случајот во подготовката и организирањето на интервјуто;

- се воздржуваат од повторени или неформални испрашувања на детето;

- се грижат за безбедноста на детето и детето да биде одвоено од обвинетиот (да не дојде до визуелен или физички контакт);

- обезбедува логистичка и безбедносна поддршка за сите субјекти пред и за време на интервјуто.

Она што е исто така важно да се нагласи е дека исказот од дете - жртва се зема во посебно уредена просторија, во која се наоѓа само уште ЈО задолжен за случајот кој и ги поставува прашањата или од него назначениот експерт[41]. Сите други учесници кои според ЗКП може да присуствуваат на земањето на исказ се наоѓа во т.н. „мониторинг соба“ која е одделена од просторијата наменета за децата - жртви. Тоа значи и дека бранителот на обвинетиот (или осомниченият, во зависност од тоа во која фаза на истрагата се зема исказот) исто така се наоѓа во мониторинг собата, и тој, доколку смета за потребно, може да поставува дополнителни прашања, но само преку ЈО, кој ќе утврди дали такви прашања треба да му се постават на детето или не.

На еден мултидисциплинарен координативен состанок, сите релевантни професионалци кои присуствувале на интервјуто, ќе спроведат преглед на содржината по интервјуто за да го проценат исходот од интервјуто, но и за да идентификуваат какви било дополнителни потреби за заштита или поддршка за детето.

Социјалните и здравствените служби ќе обезбедат континуитет на заштитата, психосоцијалната поддршка и следењето на детето во согласност со идентификуваните потреби.

[41] Во зависност од возраста на детето и степенот на интелектуална зрелост, може да има потреба од експерт, кој на соодветен - разбирлив за детето начин, ќе ги пренесе на детето прашањата поставени од ЈО задолжен за случајот.

Повторното интервјуирање на детето треба да се избегнува, освен ако не е строго неопходно и оправдано со нови околности.

Г. Кривична постапка / главна расправа

По завршување на истражната постапка кога ЈО ќе утврди дека постојат доволно докази од кои може да очекува донесување осудителна пресуда, го подготвува и поднесува обвинителниот акт до надлежниот суд. Со тоа, фактички започнува судската фаза на постапката пред надлежниот суд (Основен Кривичен суд Скопје, Специјализирано одделение за организиран криминал).

Улогата на ЈО во текот на главната расправа е најнапред да го изложи воведниот говор, каде ќе ја изложи својата теорија на случај. Следно, се пристапува кон изведување на доказите кои се прибрани од обвинителот во текот на истрагата, на начин што во директно испитување ќе ги сослуша пред судот сведоците, вештите лица, оштетените и жртвите, и ќе ги изведе и материјалните докази и доказите прибрани со примена на ПИМ.

Улогата на судот во фазата на главната расправа се согледува првенствено во оцената на законитоста на доказите на обвинителството, на кои се темели обвинението. Имено, она што е особено значајно од судски аспект во однос на доказите на обвинителството, е собирањето на доказите, т.е., начинот на кој обвинителството тоа го чини. Мора внимателно и сензитивно да се внимава на законитоста на преземените дејствија во текот на предистражната и истражната постапка. Законитоста на начинот на кој истите се прибавени потоа подлежи на судска контрола, на кое судот внимава и по службена должност и по предлог на странките.

Исто така, улогата на судот во фазата на главната расправа се согледува особено и во начинот на испитувањето на жртвата на главната расправа. Член 232 од ЗКП посочува дека оштетената жртва не смее да се соочува со обвинетиот, на кое мора исклучително да се внимава и во текот на предистрагата и истрагата. Притоа, потребна е исклучително висока вклученост и сензитивност на судијата, односно на Претседателот на совет при преземањето на ова доказно средство. Член 232 од ЗКП го регулира испитувањето на посебна категорија на ранливи жртви и сведоци, меѓу кои спаѓаат и малолетните лица (деца) - жртви на трговија со луѓе. Притоа, предвид се зема здравствената состојба на жртвата, психичкото, физичкото здравје на жртвата, природата на кривичното дело и последиците од неговото извршување, како и други околности на случајот кои жртвата ја прават особено ранлива. Основна причина поради која се издвојуваат овие лица како посебна категорија е да се избегне нивна секундарна виктимизација при испитувањето во текот на кривичната постапка.

Од суштествено значење за заштита на детето - жртва кога има потреба од посебна грижа и заштита или кога е жртва на трговија со луѓе, и е должност на *судот да определи видео и тонски запис на исказот и испитувањето на детето да се користи како доказ во постапката*. Во исклучителни случаи, *само заради нови околности на случајот*, судот може да нареди повторно испитување на детето жртва, но само уште еднаш. Во тој случај испитувањето се врши со користење на технички средства за комуникација.

Во врска со обезбедувањето на процесната заштита на детето жртва, во Законот за правда на децата се предвидени посебни мерки на нивна процесна заштита со користење на екрани за заштита на жртвата од погледот на обвинетиот, со прикривање на идентитетот или изгледот, со давање исказ преку видео конференција, отстранување на тогите, исклучување на јавноста, видео и аудио запис на исказот кој ќе се користи како доказ, земање исказ преку посредство на стручно лице со употреба на посебни технички средства за комуникација и заштита на приватноста на детето и на неговото семејство.

Во текот на целото постапување со ранливата жртва, при нејзиното испитување, органот што ја води постапката е должен кон жртвата да се однесува со посебно внимание, со цел да се избегнат штетните последици кои кривичната постапка би можела да ги има врз личноста и врз телесното и душевно здравје на ранливата жртва. Исто така, при испитувањето на ранливите жртви може да се користи и помош од стручно лице, психолог, педагог или друго стручно лице.

Испитувањето на ранливата жртва на главната расправа најчесто се врши на начин што ранливата жртва физички е одвоена од странките, одбраната, бранителот и обвинетиот во посебна просторија. Во тој случај, прашањата ѝ се поставуваат преку органот што ја води постапката, како и со посредство на присутното стручно лице.

Судот може да одлучи (и најчесто се случува во пракса), при испитувањето на ранливата жртва да ја исклучи јавноста доколку оцени дека тоа е во интерес на жртвата. Ваквата мерка особено е од значење кога како ранлива жртва се јавува дете.

Улогата на ПС во оваа фаза е воглавном во обезбедување, односно во заштита на ЖТЛ од локацијата на која е обезбеден безбедниот престој на ЖТЛ - до судот, како и во рамките на судот (до отпочнувањето на расправата) и враќање на ЖТЛ назад во местото на безбеден престој. Ова е со цел да се спречи ЖТЛ да дојде во несакан контакт со обвинетите, со блиски лица на обвинетите или со нивните бранители, кои би можеле да влијаат на психичката состојба на ЖТЛ, како и да се спречи истите евентуално да упатат закани и навреди кон ЖТЛ, со што би можеле да влијаат на давањето на валиден исказ или на менување на исказот на ЖТЛ.

Во кривичната постапка жртвата на трговија со луѓе има повеќеслојна улога, таа е истовремено носител на права и извор на докази.

- Како процесен субјект, таа е лице со посебен статус, кое има право на заштита и поддршка.

- Како сведок, нејзиниот исказ има големо значење и во многу случаи е често клучен доказ за постоењето на кривичното дело.

- Воедно, таа е оштетена страна, што значи дека може да бара надомест на штета *во рамки на постапката*.

- Исто така, таа ги има и следните права кои ѝ се гарантираат во постапката: право на правна помош и застапник; право на посебни мерки за заштита (анонимност, сведочење преку видео-линк, забрана за директен контакт со обвинетиот); право на информираност за текот на постапката; право на надомест на штета и пристап до фондови за компензација.

4. БИБЛИОГРАФИЈА

- Група на експерти за акција против трговија со луѓе, Трет евалуационен извештај за Северна Македонија GRETA(2023)02, 2023
- Група на експерти за акција против трговија со луѓе, Он-лајн трговија со луѓе преку користење на технологија, 2022
- Директива 2011/36/EU на Европскиот парламент и Совет на Европа за превенција и борба против трговијата со луѓе и заштита на жртвите на трговија со луѓе
- Закон за кривичната постапка на Република Северна Македонија
- Закон за странците на Република Северна Македонија
- ILO Конвенција за за минимум години за вработување на деца бр. 138, 1973
- ILO Конвенција за најлоши форми на работа на децата бр. 182, 1999
- Импетус и др., Трговија со луѓе и информативно-компјутерска технологија: нејзината употреба и злоупотреба од трговците со луѓе, 2024
- Обединети нации, Конвенција за прекугранично организиран криминал со Протоколот за превенција, борба и казнување на трговијата со луѓе, посебно жени и деца и Протоколот против криумчарење мигранти на копно, море и воздух
- Совет на Европа, Конвенција за акција против трговија со луѓе, CETS број 197
- Совет на Европа, Конвенција за заштита на децата од сексуална експлоатација и злоупотреба, CETS број 201
- Совет на Европа, Европска конвенција за заштита на човековите права и слободи, ETS 005
- Кривичен законик на Република Северна Македонија
- Љ. Маркудов и др., Проактивни истраги, ефикасно кривично гонење и пресудување на случаи на трговија со луѓе и деца со особен фокус на мигранти во ризик од трговија со луѓе, 2024 https://rm.coe.int/research-on-proactive-investigation-adjudication-of-thb-cases-in-nm/1680b2669b

5. АНЕКСИ

Анекс 1

Случај "СЕРБАЗ"

Помеѓу август 2007 година и ноември 2009 година, организирана криминална група (ОКГ) чии членови биле државјани на Босна и Херцеговина и Азербејџан, преку оглас за вработување на градежни работници, врбувала и експлоатирала државјани на Босна и Херцеговина, Србија и Северна Македонија, така што ги принудувала да работата на градилишта во Азербејџан.

ОКГ ги извршувала овие дела под превезот на фирмата „Сербез" („Сербез Дизајн енд Констракшн ЛЛЦ", кое било трговско друштво регистрирано во Азербејџан во 2007 година со дејност во градежниот сектор, сè до близу крајот на 2009 година), а коишто биле огранок на „Акора" (компанија регистрирана во британска прекуморска територија).

Вработените во „Сербез" на заинтересираните лица им кажале дека, доколку дојдат да бараат вработување во Азербејџан, ќе добијат добри плати, одлично сместување, здравствено осигурување и хранарина. Покрај тоа, ќе им ги плателе визите и ќе им го регулирале престојот во Азербејџан.

Работниците биле ангажирани во своите земји од претставници на Сербез коишто им барале да потпишат „договори", во форма на прашалник, а не како договор, и тоа во само еден примерок по работник (кој очигледно го задржувале во „Сербез"). Патните трошоци до Азербејџан биле делумно плаќани од работниците (локалното патување до аеродромот) и делумно од „Сербез" (авионските билети). Од работниците се барало и авансно да уплатат одредени суми за, како што им било кажано, виза и други трошоци, со ветување дека тие износи ќе им биле надоместени.

Од „Сербез" авионски го организирале нивното патување во Азербејџан, по основ на туристичка виза, којашто им била издадена во Баку во моментот на пристигнување, на самиот аеродром, за период од триесет (30) или деведесет (90) дена. Откако пристигнале, во групи од по 10 работници (вкупно околу 1.000 работници), вработените во „Сербез" им ги одзеле патните исправи, тврдејќи дека тоа било неопходно за да се регулира нивниот престој. Патните исправи не им биле вратени на жртвите, со што им било оневозможено да ја напуштат земјата и да се

вратат дома. Не им биле обезбедени ниту работни дозволи ниту дозволи за престој, според тоа, работниците во Азербејџан престојувале нелегално откако им истекле визите.

Од „Сербез“ ги сместиле жртвите во несоодветни, пренатрупани простории и го злоупотребиле нивниот статус на странци, нивното непознавање на локалниот јазик и нивната зависност од „Сербез“ со цел да ги експлоатираат за работа. Раководството на „Сербез“ им изрекувало и физички и психолошки казни на жртвите, така што ги присилувале да вршат напорна и долга физичка работа и ги подложувале на претепување. Некои од работниците биле затворани и по три дена.

На работниците им се исплаќале плати кои произволно им ги намалувале, а и им ги ускратувале придонесите од вработување коишто им биле ветени, под изговор дека извршиле „дисциплински престап“. Жртвите биле казнувани и плаќале глоба од 100 $ до 500 $, а понекогаш и повеќе, и тоа за: враќање во куќата подоцна од дозволеното, за напуштање на куќата без дозвола, за неместење на сопствениот кревет, за паузирање на работа или напуштање на работата неколку минути порано, за често користење на тоалетот во работно време, за рано одење на спиење, за пушење цигари, за консумирање алкохол надвор од работното време, како и за напуштање на просториите каде што биле сместени.

Жртвите биле лишени од слобода, бидејќи им било оневозможено, по завршувањето на работното време, да ги напуштат просториите каде што биле сместени. Овие објекти биле „чувани“ од вооружени лица. Што се однесува до ограничувањето да не смеат да ги напуштаат куќите без дозвола, раководството им кажало на работниците дека тоа е неопходно, бидејќи ги немаат со себе своите пасоши и дека полицијата може да ги запре и уапси, во кој случај од „Сербез“ ќе морале да платат високи глоби. Во некои случаи, од „Сербез“ им забранувале на работниците да си одат дома од семејни причини.

Биле лишени и од соодветна храна, и добивале само мали порции нискокалорична храна. Многумина од работниците значително изгубиле на тежина додека работеле за „Сербез“. Од работниците се очекувало да работат во смени од 12 часа, но со одлука на „надзорникот“ работното време се продолжувало и на 24 или 36 часа без прекин, шест или седум дена во неделата. Опрема за лична заштита или немало или не била доволна. Од работниците се барало да одат на работа и кога биле болни. Не биле прегледувани од лекар. Тројца работници починале од срцев удар и од Сербез ги вратиле нивните тела во нивните земји. На жртвите, исто така, им бил ускратен и пристапот до соодветна здравствена заштита, заради што некои од нив добиле неизлечиви болести. Немало доволно тоалети, често снемувало вода, имало недостиг на топла проточна вода, често немало ниту вода за пиење, а немало ниту доволно затоплување.

Членовите на ОКГ со намера да ги лишат жртвите од нивните плати, преку разни одбитоци, глоби или ускратување на соодветно сместување, храна и здравствена заштита ги присвојувале парите што инаку би требало да им бидат исплатени на жртвите. Било пресметано дека најмалку приближно 3.000.000 евра биле присвоени од страна на членовите на ОКГ во рамките на „Сербез".

По завршување на градежните работи, жртвите биле депортирани во нивните матични земји заради злоупотреба на „туристичкиот престој".

Државата Азербејџан во постапките пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур, не прифатила дека се работи за случај на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација, но судот пресудил дека постои ТЛ со цел трудова експлоатација (принудна работа) и наложил исплата на материјална и нематеријална штета на тужителите од БиХ, кои и единствено ја тужеле државата Азербејџан.

Ниту еден од државјаните на Република Северна Македонија не пријави, ниту ја тужеше државата Азербејџан. И со оние со кои беше направен обид за се изврши разговор, не се препознаваа како ЖТЛ. Тие сметаа дека се самите виновни што поверувале во лаги и чувствуваа голем срам што дозволиле да бидат измамени.

Анекс 2

Дијаспора Италија

Во Алба, Регион Пиемонто, на северот од Италија, во периодот на сезонското производство на земјоделски производи, има потреба од работна сила за собирање на сезонскиот род, што пак има за последица периодично зголемување на работна имиграцијата на државјани од држави кои не се членки на ЕУ. Според италијанското законодавство, постои утврден број на државјани на држави кои не се членки во ЕУ, а кои можат да влезат во Италија за да работат. Административната постапка за добивање работна виза е доста сложена.

Од причина што законодавството во Италија создава огромна бариера за граѓаните на Северна Македонија, флексибилните ОКГ воспоставиле сложен систем составен од „интегрирани" граѓани од Северна Македонија (граѓани на Република Северна Македонија кои легално престојуваат во Италија), т.н. „Македонска дијаспора во Италија", кои формирале „кооперативни компании", чија декларирана активност била поддршка на производството на зеленчук и овошје, со цел да обезбедат работници за собирање производи од различните фарми во областа. Поблиску до периодот на берба и на барање на сопствениците на фармите, тие објавиле огласи за регрутирање на граѓани на Северна Македонија за работа. Тие исто така користеле и радио реклами, објави на Фејсбук, но и самите лично или преку своите

блиски и нивните пријатели, остварувале директни контакти со заинтересираните лица во Република Северна Македонија, со што успевале да намамат голем број на лица од источниот дел од државата.

Откако ќе го достигнеле бараниот број работници, го организирале нивниот транспорт во Италија, по што или како туристи или со претходно обезбедени фалсификувани бугарски пасоши „работниците" остварувале влез на територијата на Италија (со оглед на административните пречки за легално вработување на државјаните на Република Северна Македонија).

Откако ќе стигнеле во Алба, регион Пиемонто, Италија, работниците биле сместувани во екстремно лоши услови. Сместувањето било во близина на лозовите плантажи во бараки во кои спиеле голем број на лица на кревети на кат, без физичко преградување на „машки" и „женски" дел. Храна добивале од „надзорниците" која не била ниту квантитативно, ниту квалитативно задоволувачка. Патните исправи им биле одземени веднаш по пристигнувањето со изговор да не им бидат украдени или да не ги изгубат. Самите фарми биле далеку од градовите или други населени места, без достапен јавен превоз, заради тоа немале никаков контакт со надворешни лица. Дури и да имало локално население, истите не можеле да остварат контакт со нив од две причини: никој од нив не го познавал италијанскиот јазик, а втора причина е што од бараките до плантажите и назад биле превезувани со затворени комбиња за транспорт на роба, заради што не биле во можност да остварат ниту визуелен контакт. Доколку имале потреба да купат повеќе храна или средства за лична хигиена „надзорникот" известувал лица кои ги набавувале потребните продукти за нив. Хигиената ја одржувале преку надворешни чешми и тушеви до самите бараки. Топла вода немало. Работеле од 12 - 14 часови на ден, а наместо ветените 50 до 80€, добивале 15 - 25€ на ден (под услов да ја исполнеле нормата).

Дел од овие лица кои биле трудово експлоатирани биле враќани во временски рамки на законски предвидениот рок за туристички престој во Италија, а дел биле откриени при полициска истрага на карабинерите, кои имаа поднесено кривични пријави против 7 државјани на Република Северна Македонија за ТЛ по пат на трудова експлоатација. Вратените „работници" не пријавувале дека се трудово експлоатирани. Причините се исти како и во случајот „Сербаз".

Анекс 3

Трговија со луѓе - Кривичен Законик
Член 418-а

(1) Тој што со сила, сериозна закана доведува во заблуди или други форми на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојбата на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице или на друг начин врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа лица заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна бременост, незаконито посвојување или нему сличен однос, питачење или експлотација заради со закон забранета активност или недопуштено пресадување делови од човековото тело, ќе се казни со казна затвор најмалку четири години.

(2) Тој што ќе одземе или уништи лична карта, пасош или друга туѓа идентификациона исправа заради вршење на делото од став 1 на овој член ќе се казни со затвор од најмалку четири години.

(3) Тој што користи или овозможува на друг користење на сексуални услуги или друг вид експлоатација од лица за кое знаел или бил должен да знае дека е жртва на трговија со луѓе ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(4) Ако делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член го стори службено лице во вршењето на службата, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(5) Согласноста на жртвата на трговија со луѓе заради намера за експлоатација предвидена во став 1, не е од значење за постоењето на кривичното дело од став 1.

(6) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(7) Нема да се казни жртвата на трговија со луѓе која била принудена да стори кривично или друго казниво дело додека била жртва, а кое е непосредно поврзано со нејзината положба на жртва.

(8) Недвижностите искористени и предметите и превозните средства употребени за извршување на делото, се одземаат.

Анекс 4

Криумчарење на мигранти – Кривичен Законик
Член 418-б

(1) Тој што со сила или со сериозна закана дека ќе нападне врз животот или телото, со грабнување, измама, од користољубие, со злоупотреба на својата службена положба или со искористување на немоќта на друг илегално пренесува мигранти преку државната граница, како и тој што прави, набавува или поседува лажна патна исправи со таква цел, ќе се казни со затвор најмалку четири години.

(2) Тој што врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа мигранти, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(3) Ако при вршењето на делата од ставовите 1 и 2 е загрозен животот или здравјето на мигрант, или со мигрантот се постапува особено понижувачки или сурово, или се спречува тој да ги користи правата што му припаѓаат според меѓународното право, сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(4) Ако делото од ставовите 1 и 2 е сторено со малолетно лице, сторителот ќе се казни со затвор најмалку осум години.

(5) Ако делото од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член го стори службено лице во вршењето на службата, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(6) Предметите и превозните средства употребени за извршување на делото се одземаат, согласно членот 100-а од овој Законик

Анекс 5

Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти – Кривичен Законик
Член 418-в

(1) Тој што организира група, банда или друго здружение за вршење на кривични дела од членовите 418-а, 418-б , 418-г ќе се казни со затвор најмалку осум години.

(2) Тој што ќе стане припадник на група, банда или друго здружение од став 1 или на друг начин ја помага групата, бандата или здружението, ќе се казни со затвор најмалку една година.

(3) Припадник на групата од став 1 кој ќе ја открие групата пред да стори кривично дело во нејзиниот состав или за неа, ќе се ослободи од казна.

(4) Тој што повикува, поттикнува или поддржува извршување на кривичните дела од членовите 418-а, 418-б, 418-г и 418-д ќе се казни со затвор од една до десет години.

Анекс 6

Трговија со дете – Кривичен законик
Член 418-г

(1) Тој што ќе подведе дете на вршење полови дејствија или ќе овозможи вршење полови дејствија со дете или врбува, превезува, пренесува, купува, продава или нуди за продавање, прибавува, обезбедува, засолнува или прифаќа дете заради експлоатација по пат на негово користење во сексуални активности за паричен или друг надоместок или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, питачење или експлоатација заради со закон забранета активност, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или изнудување согласност како посредник да се посвои дете, недопуштено пресадување на делови од човеково тело, ќе се казни со затвор најмалку осум години.

(2) Тој што делото од став 1 ќе го стори со сила, сериозна закана, со доведување во заблуда или друга форма на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојба на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради (1)добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице, или делото е сторено спрема дете кое не наполнило 14 години, ќе се казни со затвор најмалку десет години.

(3) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и родител, посвоител, старател или друго лице кое има должност за грижа и воспитување на дете, кој од користољубие го пренесува или го овозможува надзорот над детето на трето лице заради питачење.

(4) Ако поради делото од ставот (3) на овој член настапила тешка телесна повреда или тешко нарушување на здравјето на дете или дете се оддало на питање, проституција или други облици на асоцијално однесување, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку 10 години.

Анекс 7

Незаконски влез и излез – Закон за странците
Член 10

(1) Странецот незаконски влегува во односно излегува од Република Северна Македонија, ако: (а) ја премине државната граница надвор од местото, времето или начинот определени за преминување на државната граница, (б) ја избегне граничната контрола, (в) при влез употреби фалсификувани, туѓи или невалидни патни или други документи пропишани за преминување на државната граница, како и други исправи или (г) влезе или излезе пред истекот на забраната за влез во Република Северна Македонија.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член не се однесува на странец за кого постојат основи за сомневање дека е жртва на трговија со луѓе, доколку незаконски влегол како последица на кривичното дело „Трговија со луѓе".

(3) Одредбата од ставот (1) на овој член не се однесува на странец кој побарал признавање на право на меѓународна заштита согласно со Законот за меѓународна и привремена заштита.

Анекс 8

Незаконски престој
Причини за незаконски престој – Закон за странците
Член 147

(1) Странецот незаконски престојува во Република Северна Македонија ако не ги исполнува или повеќе не ги исполнува условите за влез и престој, односно ако: (а) незаконски влезе или излезе во Република Северна Македонија, (б) престојува подолго од 90 дена во текот на 180 дена кои претходат на секој ден престој во Република Северна Македонија, а за влез не му е потребна виза, (в) не поседува валидна патна исправа или валидна виза, доколку му е потребна согласно со визниот режим на Република Северна Македонија, (г) ја искористил визата или истекла важноста на издадената виза, (д) со истекот на рокот за кој му е одобрен привремен престој во Република Северна Македонија, а странецот во определениот рок не поднесе барање за продолжување на дозволата за привремен престој, (ѓ) не ја напушти Република Северна Македонија во рокот кој му е определен, (е) влегол во Република Северна Македонија пред истек на забраната за влез, (ж) е конечно одбиен во постапката по поднесено барање за остварување право на меѓународна заштита од Република Северна Македонија, како и лицето чие право на азил е престанато, поништено или укинато согласно со Законот за меѓународна и приврe-

мена заштита и не ја напуштил територијата на Република Северна Македонија во определен рок согласно со закон и (з) странецот кој искажал намера за поднесување на барање за признавање право на азил, ако во рок од 72 часа не поднел барање за признавање на право на азил согласно со одредбите од Законот за меѓународна и привремена заштита.

(2) Одредбата од ставот (1) алинеја 1 на овој член не се однесува на странец за кого постојат основи за сомневање дека е жртва на кривично дело „Трговија со луѓе", доколку недозволеното влегување е извршено како последица на кривичното дело „Трговија со луѓе".

(3) Одредбата од ставот (1) алинеја 1 на овој член не се однесува на странец кој побарал признавање на право на меѓународна заштита согласно со Законот за меѓународна и привремена заштита

(4) **Лицето/лицата кои го остваруваат нелегалниот влез не се државјани** на државата преку чија територија транзитираат или на чија територија го остаруваат нелегалниот влез. Ова би значело дека, доколку, лицето кое остварува нелегален влез или излез од територијата на некоја држава е државјанин на таа држава, тогаш нема да постои КД КМ, туку прекршок. Истото се однесува и доколку странец самиот нелегално преминува преку д/г, освен доколку не вооружен или при преминувањето на д/г користи насилство, што е веќе елемент на битието на КД „Недозволено преминување државната граница“ од член 402 од КЗ на Република Северна Македонија[i]. Лицето кое го фасилитира / овозможува нелегалниот влез или престој да е мотивиран од лична материјална / финансиска или друга корист, односно бенефиција.

Анекс 9

Член 217 – Закон за странците

(1) Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на странецот, ако:

1) незаконски влезе во односно излезе од Република Северна Македонија (член 10 став (1));

2) престојува во Република Северна Македонија во спротивност со наведената цел и причини на престојот (членови 23 став (3), 67 став (4) и 71 став (3));

Анекс 10

Недозволено преминување на државната граница – Закон за странците
Член 402

(1)Тој што без пропишана дозвола ќе ја премине или ќе се обиде да ја премине границата на Република Северна Македонија вооружен или со употреба на насилство, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2)Тој што се занимава со недозволено префрлање други лица преку границата на Република Северна Македонија, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(3)Тој што организира група, банда или друго здружение за вршење на делата од ставовите 1 и 2, ќе се казни со затвор од една до пет години.

Анекс 11

Пример за делумно измамничко регрутирање
Сексуална работничка

На сексуална работничка во Скопје ѝ приоѓа машко лице кое ѝ нуди да работи за него во странска држава. Работата е иста - давање на сексуални услуги на клиенти, но е далеку подобро платена од сегашните 30€ од клиент. На работничката ѝ се ветува бесплатно сместување во стан со уште една девојка, обезбедена храна, клиенти кои се интелектуалци, заработка од клиент 300€ за еден час, лично обезбедување, шофер, работа во хотелски соби или приватни домови. За него бара 100€ од клиент (за сместувањето и храната).

Измамата е во делот што не се кажува, а тоа е дека: нема право да ги бира клиентите на кои би им дала сексуална услуга, не може да бира ниту колку клиенти ќе има во текот на денот, не може да бира дали ќе даде одреден вид на сексуална услуга или не, не може да користи средства за заштита од сексуално преносливи болести. И се разбира тие 300€ за еден час со клиентот ги зема машкото лице.

Згора на сè, бидејќи нема патна исправа, таа е криумчарена до странската држава. Престојува во руиниран објект со една соба заедно со пет други девојки, работи на улица на секакви временски услови, а храната за која плаќаат по 50€ на ден им ја носи лице задолжено за нивна контрола. Не го познава јазикот во земјата во која престојува нелегално, заради што не може да побара помош. Добива закани дека ќе биде пријавена во полиција и дека ќе биде казнета со казна затвор заради „дејноста“ што ја извршува нелегално и заради нелегалниот престој. Заради тоа, не смее да одбие клиент, односно не смее да дозволи клиентот да се пожали дека не е

задоволен од услугата. На секоја поплака е физички казнувана.

Анекс 12

Интернет измами
Државјани на Р. Кина - Тајван

Криминална група од Р. Кина - Тајван, давајќи им лажни ветувања за подобра работаврбувала лица државјани на Р. Кина - Тајван. ОКГ Р. Кина - Тајван најпрвин им ги одземала патните исправи под изговор за обезбедување на неопходните визи и авионски карти.

Откако пристигнале на територија на Република Северна Македонија, лицата ги сместиле во резиденцијални објекти (како на фотографиите кои им ги покажале при врбувањето). Овие објекти во меѓусебна комуникација на членовите на ОКГ се наречени „котлари“. Тука веднаш им биле одземени мобилните телефони, патните исправи не им биле вратени, им било ограничено движењето (не смееле да излезат ниту во дворот) и не им било дозволена комуникација со надворешниот свет (соседите не ни знаеле дека во куќата до нивната престојуваат 39 лица. Тие гледале само две машки лица, кои всушност биле задолжени за набавка на прехранбени производи и за одлагање на сметот, што се вршело повеќе километри подалеку од куќата во која престојувале).

Биле принудени веднаш да започнат со „работа“, односно да вршат телефонски измами. На оние што се спротивставиле им била дадена можност да се вратат дома, но под услов најнапред да ги исплатат сите трошоци поврзани со нивното патување од Кина до Република Северна Македонија. Бидејќи потекнуваат од сиромашни слоеви, се разбира дека ги немаат тие парични средства, па по основ на долг кон ОКГ, биле принудени да се согласат со сите барања на ОКГ.

Истите морале да работат со часови, остварувајќи илјадници телефонски повици кои имале за цел обезбедување на нелегални финансиски добивки за ОКГ. За извршените работни задачи регрутираните лица не добивале никаков паричен надоместок. Доколку некое од лицата не успеало навреме да ги заврши дадените задачи, врз него било применувано физичко насилство и заплашување, кое се состоело од упатување на закани по живот за нивните семејства од страна на „лице за заплашување“ во Р. Кина - Тајван, како и од лице задолжено за „чување“ на жртвите, кое постојано било присутно во куќата „котлара“.

Регрутираните лица најчесто биле млади луѓе кои биле регрутирани од страна на т.н. „СИНДИКАТИ“ (криминални организации), при што на истите не им биле предочени вистинскиот вид и обемот на работата, односно биле целосно измамени,

факт кој го дознале дури по пристигнувањето на крајната дестинација.

Анекс 13

КО „Ноќ“

Истрагата започнува со отворање на КК за ОКГ, која според почетните сознанија врши КД од член 191 од КЗ на Република Северна Македонија. Опфатени беа пет лица (1 организатор на КГ и четворица членови на ОКГ од кој еден сопственик на мотел). КК набрзо прерасна во КО при што беа идентификувани: станови (во кој се чуваа девојките - жртви), автомобили кои се користеа за превоз на жртвите од станот до локациите каде даваа сексуални услуги на клиенти), телефонските броеви (кои ги користеа организаторот и членовите на ОКГ при планирањата, договарањата и извршувањето на КД), корисници на сексуални услуги од ЖТЛ (од кои еден ПС) и пет жртви на ТЛ (две полнолетни и три малолетни од кои едната на возраст од 16 години).

Модус операнди:

Девојките беа врбувани по методот на т.н. „Lover boy“, односно членовите на ОКГ нудеа романса и интимност на девојките кои потоа преку употреба на присилба и закани беа принудувани да даваат сексуални услуги на машки лица. Истите постојано беа под контрола на членовите на ОКГ. Сите договори со „клиентите“ во однос на добивање на сексуални услуги од жртвите ги вршеше организаторот на ОКГ.

На жртвите им беше целосно ограничена слободата на движење, секоја нивна постапка беше следена од членовите на ОКГ, а беа чувани заклучени во станови кои ОКГ често ги менуваше. Често беа менувани и возилата кои ги користеа за превоз на жртвите. Паричните средства (50€ од клиент) беа давани на организаторот на ОКГ, кој на крајот од „работниот ден“ ги споделуваше со членовите на ОКГ според однапред постигнатиот меѓусебен договор.

За обезбедување на валидни докази преку ОЈО за ГОКК од истражен судија[42] беше добиена наредба за примена на ПИМ. Беа обезбедени докази за сите членови на ОКГ и за ПС и за 21 корисник на сексуални услуги, како сторители на КД ТЛ, КД ТД и КД од член 418в „Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти“ (анекс 5).

[42] Наредбата е добиена од Истражен, а не од Судија на претходна постапка, од причина што истрагата е водена во 2011 година, пред измените во ЗКП кои се направени во ноември 2010, но кои стапија на сила две години подоцна, освен дел од одредбите кои стапија на сила декември 2013 година.

Анекс 14

СЛУЧАЈ
Злоупотреба на ИКТ за извршување ТД

Две деца - девојчиња на возраст од околу 14 години, отвораат свои профили на една од социјалните платформи со цел меѓусебен натпревар за тоа која од нив за временски период од 1 месец ќе има повеќе пријатели и следбеници.

За несреќа на едно од децата, како следбеник, а потоа и како пријател се јавува "предатор" / педофил на возраст од околу 56 години. Со лажен профил се претставува како врсник на детето. За кус временски период успева да ја добие довербата на детето и започнуваат да „разменуваат" фотографии (се разбира педофилот разменува фотографии од друго дете), кои со време стануваат сè „послободни". Набрзо започнуваат уцените од педофилот, кој го открива својот вистински идентитет, дека фотографиите на кои детето е разголено ќе ги објави на интернет, дека ќе ги сподели со нејзините родители, соученици, пријатели. Од страв да не се реализираат заканите и уцените, детето се согласува на новите барања на предаторот - остваруваат интернет комуникација "во живо" каде се бара од детето да се самозадоволува пред камерата. Од овој чин педофилот изготвува видео материјал, кој го користи за негово самозадоволување, го споделува со други педофили од регионот, но и го „прикачува" на веб страници каде од секој преглед довива одреден паричен надомест. Минува време, барањата стануваат сè побизарни. Детето доаѓа до сознание дека самото нема никогаш да се спаси од ситуацијата во која се наоѓа, а од срам и страв дека предаторот ќе ги направи достапни снимените фото и видео содржини на нејзините родители или соученици, посегнува по својот живот на начин што испива голема количина на таблети за смирување.

За нејзина среќа, нејзината мајка навреме ја пронаоѓа, повикува итна помош и живото на детето е спасен. Се вклучуваат социјални работници, ПС од НЕСКМТЛ, се информираат и соодветните полициски служби во регионот, по што лицата се откриени и лишени од слобода. Со детето - жртва работи тим од стручни лица со цел рехабилитирање и ресоцијализација на детето.

Анекс 15

Случаи за вежба и потврдување на знаењето
Случај бр. 1
Околности на случајот

Во септември 2016 година, било добиено известување преку Интерпол Берлин дека

е пријавено киднапирање на лица од Сирија со курдско потекло кои биле држени во село во Република Северна Македонија. По добиеното оперативно сознание и врз основа на телефонскиот повик на пријавителот му се јавила неговата сопруга и пријавила дека со нејзините четири деца се наоѓаат заедно со поголема група мигранти од Иран, затворени во куќа и дека една група на луѓе им барале определена сума на пари за да им дозволат да продолжат по мигрантската рута со цел да стигнат во Германија. Преку оперативни сознанија се утврдила можната локација во селото во Република Северна Македонија. Откако било утврдено дека станува збор за точната локација од каде стигнал повикот и по спроведени дополнителни проверки, по добиена наредба бил извршен претрес во куќата и дополнителните простории, кои се наоѓале во дворното место на куќата. Во дополнителната просторија биле откриени лицата што биле држени во куќата (мајка со четири деца од кои две машки на возраст од 13 и 15 години и две девојчиња на возраст од 2 и 5 години и татко со две малолетни ќерки, сите од Сирија со курдско потекло, семејство од Иран во кое имало 17 возрасни лица (дел од нив со завршено високо образование), едно дете на 15 и едно дете на 4 годишна возраст, татко со 16 годишна ќерка од Сирија и родители со две деца од Авганистан). По откривање на лицата, сопственикот на куќата се дал во бегство. Ниедно лице немало документи за идентификација, па идентитетот им бил утврден по нивно кажување.

Во најблиската полициска станица оштетените посочиле дека пет лица, од кои тројца од Пакистан и двајца од Авганистан (што полицијата веќе ги издвоила во друга просторија), се всушност лицата што присилно ги држеле во куќата отприлика 4 дена и дека се тоа лицата коишто првин илегално ги пренеле преку македонско - грчката граница, ги однеле во куќата во селото и таму започнале да ги уценуваат со физичка присилба или закана за физичка присилба дека доколку не дадат пари ќе бидат убиени, а доколку дадат пари, ќе им било дозволено да продолжат по мигрантската рута. Оштетените посочиле дека некои мигранти кои биле во куќата и имале пари веднаш, откако дале пари, биле пуштани да заминат по илегалната мигрантска рута преку македонско-српската граница. Лицата барале од свои роднини да уплатат пари на име на синот на сопственикот на куќата преку Western Union. Сопругата на човекот што го алармирал Интерпол Берлин, објаснила дека додека биле во камп во Грција постојано барала лица што илегално ќе ги пренесат неа и децата до Белград и дека немале проблем сé додека не биле донесени во куќата каде што веднаш започнале заканите, при што дел од мажите биле и тепани, но ниту една жена или девојче не било сексуално злоупотребено, ниту на било каков начин вознемирувано.

1.Дали постои некое КД?
2.Дали има ТЛ? Ако „ДА“ зошто ДА, ако „НЕ“ зошто НЕ?
3.Дали има умисла за извршување на КД кај сторителите и за кое КД?

Случај бр. 2
Околности на случајот

Кривично - правниот настан се случил во 2019 година, а му претходела свадба на близок соселанец, на којашто покрај целото семејство на девојчето, бил присутен и возрасниот селанец. Тој го забележал девојчето, му се допаднало, па се распрашал и дознал кои се нејзините родители. Му пришол на таткото на девојчето и му кажал дека сака да се жени со неговата ќерка која му се допаѓа, а имал претстава дека и тој на нејзе и се допаднал. Воедно прашал дали може неговата ќерка да му да ја даде за жена и му понудил за неа да даде 10.000 евра. Оваа понуда таткото категорично ја одбил со зборовите „немам ќерка за мажење, таа е мала, има само 15 години, односно сеуште не наполнила 16 години", по што се разделиле. Но, возрасниот селанец не се откажал од намерата, стапил во контакт со братучедот на девојчето, на кого му ветил наградата од 1.600 евра доколку му овозможи да ја земе за жена неговата братучетка. Братучедот се согласил и се договориле на кој начин да го изведат дејствието на доведување на жртвата кај обвинетиот.

На денот на настанот, ја повикал неговата братучетка да се возат со мотор, што и претходно го правеле, по што почнал да се движи кон планината по шумска патека, до одредено место кое било договорена точка за средба со селанецот. Девојчето насилно била симната од моторот, по што братучедот ги земал договорените пари и иако слушнал дека неговата братучетка моли за помош, воопшто не ѝ помогнал, туку седнал на моторот и заминал. Потоа селанецот ѝ го одземал мобилниот телефон, почнал да ја влече жртвата кон шумата каде во три наврати се обидел да ја обљуби, за да на тој начин ја направи негова жена и да го скрши отпорот кај неа. Движејќи се во шумата девојчето за цело време давало отпор на нападите од селанецот, заради што на повеќе места се здобило со телесни повреди, а во исто време почнало гласно да вика барајќи помош, со надеж дека можеби некој ќе ја слушне. Откако селанецот не успеал да ја присили на сексуален однос, одлучил присилно да ја однесе во неговиот дом во планина. За таа цел повикал и такси возило. По патот, девојчето кажало дека сака флаширана вода. Селанецот се упатил кон селската продавница, па во тој момент таа излегла од такси возилото и со трчање побегнала кон куќа во која што живеат нејзини роднини. Кога се вратил селанецот и забележал дека го нема девојчето кратко изјавил „ми отидоа парите" и побарал од таксистот да го однесе дома. Селанецот веднаш заминал во неговата куќа каде што го оставил телефонот што го земал насилно од девојчето.

За тоа време девојчето успеала да стигне до куќата на нејзините роднини и оттаму се јавило на нејзиниот брат, кому му објаснила што се случило. Тој веднаш дошол со возило, заедно со неговиот чичко и ја однел најпрво во полиција, па потоа отишле на преглед кај доктор во итна медицинска помош во Здравствен дом. Докторот констатирал дека девојчето е вознемирено, во стресна состојба и констатирал дека

има гребеници по левото колено без крварење и црвенило на десната надлактица на левата рака како еден вид набиеници кои што настанале од стисок на раката. Девојчето се пожалило дека било влечена за коса, но не биле констатирани повреди на скалпот, односно главата. Докторот констатирал дека облеката не била скината, но била извалкана. Девојчето изјавило дека немало сексуален однос, поради што и не било упатено на гинеколошки преглед.

1.Дали постои некое КД?
2.Дали има ТЛ? Ако „ДА" зошто ДА, ако „НЕ" зошто НЕ?
3.Дали има умисла за извршување на КД кај сторителите и за кое КД?

Случај бр. 3
Околности на случајот

Детето-жртва на експлоатација било сместено во Домот за деца „25 Мај", од каде што во два наврати се дало во бегство. По првото бегство, таа била пронајдена во бесознание поради користење на наркотици, а по второто бегство заминува за да го најде лицето во кое била вљубена, но сретнува дете од Домот кое исто така било во бегство. Тој и предлага да заминат во друг град кај негови роднини. Тие во декември 2017 година, стигнале во домот на првообвинетата, чијашто ќерка била мажена за братот на детето-жртва. Првообвинетата веќе наредниот ден го однела детето-жртва во две кафеани каде ја присилила да има сексуални односи со гостите на кафеаната, девојчето не прифаќало и се противело, но обвинетата сеедно ја присилувала меѓу другото и да пие алкохол, да игра на маса за гостите, кои почнале да се тепаат за неа, свесно не ѝ давала да јаде и ја присилувала со повеќето од присутните да има сексуални односи во нивните возила, по што повторно била враќана во кафеаната, каде истото се случувало со нареден клиент. Наредното утро со такси обвинетата и девојчето заминале во друг град. За превозот, првообвинетата го натерала детето-жртва да има сексуален однос со таксистот. Потоа се сместиле во куќата на невенчаниот сопруг на првообвинетата, второобвинет во предметот. Таму останале 20 дена, а детето-жртва било принудено да чисти во куќата, да ги гледа како имаат сексуален однос, а воедно второобвинетиот, иако бил свесен дека девојчето се наоѓа во зависен однос, сепак ја искористил таквата состојба и насилно имал односи со неа, идентично како и неговиот внук, третообвинетиот кој доаѓал во куќата и имал сексуален однос со девојчето, иако таа не сакала и плачела. Третообвинетиот во неколку наврати во градот го носел девојчето заради сексуална експлоатација. Во една прилика побегнала, но обвинетата ја пронашла и со тепање ја вратила назад во куќата. На крајот на јануари 2018 година, обвинетата и девојчето заминале во друг град во куќата на друг сопруг на првообвинетата, каде што забележала дека детето-жртва е бремено и од таа причина одлучува спротивно на нејзината волја да ја омажи. Кога не успеала да ѝ најде сопруг, првообвинетата му дозволила на детето-жртва да замине за Скопје со цел да изврши абортус и повтор-

но да се врати. Девојчето во автобусот запознала некоја девојка на која ѝ раскажала што ѝ се случило, па таа ја советувала да отиде во невладината организација ХОПС, каде што побарала помош. Тогаш се дознало за жртвата и за целиот настан.

Детето-жртва во време на настанот имала 12 години, од ромска националност, државјанин на Република Северна Македонија. Таа била четврто родено дете и потекнувала од шестчлено семејство, кое се состоело од мајка, татко, двајца повозрасни браќа, една повозрасна сестра која била мажена и најмала сестра на 3-годишна возраст. Нејзините родители биле сместени во Дом за бездомници заедно со браќата и помалата сестра на детето-жртва. На родителите им е одземено родителското право, поради присила за вршење на кривично дело наведување на питачење на децата. Кога била на 5-годишна возраст, жртвата била сместена во згрижувачко семејство каде се чувствувала добро и го прифатила семејството, но поради заминување на семејството во странство, таа била сместена во други 4 згрижувачки семејства, каде што не успеала да се вклопи во средината и постојано бегала. Со решение од ЈУМ ЦСР била сместена во ЈУ за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение „25 Мај“ Скопје. Таа била запишана во 7-мо одделение, кое го посетувала додека била сместена во Домот за воспитно запуштени деца „25 Мај“. Во периодот на престојот во домот често бегала и не се враќала по неколку дена, одела во казино, во дискотеки и на забави каде што консумирала алкохол и дрога (најчесто марихуана). Во различни периоди се направени различни престапи кога подолго време (по неколку дена, а во два наврати подолг период од месец дена) отсуствувала од домот, самостојно патувала низ земјата, а и надвор од државата без потребни патни исправи, се криела под седиштата на возот и заминала за Солун. За одењето таму раскажувала две различни приказни, едната е дека отишла кај нејзина другарка која што била на одмор со родителите, а другата е дека патувала да го види морето и да се прошета, но бидејќи немала пари и место каде да престојува спиела на отворено, се хранела со остатоци од храна од ѓубрето и питачела за да си купи сендвич. Исто така, во периодите кога била подолго отсутна од домот престојувала во Дојран со едно лице за кое што кажувала дека била во врска и со кој што имала сексуални односи, престојувала и во Велес на различни локации кај познати и непознати лица. Понатаму, таа објаснува дека луѓето кои што ги запознавала во Скопје и од околината на Скопје, ја наведувале да користи различни видови дроги. Нејзина другарка ја убедувала да одат по селата во областа околу Скопје каде питачеле, а потоа заедно нуделе сексуални услуги на улицата зад МТВ, позната по присуство на сексуални работнички во Скопје. Парите кои што ги заработувала најчесто ги трошела на коцкање во скопските казина, но понекогаш со нив си го плаќала и патот до Велес. Повеќето од настаните ѝ се случувале во период од последната година, иако временската ориентација не е добро определена во нејзиното кажување.

Поради честите бегства од „25 Мај“, таа во декември 2017 година била згрижена во

ЈУ за згрижување на деца со воспитно-социјални проблеми нарушено поведение „Ранка Миљановиќ“, од каде избегала по два дена, а по настанот била сместена во ЦЖТЛ.

1.Кои се елементите на делото?
2.Кој од сторителите извршил какво КД?

Студија на случај 4
Анил, 27 години, од Авганистан

Анил пристигнува на граничниот премин заедно со уште десетина мажи. Сите носат валкана работна облека и градежни чизми. При поставување на прашања, сите членови на групата молчат, освен еден маж кој зборува во име на групата. Анил има испукани и отечени раце и изгледа крајно исцрпено. Во поединечен разговор, Анил изгледа колеблив, но споделува дека бил донесен во Грција пред шест месеци преку посредник од неговото село кој му ветил добра плата и сместување во Европа. По пристигнувањето, неговата патна исправа му била одземена од страна на работодавачот и бил сместен во објект преполн со други лица работници. Работел по 12 до 14 часа дневно без да добие плата. Бил често навредуван, а понекогаш и удиран кога ќе прашал за платата. Му било кажано дека ако се жали во полиција, ќе биде депортиран. Вели дека работата во Грција ја завршиле и сега патуваат накај Германија каде што пак би работел во градежен сектор. На прашањето дали некој од групата го организирал неговиот пат и кој е тој, Анил одговара: „Ќе кажам само ако ми е семејството безбедно. Тие знаат каде живеат моите“.

1.Дали Анил е претпоставена жртва на трговија со луѓе?
2.Доколку „да“, кои се индикаторите кои ви укажуваат на тоа?
3.Кои елементи на трговија со луѓе се присутни во оваа студија на случај?

Студија на случај 5
Карим, Сирија

Карим пристигнува на граничниот премин како дел од група од 12 мажи и момчиња. Повеќето се на возраст од 18 до 30 години, но Карим изгледа најмлад. Лицата од групата кажуваат дека заедно патувале од Турција, преку неколку граници, со цел да стигнат до Западна Европа. Ниту еден од нив нема документи. На прашањето колку години има, Карим одговара 18 години. Еден од мажите тврди дека е негов вујко, дека се грижи за Карим и почнува да одговара наместо него на сите останати прашања. Карим е тивок, со наведната глава и не гледа никого во очи. Кога човекот се одвојува од Карим, тој вели дека мажот е семеен пријател од неговиот град од Сирија, кој му ветил дека ќе му помогне да стигне до Германија, таму да најде работа и да му го плати патувањето. На прашањето какви лични предмети поседува, вели

дека на границата му било даден ранец за да го носи, без да знае што има внатре. По проверката, во ранецот се пронајдени 7.000 евра, 3 мобилни телефони и неколку златни ланчиња. Кога беше прашан дали се чувствува безбедно, рече: „Понекогаш да, понекогаш не, ама тоа е, морам".

1.Дали Карим е претпоставена жртва на трговија со луѓе?
2.Доколку „да", кои се индикаторите кои ви укажуваат на тоа?
3.Кои елементи на трговија со луѓе се присутни во оваа студија на случај?

Студија на случај 6
Лена, 22 години, од Украина

На граничниот премин доцна навечер пристигнуваат двајца патници, маж од Република Северна Македонија и жена од Украина, кои патуваат за Грција. Мажот приоѓа самоуверено и ги дава двата пасоши. Девојката седи на сопатничкото седиште, гледа во подот. Не зборува ништо. На прашањето од граничниот полициски службеник „Каде патувате?" одговара тивко „Во Грција", а мажот додава „На кратка прошетка и шопинг". Девојката се обидува да се насмевне, но тоа изгледа присилено. Не воспоставува контакт со очи, гледа надолу и држи мала чанта. Облеката ѝ е неприкладна за сезоната, носи високи потпетици, кратко здолниште, тенка маичка без јакна иако надвор е студено. На левата подлактница ѝ се гледаат две модринки. Кога службениците бараат да излезе од возилото и да појде со нив за да поразговараат со неа одделно, мажот веднаш реагира: „Зошто? Ќе дојдам јас, ќе преведувам, таа не зборува добро македонски, а и малку е срамежлива". На инсистирање на службените лица, таа е сепак одвоена за кратко интервју. Во просторијата одбива да зборува. Се чини исплашена. Службеничката ѝ нуди вода, таа ја држи чашата со двете раце и видливо трепери. На прашање дали се чувствува добро, само клима со глава, без да изусти збор. На прашање дали некој ја контролира, само ја спушта главата. Не негира, не потврдува. Само вели дека сака да оди со мажот и да замине за Грција. По излегување од просторијата, мажот ѝ ја става раката околу рамото и ѝ шепоти нешто на уво. Таа не реагира.

1.Дали Лена е претпоставена жртва на трговија со луѓе?
2.Доколку „да", кои се индикаторите кои ви укажуваат на тоа?
3.Кои елементи на трговија со луѓе се присутни во оваа студија на случај?

Студија на случај 7
Лејла, 14 години, од Сирија

Во утринските часови, патрола на граничната полиција пресретнува група од 7 мигранти кои пеш поминуваат во близина на јужната граница. Еден од нив е маж на околу 45 години, кој држи за рака девојче. Девојчето изгледа пристојно облечено, со

ранец на грб. При првиот контакт, мажот се претставува како чичко на девојчето Лејла, кое има 14 години. Мажот објаснува дека родителите на Лејла се живи и останале во Сирија, но поради влошената безбедносна состојба, донеле одлука таа да замине со него во Австрија, каде што живее нејзината баба, мајка на нејзиниот татко. Бидејќи немаат документи, користеле мрежа на криумчари за да стигнат до Европа, но тој вели дека има согласност од родителите за да патува со неа. Лејла е многу комуникативна и пријатна. На прашањата одговара спонтано, а одговорите ѝ се идентични со оние на мажот, и ја потврдуваат истата приказна. Ги знае имињата на роднините кај кои оди, има телефонски број на баба ѝ во Австрија. Според неа, чичко ѝ се грижел за неа во камповите каде што биле и во текот на целиот пат. Во мобилниот телефон има фотографии со чичко ѝ од кампот, како и со други членови на семејството. Има и видео повици со баба ѝ.

1.Дали Лејла е претпоставена жртва на трговија со луѓе?
2.Доколку „да“, кои се индикаторите кои ви укажуваат на тоа?
3.Кои елементи на трговија со луѓе се присутни во оваа студија на случај?

Студија на случај 8
Мустафа, 47 години, од Турција

Мустафа пристигнува на Меѓународниот аеродром Скопје со лет од Истанбул. На пасошка контрола го прикажува пасошот и валидна работна виза за шест месеци. Кога полицаецот го прашува каде точно ќе работи, Мустафа со мало познавање на англиски јазик одговара: „Во градежна фирма... мислам дека се вика „АБВ Конструкшн“, не сум сигурен, шефот ќе ме земе од аеродром“. На прашање како ја нашол работата, одговара дека еден човек во Турција му помогнал со наоѓањето работа и со документите. Иако има виза, не може да го објасни процесот преку кој ја добил. Вели дека само потпишал нешто во една канцеларија и платил околу 400 евра. Нема копија од договорот за работа, нема потврда за сместување, нема повратен билет. Не знае какви ќе му бидат работните услови, дали има слободни денови или здравствено осигурување. Во телефонот има меморирано број кој треба да го побара по пристигнувањето. Нема багаж освен мало ранче со неколку парчиња облека. Нема доволно пари, само 30 евра. На прашање за платата, вели: „Не знам точно. Мислам околу 600-700 евра“. Кога ПС го прашува што ако не му платат, Мустафа одговара: „Ќе бидам трпелив, морам да заработам и да пратам пари на семејството“. Поради несигурната ситуација, и отсуство на целосна правна документација, на Мустафа му е одбиен влезот во земјата.

1.Дали Мустафа е претпоставена жртва на трговија со луѓе?
2.Доколку да, кои се индикаторите кои ви укажуваат на тоа?
3.Кои елементи на трговија со луѓе се присутни во оваа студија на случај?
4.Дали со одбивањето на влезот на Мустафа му се повредени некои права?

Студија на случај 9
Приказната на Сергеј

Сергеј има 27 години и е од Перм, Русија. Во 2020г., тој видел оглас во локален весник за агенција за работа, која регрутира градежници за работа во Република Северна Македонија. Понудената плата била 1.200 евра месечно. Ова било многу повеќе отколку неговата месечна плата, која изнесувала 500 евра, и повеќе отколку што можел да се надева дека ќе заработи во Перм. Тој аплицирал во агенцијата, која му резервирала авионски билет, под услов да им ги врати парите кога ќе почне да работи.

Кога пристигнал во Скопје, Сергеј бил пречекан од лице од „агенцијата", кое го земало неговиот пасош. Го пренеле во Тетово и го принудиле неколку месеци да работи на градежен објект без плата. Местото било опкружено со бодликава жица. Му било страв дека локалните власти ќе го уапсат без пасош. Еден ден, Сергеј успеал да побегне и преку питачење да стигне до Албанија. Бидејќи немал пасош, албанските власти го уапсиле. Тој навел дека полицијата го тепала и му ги земала малкуте пари кои ги имал, пред да го депортираат во Русија.

Сега, откако е вратен дома, Сергеј е многу трауматизиран од ова негово искуство. Тој доживеал психолошки проблеми и не бил во состојба да работи неколку месеци. Не добил никакво советување или поддршка кои би му помогнале да го надмине таквото мачење. Истовремено, луѓето кои тргувале со него остануваат неказнети.
Задача -Проучете го случајот и анализирајте:

1. Кои се елементите кои го сочинуваат кривичното дело трговија со луѓе?
2. Што претставува повреда на човековите права?

Студија на случај 10
Силвана

Силвана (16) години, потекнува од место од источен дел на Република Северна Македонија. Таа веќе 2,5 месеци не доаѓа на училиште, а нејзиното семејство не се отповикува на поканите од училиштето. Педагогот од училиштето го пријавува случајот во ЦСР, како и сознанието кое го има дека Силвана можеби се наоѓа во угостителски објект во едно село во близина на Тетово.

Социјалниот работник сознанието го пренесува на МВР.

По извршена акциска контрола од МВР, Силвана е пронајдена.

Во прелиминарен разговор, таа кажа дека татко и договорил да работи преку негов

пријател, а непознато за неа лице ја довело со автомобил „БМВ“ во УО. Таму, била принудувана „да придружува гости“, „да пие одреден број коктели“ и да дава сексуални услуги на одредени клиенти.

Немала можност да контактира со семејството, бидејќи ѝ бил одземен телефонот. Од тогаш ѝ било забрането и да излезе од објектот. На татко ѝ му било ветено дека ќе добива 50 евра месечно.

Задача - Проучете го случајот и анализирајте:

1. Кои се елементите кои го сочинуваат кривичното дело трговија со дете?
2. Што претставува повреда на човековите / детските права?

Анекс 16

Проценка и управување со ризик

Податоци за жртвата:

Првична проценка □

Обновена проценка □
(причини за обновување на проценката, да се наведат)

Информации, анализи и претходни искуства врз основа на кои се идентификува ризикот:

Утврден ризик:

1.
2.
3.

РИЗИЦИ	1			2			3			4			5		
	ниска	средна	висока	ниска	средна	висока	ниска	средна	висока	ниска	средна	висока	ниска	средна	висока
Степен на веројатност															
Штетност на последицата															
Вкупна изложеност															

Управување со ризик (Контрола на ризиците и мерки преку кој истиот ќе се управува):

Рангирање на ризиците:

1.
2.
3.

Изготвувачи:

Датум:

Место:

Анекс 17

Формулар за идентификација на ПЖТЛ

<table>
<tr><th colspan="4">ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ЖРТВАТА</th></tr>
<tr><td>Име и презиме:</td><td rowspan="2">Прекар и лични белези:</td><td colspan="2" rowspan="2">Дата и место на раѓање:</td></tr>
<tr><td>ЕМБГ:</td></tr>
<tr><td>Име и презиме на родителите:</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td>Адреса:</td><td>Пол:
а) машки
б) женски</td><td colspan="2">Јазик на кој зборува:</td></tr>
<tr><td colspan="4">Телефонски контакти:</td></tr>
<tr><td>Место на живеење/ држава:</td><td>Државјанство:</td><td colspan="2">Националност:</td></tr>
<tr><td colspan="4">Образование:
а) без образование
б) незавршено основно
в) основно
г) незавршено средно
д) средно
ѓ) вишо/високо</td></tr>
<tr><td colspan="3">Брачна состојба:
а) неженет/немажена
б) женет/мажена
в) разделен/а
г) вонбрачназаедница
д) разведен/а
ѓ) вдовец/вдовица</td><td>Дали има деца?</td></tr>
<tr><td colspan="4">Пред колку време го напуштил/а местото на живеење?</td></tr>
<tr><td colspan="4">Причини за напуштање на местото на живеење:</td></tr>
<tr><td colspan="4">Како има воспоставено контакт со сторителот?
а) доброволно б) принудно в) преку измама
Се пополнува само за полнолетни лица</td></tr>
</table>

Кој ја регрутирал/посредувал?

а) семејство в) непознато лице д) друго _____

б) пријатели г) брачен партнер _____

НАЧИНИ НА РЕГРУТАЦИЈА

а) сила,
б) сериозна закана
в) заблуда
г) присилба
д) грабнување
ѓ) измама
е) злоупотреба на положба, состојба на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност
ж) давање или примање пари
з) Уцена
ѕ) Друго (ДА СЕ НАВЕДЕ).
_____
_____

Активности:

а) транспорт (превозни средства)_____
б) пренесување (илегален / легален)
в) прифаќање и засолнување

ВИД НА ЕКСПЛОАТАЦИЈА
а) експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија
б) принудна работа/ слугување,
в) ропство,
г) присилни бракови,
д) присилна бременост,
ѓ) незаконско посвојување,
е) питачење или експлоатација заради со закон забранета активност,
ж) недопуштено отстранување делови од човечко тело

ДА СЕ ОБЈАСНИ ЕКСПЛОАТАЦИЈАТА:

ПРВИЧЕН КОНТАКТ СО ЖРТВАТА
(со кого жртвата остварила првичен контакт)

ЈАЗИК НА КОМУНИКАЦИЈА:

КОЈ:

КАДЕ:

ДАТУМ:

	ДА	НЕ	ЗАБЕЛЕШКА
Лицето поседува патни документи или документи за идентификација			
Документите биле задржани од работодавецот/ друго лице			
Документите за идентификација биле фалсификувани и/или набавени од сторителот/непознато трето лице			
Дали има или имало финансиски средства			
Лицето имало ограничена слобода на движење			
Лицето било држено во изолација само или со други лица			
Имало лице кое го контролирало движењето на жртвата			
Има видливи повреди по телото − траги на насилство			
Дали лицето било присилувано на нешто			
Лицето го познава местото каде се наоѓа / ја познава рутата на движењето (места, градови...)			
Лицето го познава јазикот на кој му се обраќаме			
Ја знае крајната дестинација на патувањето			

Остава впечаток дека податоците кои ги дава му/и биле кажани од друго лице			
Лицето стравува дека ќе биде протерано			
НАЧИНИ НА ВЛЕЗ/ИЗЛЕЗ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (САМО ЗА СТРАНЦИ)			
Друго лице организирало патување и/или добивање виза			
Барањето на виза за влез/излез било доставено од друго лице			
Била обезбедена работна дозвола за друга дејност			
Лицето патувало со придружба при што превозот му бил платен и добило инструкции за однесување при преминот на границите			
Лицето патувало само/ без придружба			
Лицето влегло во земјата илегално			
ДОПОЛНИТЕЛНИ ПОДАТОЦИ			
Социо-економската состојба е тешка и има отсуство на перспективи во земјата-регионот на потекло			
Лицето ја напуштило земјата заради војна или политички прогон, расна или верска нетрпеливост, полова/родова дискриминација			
Семејството е зависно од приходите на лицето			
Лицето е зависник од а) алкохол б) дрога в) медикаменти			
Лицето има физичка /ментална попреченост			
СОСТОЈБА НА РАБОТА/РАБОТНИ УСЛОВИ			
На лицето му била ветена дозвола за работа, која никогаш не му/и била дадена			
Лицето има ограничена слобода на движење /комуницира под надзор			

Има работно време подолго од предвидениот законски максимум			
Работи во несоодветни услови или услови кои не кореспондираат на неговата/нејзината возраст и физички и психички развој			
Ветувањата за работа не кореспондираат со условите за работа и живот во регионот или земјата на дестинација и не смее слободно да ја напушти			
Лицето нема пристап до медицинска помош			
СОСТОЈБИ НА ЕКСПЛОАТАЦИЈА			
Период на експлоатација			
Лицето било казнувано со физичко насилство (или на друг начин − да се наведе начинот)			
Лицето често ги менувало локациите на експлоатацијата			
Начин на остварување на контрола над лицето			
НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ			
Лицето добивало паричен надомест			
Добивало дел од договорената сума			
Не добивало никаков надомест			
Не добивало надомест поради следните причини:			
Требало да исплати долгови заради патување, вадење на патна исправа, сместување и др.			
Требало да врати фиксен дневен или неделен износ за престој и храна			
Одреден дел од приходите требало да даде на трети лица			
Одземање или задршка од приходот заради непослушност			

ДАЛИ ЛИЦЕТО Е ИДЕНТИФИКУВАНО КАКО ПРЕТПОСТАВЕНА ЖРТВА?

Да ☐ Не ☐

ЗАБЕЛЕШКА:
Датум _____
Лице кое го водело интервјуто _____
Преведувач _____
Други присутни (родител/старател) -
_____ -_____

Анекс 18

Формулар за изготвување на проценка и управување со ризик 3x3

Податоци за жртвата:

Првична проценка □

Обновена проценка □
(причини за обновување на проценката)

Информации, анализи и претходни искуства врз основа на кои се идентификува ризикот:

Утврден ризик:
1. (Пример: Безбедносен ризик, кој може да биде еден или повеќе безбедносни ризици)
2.
3.
4.
5.

РИЗИЦИ	1			2			3			4			5		
	ниска	средна	висока	ниска	средна	висока	ниска	средна	висока	ниска	средна	висока	ниска	средна	висока
Степен на веројатност															
Штетност на последицата															
Вкупна изложеност															

Управување со ризик Контрола на ризиците и мерки преку кој истиот ќе се управува:
Рангирање на ризиците
Изготвувачи: Датум: Место:

Анекс 19

Пример за матрица за проценка на ризик 3 x 3



Анекс 20

Пример за матрица за проценка на ризик 5 x 5

5 x 5		Тежина на последицата				
		Незначителна 1	Мала 2	Значителна 3	Голема 4	Тешка 5
Веројатност од настанување на ризикот	Висока 5	5	10	15	20	25
	Голема 4	4	8	12	16	20
	Средна 3	3	6	9	12	15
	Ниска 2	2	4	6	8	10
	Мала 1	1	2	3	4	5

Анекс 21

Оперативен план за спроведување на истрага

<table>
<tr><th colspan="2">I ДЕЛ</th></tr>
<tr><td colspan="2"><u>ИНИЦИЈАЛНО ДОБИЕНИ ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ</u> <u>(куса анализа на сознанијата со кои се располага)</u>

(пример: ОКГ која врши КД на ТЛ /ТД преку измами со огласување на работни места)</td></tr>
<tr><td>• Потенцијално извршени КД (член од КЗ):
Член 418а - ТЛ
Член 418г -ТД
Член 273 - Перење пари и други приноси од казниво дело</td><td>• Елементи:
(се наведуваат елементите на КД)</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Место на извршување
(Пример: Скопје или Тетово или Куманово . . . .)</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Време (датум): (во периодот од ..... до .....)</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Сомнителни активности:
Оглас за вработување на млади женски лица без претходно работно искуство
Барање на лица за работа во странство (познавање на странски јазик не е потребно)
Превезување на женски лица под надзор и груб / заповедувачки однос кон нив
Неможност за слободно движење</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Извршители (потенцијални извршители / осомничени лица):
(наведување на генералии за лицата за кои постои сомнение дека се инволвирани во сторување на КД или нивни алијаси, прекари и сл.)</td></tr>
</table>

II ДЕЛ	
РАЗУЗНАВАЧКИ ПОДАТОЦИ КОИ НЕДОСТАСУВААТ (што не знаеме, кои наредби ни се потребни за прибирање на одредени информации / докази и сл.): Пример: -Идентификување на лица членови на ОКГ -Идентификување на лица помагачи и соработници -Идентификување на возила кои се користат од страна на ОКГ -Идентификување на локации каде се врши експлоатацијата -Идентификување на објекти кои ги користи ОКГ за засолнување на ЖТЛ -Идентификација на корисници на услуги -Идентификација на тел.броеви на членовите на ОКГ -Начините на плаќање (модус операнди на ОКГ) -Начин на „перење“ на парите и сл.	**КАДЕ МОЖЕ ДА СЕ НАЈДАТ ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ / КАКО МОЖЕ ДА СЕ ПОТВРДАТ ИНИЦИЈАЛНИТЕ ИНФОРМАЦИИ:** ☐ Пребарување во базите на податоци во МВР (во однос нагенералии, бр. на телефони (СКРА, ОКРА), адреси, КЕ и сл.) ☐ Пребарување во јавно достапни бази на податоци: интернет, социјални мрежи и сл. ☐ Теренски / оперативни проверки ☐ Обезбедување на снимки од наплатни рампи / ГП / бензински станици / „Safe city“ и сл. ☐ Обавување на информативни разговори ☐ Соработка со УФР или ФП ☐ Соработка со органите на прогон на други држави Друго_____ _____ _____ _____

ЗАДАЧИ (се наведуваат конкретните задолженија за секој ПС од тимот за истрага)

Активност	**Одговорен ПС** *(институција / сектор)*	**Рок** *(рокот е одреден во денови, месеци, континуирано)*	**Статус** *(во тек е реализација / реализирана активност)*
Пример: Проверка на обезбедените листинзи	**Јованче Н / МВР**	**2 ден**	**Во тек**
Обезбедување на материјал од видео надзор од	**Ариф М. / Царина**	**1 ден**	✓
Обезбедување на материјал од видео надзор од	**Марко Н. / МВР**	**1 ден**	✓
...			

III ДЕЛ			
ОДЛУКА - ДАЛИ Е ПОТРЕБНА ПРИМЕНА НА ПИМ? **ДА / НЕ** **Кои мерки** *(една или повеќе)?*			
IV ДЕЛ			
Елементи на КД	**Докази** *(физички, документација, изјави, електронски докази, ...)*	**Доказни средства** (*применети ПИМ / добиени податоци)*	**Локација на која се наоѓаат доказите (на** *територијата Р. Северна Македонија / во странство)*

Анекс 22

Член 53 – Закон за кривичната постапка
Права на жртвата

(1) Жртвата на кривично дело ги има следниве права:

1) да учествува во кривичната постапка како оштетен со приклучување кон кривичниот прогон или за остварување на имотно-правното барање за штета;

2) на посебна грижа и внимание од страна на органите и субјектите кои учествуваат во кривичната постапка и

3) на делотворна психолошка и друга стручна помош и поддршка од страна на органи, установи и организации за помош на жртви за кривични дела.

(2) Полицијата, јавниот обвинител и судот постапуваат со посебна грижа спрема жртвите на кривични дела, давајќи им поуки од ставот (1) на овој член и членовите 54 и 55 од овој закон и се грижат за нивните интереси при донесувањето на одлуки за кривично гонење против обвинетиот, односно при преземањето на дејствија во кривичната постапка во која жртвата мора лично да присуствува, за што се составува службена белешка или записник.

(3) Во согласност со посебните прописи, жртвата на кривично дело за кое е пропишана казна затвор од најмалку четири години има право на:

1) советник на товар на буџетските средства пред давањето на исказ, односно изјава или поднесување на имотно-правно барање, ако има тешки психофизички оштетувања или потешки последици од кривичното дело и

1) советник на товар на буџетските средства пред давањето на исказ, односно изјава или поднесување на имотно-правно барање, ако има тешки психофизички оштетувања или потешки последици од кривичното дело и

2) надоместок на материјална и нематеријална штета од државен фонд под услови и на начин пропишан со посебен закон, доколку надоместокот на штета не може да се обезбеди од осудениот.

Член 54 – Закон за кривичната постапка
Посебни права на ранливи категории жртви

(1) Жртвите имаат право на посебни мерки на процесна заштита при давањето исказ и испитувањето во сите фази на постапката, ако:

1) во времето на давањето на исказот се на возраст под 18 години;

2) со давањето исказ или одговор на определено прашање би се изложиле себе си или блиско лице на сериозна опасност по животот, здравјето или физичкиот интегритет (загрозени жртви) и

3) заради возраста, природата и последиците на кривичното дело, физичкиот или психичкиот инвалидитет или друга од значење здравствена состојба, општественото и културното минато, семејните околности, религиозните уверувања и етничката припадност на жртвата, однесувањето на обвинетиот, членовите на семејството или пријателите на обвинетиот кон жртвата би имало штетни последици по нивното психичко или физичко здравје или негативно ќе влијае врз квалитетот на дадениот исказ (посебно чувствителни жртви).

(2) Посебните мерки на процесна заштита ги определува судот по предлог на јавниот обвинител или на жртвата или по сопствена оцена кога е потребно да се заштитат загрозените и посебно чувствителните жртви.

(3) При одлучувањето за определување на посебните мерки за процесна заштита од ставот (2) на овој член судот мора да ја земе предвид волјата на жртвата.

(4) Судот мора да определи посебна мерка на процесна заштита во случаите од ставот (1) точка 1 на овој член, и тоа:

1) кога детето жртва има потреба од посебна грижа и заштита или

2) кога детето е жртва на трговија со луѓе, насилство или сексуална злоупотреба.

(5) Во случаите од ставот (4) на овој член судот мора да определи поединечно или заедно со друга посебна мерка на заштита, видео и тонски запис на исказот и испитувањето на детето за да се користи како доказ во постапката. Во исклучителни случаи, заради нови околности на случајот, судот може да нареди повторно испитување на детето жртва најмногу уште еднаш преку користење на технички средства за комуникација.

(6) Спроведувањето на посебните мерки на процесната заштита на децата жртви е уредено со посебен закон.

Член 55 – Закон за кривичната постапка
Посебни права на жртвите на кривични дела против
половата слобода и половиот морал, човечноста и меѓународното право

(1) Жртвата на кривични дела против половата слобода и половиот морал, човечноста и меѓународното право, покрај правата од членот 53 на овој закон ги има и следниве права:

1) пред испитувањето да разговара со бесплатен советник или со полномошник, доколку во постапката учествува како оштетен;

2) да биде испитувана од лице од ист пол во полицијата и во јавното обвинителството;

3) да не одговори на прашања што се однесуваат на личниот живот на жртвата, а не се поврзани со кривичното дело;

4) да бара испитување со помош на визуелно-тонски средства на начин определен со овој закон и

5) да бара исклучување на јавноста на главната расправа.

(2) Судот, јавното обвинителство и полицијата се должни да ја поучат жртвата за нејзините права од ставот (1) на овој член, најдоцна пред нејзиното прво испитување за што составуваат службена белешка или записник.

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија и на Советот на Европа. Нејзината содржина е единствена одговорност на авторот(ите). Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската Унија или на Советот на Европа.

Оваа публикација е произведена во соработка со Полициската академија при Министерството за Внатрешни Работи.

MKD

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

www.europa.eu

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа се состои од 46 држави членки, вклучувајќи ги сите држави членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

www.coe.int

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа